

# ИНТЕГРИРАН ЛОКАЛЕН РАЗВОЕН ПЛАН НА ОПШТИНА БЕРОВО

**за периодот 2024 – 2027 година**




**Декември, 2024**

**Интегрираниот локален развоен план е подготвен од Општина Берово во рамки на проектот „Јакнење на општинските капацитети за имплментација на проекти“ кој го имплементира Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во партнерство со Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој.**

**Овој проект е дел од Програмската рамка на УНДП, финансирана од Шведска. Во рамки на програмата исто така се спроведува и проектот „Справување со загадувањето на воздухот“.**

**Ставовите изразени во овој документ се на општината, и не секогаш ги одразуваат гледиштата на УНДП, Шведска како донатор и на другите партнери во проектот.**

# I. Воведно писмо од градоначалникот

Почитувани,

Планирањето е клучната фаза во процесот на менаџментот, а од квалитетот на планот зависи севкупниот развој на општината. Планирањето е карактеристично за секој вид преземена активност од страна на луѓето.

Со оглед на тоа што најголемиот дел од потребите на граѓаните се задоволуваат на најдобар начин на нивото на кое и се јавуваат, локалниот развој има суштинско значење за задоволување на оние директни потреби коишто се релевантни за секојдневното живеење и работење на граѓаните. Локалните власти се поспособни да се приспособат на спецификите на локалниот развој и да ги утврдуваат приоритетите на локалниот развој.

Планирањето во суштина претставува практично предвидување на можностите поаѓајќи од актуелниот капацитет на една општина и тоа, во поглед на: домувањето, комерцијалниот и целокупниот економски сектор, рекреативната зона,административниот аспект и други сегменти од комуналното дејствување.

Со средства и поддршката во целокупниот процесот од УНДП, а во партнерство со Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој, општина Берово подготвува Интегриран план за локален развој за следење на функционалноста и подигнување на развојниот капацитет на општината и подобра испорака на локалните услуги. Со интегрираните планови за развој подобро се изразуваат локалните специфики и развојните можности што се определени од различноста на релјефот, климата, географските, комуникациските и другите услови, како и разликите во образовните и квалификациските нивоа на населението.

Фокусот ќе биде ставен врз зајакнување на капацитетите на локалните власти за обезбедување ефикасна улога и планирање на развојот, создавање поволна средина за економска ревитализација и олеснување на комуникацијата меѓу општинската администрација, од една страна и комуникацијата помеѓу неа, јавните установи и пошироката јавност. Исто така, општината треба да ја промовира партиципацијата на граѓанството во процесите за донесување одлуки во општината, како гаранција за транпарентноста и одговорноста на власта.

Не може да се зборува за успешна стратегија, ако таа не предизвика промени и подобрување на животните услови на населението во општината. Целта на овој проект е да се поддржат најслабо развиените општини преку подготовка на интегрирани и инклузивни развојни планови и грантови за имплементација на по еден приоритетен проект во секоја општина. Во овој процес се инволвирани институции на локално ниво и структури на локалните власти кои работат ефикасно и имаат тесна соработка со сите заинтересирани и надлежни институции за развој на Општина Берово.

Посебна благодарност упатувам до претставниците на УНДП кои во рамки на проектот „Јакнење на општинските капацитети за имплментација на проекти“, а финансиран од финансирана од Шведска го поддржаа овој процес, како и членовите на тимот за спроведување на процесот на изработка на Интегрираниот Локален Развоен План на општина Берово за периодот 2024-2027 година.

Градоначалник
на општина Берово
Звонко Пекевски

# Содржина


**1.ВОВЕД ВО ИЛРП** ........ 5

**1.1 Профил на општина Берово** ........ 5

**1.2 Опис на институционалната рамка на општината** ........ 7

**1.3 Цел на ИЛРП на општина Берово** ........ 8

**2. МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА ИЛРП** ........ 8

**3.ВЕРТИКАЛНА И ХОРИЗОНТАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА НА ИЛРП СО ДРУГИ РАЗВОЈНИ ПОЛИТИКИ** ... 9

**4.КЛУЧНИ НАОДИ ОД СОЦИО-ЕКОНОМСКАТА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА, И SWOT АНАЛИЗА** .... 18

**4.1 Клучни наоди од социо-економската и еколошката анализа** ........ 18

**5.ИЗЈАВА ЗА ВИЗИЈА НА ОПШТИНАТА** ........ 29

**6.СТРАТЕШКИ РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ НА ОПШТИНАТА** ........ 29

**7.ИЗЈАВА ЗА РАЗВОЈНИ ПРИОРИТЕТИ** ........ 29

**8.РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ** ........ 30

**8.1. Програма за урбано планирање** ........ 36

**Потпрограма рограма за капитални расходи за уредување на градежно земјиште** ........ 38

**Потпрограма за капитални расходи за уредување на простор во рурални подрачја** ........ 40

**8.2.Програма за комунални дејности** ........ 41

**8.3.Програма за заштита на животната средина и природата** ........ 53

**8.4.Програма за локален економски развој** ........ 57

**Потпрограма за поттикнување на развојот во туризмот** ........ 63

**Програма за култура** ........ 68

**8.6. Програма за спорт и рекреација** ........ 72

**8.7. Програма за образование** ........ 76

**8.8.Програма за социјална заштита и заштита на деца** ........ 80

**8.9. Програма за еднакви можности меѓу жените и мажите** ........ 85

**3.10.Програмата за противпожарна заштита** ........ 87

8.11.Програма за Заштита и спасување ........ 89

**9.БУЏЕТ НА ИЛРП** ........ 91

**10.ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ИЛРП** ........ 101

**АНЕКС 1: СОЦИО-ЕКОНОМСКА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА** ........ 122

**1.Анализа- Демографски развој** ........ 122

**2.Анализа на пазарот на трудот** ........ 124

**3-Локална економска анализа** ........ 126

## 1.ВОВЕД ВО ИЛРП

### 1.1 Профил на општина Берово

Географска положба

Градот Берово се наоѓа во источниот дел на Република Северна Македонија и е поврзан со сообраќајниот систем на државата само со системите на патна мрежа и на меѓуградскиот сообраќај на патници.

Беровската Котлина го опфаќа најисточниот дел од Република Северна Македонија, помеѓу 41° 06” и 41° 53” географска ширина и помеѓу 23° 12” и 22° 37” географска должина. Најјужниот дел е на границата со Бугарија кај реката Лебница, на 41°06´, најсеверен дел е месноста Мехмедов Бор на 41°53´, најисточната точка е на 23°12´ географска должина, близу Ченгино Кале, а најзападна точка е на 22°37´ и се наоѓа на Лева река, во близината на месноста Караѓузлија. Општината Берово на југ се граничи со општините Ново Село, Босилово и Василево, на запад со општините Радовиш и Виница, на север со Делчево и со Пехчево, а на исток со државната граница на Бугарија.

Општината Берово е поврзана со два регионални патни правци кон внатрешноста на Република Северна Македонија, односно со:

- Р-527 Кочани-Виница-Берово-Клепало (граничен премин);

- Р-523 Делчево-Пехчево-Берово-Берово;

- Р-524 Берово-Клепало (граница Република Бугарија).

Регионалниот патен правец Р-603-Берово-Подареш-Радовиш е во фаза на проектирање.

Одржувањето на регионалните патишта е во надлежност на ЈП за државни патишта. Сите селски населби од општината се поврзани со градот Берово.

Вкупната површина на Општина Берово изнесува 595 км$^2$, а се наоѓа на 800 м просечна надморска висина. Релјефот е претежно ридско-планински, а рамнински терени има само околу речното корито на реката Брегалница. Тоа покажува дека поголемиот процент од просторот на беровската општина е под шуми и необработливи површини. Иако на надморска висина од 800 м, Берово има голема вертикална и хоризонтална динамичност, и тоа од 400 м н.в. во Безгачевска Река до 1932 м н.в. на Влаина Планина.

Малешевските Планини се централно поставени во општината, нивните котлински страни се мошне дисецирани со изворишни речни долини од реката Брегалница. Природната целина Малеш, каде што е сместен и градот Берово, лежи на апсолутна кота 800-900 м н.в.; со разграноците на Влаина Планина, Обозна и Бејаз Тепе е одвоена од Пијанец. Јужната рамка на општинската територија е планината Огражден. Највистакнати врвови се Џами Тепе со 1.801 м н.в., и Ченгино Кале со 1.748 м н.в. Највисок врв е е Кадиица, со 1.932 м н.в.

Општината има периферна положба во однос на главните комуникациски коридори по долините на Вардар, Брегалница и Берово. Најважна комуникација од регионално значење е онаа што ги поврзува Малешевско-пијанечкиот басен со Струмичката Котлина, преку којшто општината комуницира со внатрешноста на Републиката.

Оваа неповолна позиција може многу да се подобри по активирањето на преминот Клепало на македонско-бугарската граница, којшто се очекува да биде отворен во текот на следните години. Со тоа, овој регион може да стане транзитен пункт, од пасивен да се претвори во динамичен и да ги користи сите позитивни влијанија и импулси во размената, во техничкиот прогрес и во културните комуникации.

Општина Берово, која е дел од Малешевската Котлина, има умерено-континентална клима, со модификација на климата во високите планински и рамничарски делови. Локалитетот Берово има значително пониска средна годишна температура на воздухот од подрачјата на иста надморска височина во поширокиот дел на оваа котлина. На надморска височина од 800 м, средната годишна температура во Берово изнесува 8,7°C. Најстуден месец е јануари, со просечна температура од -10°C, а најтопол месец е јули, со просечна температура од 18,2°C. Просечната годишна минимална температура е 2,8°C, а просечната максимална температура е 15,3°C.

Според податоците од пописот на населението во 2002 година, имало 13.941 жители. Според последниот попис од 2021 година, податоци од Заводот за статистика на Република Северна Македонија, во пшѓтината има 10.890 жители. Со тоа може да заклучиме дека Берово спаѓа во помалите општини во Република Северна Македонија.

Бројот на домаќинства според последниот попис во Општина Берово е 4 143 со 8683 станови. Во општина Берово бројот на членови во домаќинствот во просек изнесува 2,6.

*Табела 5: Број на жители по пол и националност во општина Берово*

| Берово | населние | пол | | Националност | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ж | м | Македонци | Турци | Роми | Останати |
| 2021 | 10 890 | 5 443 | 5443 | 9925 | 60 | 339 | 566 |

*Графикон 2 : Општина : Берово | Период : Година 2021 | Вкупно : 10890*



**1.2 Опис на институционалната рамка на општината**

Според одредбите од Законот за локална самоуправа, со Општината раководи Градоначалник и Совет на општината, во чиј состав има 15 советници. Општинската администрација е раководена од страна на Градоначалникот и таа е организирана во два Сектори и тоа: 1. Сектор за правни и општи работи и јавни дејности и 2. Сектор за комунални дејности, заштита на животната средина, урбанизам и локален економски развој. Во рамките на Општина Берово работи и Територијалната противпожарна единица. Официјален јазик со кој општината и администрацијата комуницира со граѓаните и локалните институции е македонскиот јазик.

Табела за вработени во Општина Берово по пол:

| Вработени во Општина Берово по пол | Број на жени | Број на мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Вкупно вработени во општинска администрација** | 20 | 15 | 35 |
| **Раководители на сектор** | / | / | / |
| **Помошник раководител на сектор** | / | / | / |
| **Раководители на одделенија** | 3 | 3 | 6 |



### 1.3 Цел на ИЛРП на општина Берово

ИЛРП на општина Берово е производ на нововоспоставена сеопфатна и напредна стратешка развојна рамка на општината, која е цврсто поврзана со буџетскиот процес и со која се адресираат предизвици поврзани со сите области од локална надлежност.

Планот е подготвен  низ соработка и партнерства со сите чинители во општината и ги рефлектира приоритетните потреби на граѓаните. Притоа, целта на ИЛРП е да овозможи практична и спроведлива рамка за адресирање на клучните развојни предизвици поврзани со животот на граѓаните.

## 2. МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА ИЛРП

ИЛРП на општина Берово е подговен во согласност со **Методолошките насоки за подготовка на Интегрирани локални развојни планови** изработени со поддршка на проектот „Градење на општинските капацитети за имплементација на проекти – Фаза 2“, кој го имплементира Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во соработка со Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој. Проектот е дел од пошироката програмска рамка на УНДП финансирана од Шведска, која го опфаќа и проектот „Справување со загадувањето на воздухот“.

Во табелата 1, се наведени клучните методолошки чекори и периодот во кој се реализирани.

*Табела 1: методолошки чекори и периодот во кој се реализирани.*

| **Чекори** | **Период на спроведување** |
|---|---|
| Чекор 1 – Одлука на градоначалникот за почеток на процесот на планирање | Јули, 2023 |
| Чекор 2 – Формирање на тим за планирање на локалниот развој | Јули, 2023 |
| Чекор 3 – Мапирање на засегнатите страни | Јули, 2023 |
| Чекор 7 - Собирање податоци за социо-економска и анализа на животната средина | Август, 2023 |
| Чекор 8 - Социо-економска и анализа на животната средина | Септември, 2023 |
| Чекор 9 – Изработка на тематски SWOT анализи | Окомври, 2023 |
| Чекор 10 – Изработка на интегрална SWOT анализа | Октомври, 2023 |
| Чекор 11 – Подготовка на први и консолидирани нацрти на ИЛРП (визија, стратешки цели, критериуми за приоритизација, цели на програмите, приоритетни мерки на програмите, активности и проекти, буџет и план за мониторинг и евалуација) | Септември 2024 |
| Чекор 12 - Презентирање на нацртот ИЛРП на Форумот на заедницата со цел обезбедување повратни информации и коментари | Октомври-ноември 2024 |
| Чекор 13 - Подготовка на пред-финалниот нацрт на ИЛРП одобрен од градоначалникот | Ноември 2024 |
| Чекор 14 - Презентирање на пред-финалниот нацрт на ИЛРП до Советот на општината за дискусија и одобрување | Декември 2024 |
| Чекор 15 – Објавување на финалната верзија на ИЛРП | Декември 2024 |

ИЛРП на општина Берово е продукт на процес на партиципативно развојно планирање заснован на подготвеноста на општинската администрација за обезбедување на учество на засегнатите страни и градење на стратешки капацитети за интегрирано развојно планирање во општината.

### 2.1 Структура на ИЛРП

Интегрираниот локален развој план на Општина Берово ги вклучува следниве поглавја. Воведот започнува со обраќање на градоначалникот на општината, по што следуваат целите на ИЛРП, опишаната методологија и институционалната рамка на која се темели изработката на овој план.

Во третото поглавје се анализира вертикалната и хоризонталната усогласеност на планот со релевантни документи од повисок ранг, вклучувајќи меѓународни, национални, регионални и локални извори. Особено е значајно да се нагласи дека, иако усогласеноста со европските, националните и регионалните документи е клучна, исто така е важна и анализа на локалните документи, бидејќи тие содржат најважните приоритети од консултираните извори.

Четвртото поглавје ги презентира клучните наоди од спроведената социо-економска анализа и анализа на состојбите во животната средина, заедно со клучните резултати од интегрираната SWOT-анализа.

Врз основа на претходните анализи, петото поглавје ја содржи развојната визија на општина Берово, која е проследена со дефинирање на стратешки цели и развојни приоритети, формулирани врз основа на спроведените консултации и анализи со засегнатите страни.

Осмото поглавје ги опфаќа развојните програми на општината за секоја област на надлежност, согласно последниот буџетски циркулар за 2024 година. За секоја област на надлежност се наведени развојните програми, специфичните цели, мерките и активностите поврзани со секоја развојна програма, вклучувајќи проекти без значителни финансиски импликации. Овој пристап ја поврзува ИЛРП со буџетскиот процес и структурата на општинскиот буџет.

Во деветото поглавје се опишува динамиката на финансирање и изворите на финансирање за развојните програми и проекти наведени во ИЛРП.

Десетото поглавје се фокусира на спроведувањето на ИЛРП, како и на активностите за мониторинг и евалуација.

## 3.ВЕРТИКАЛНА И ХОРИЗОНТАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА НА ИЛРП СО ДРУГИ РАЗВОЈНИ ПОЛИТИКИ

При подготовката на ИЛРП на општината Берово, се водеше сметка за усогласување на овој план со постоечки политики и агенди на различни сектори на повисоките нивоа на управување. Притоа обезбедена е:

- вертикална усогласеност со документи за развој повисоко во хиерархијата – релевантни политики и стратешки планови, на национално и регионално ниво;
- хоризонтално усогласување помеѓу клучните општински секторски развојни планови и политики и
- усогласување со просторните и урбанистичките планови.

Поконкретно ИЛРП на општината Берово е вертикално усогласен со следниве клучни развојни документи:

- Националната развојна стратегија (план за 20 години);
- Стратегија за регионален развој (план за 10 години);
- Програми за развој на планските региони (план за 5 години);

Очекуваниот ефект од вертикалното усогласување е да се олесни обезбедувањето на средства од повисоките нивоа на власт, како и од европските фондови, поради конзистентоста

на ИЛРП на општина Берово со националната платформа за стратешко планирање и нејзините делови.

### 3.1 Поврзаност на ИЛРП со националните стратегии

При подготовката на ИЛРП на општина Берово особено внимание беше посветено на усогласување со целите и локализирање на апликативните мерки и активности предвидени во следните национални секторски стратегии (кои имаат валидно времетраење):

- ✓ Програма за одржлив локален развој и децентрализација 2021 - 2026 година[1];
- ✓ Акционен план за 2021 - 2023 година на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 - 2026 година[2];
- ✓ Стратегија за регионален развој на Република Северна Македонија 2021 - 2031 година[3];
- ✓ Национална стратегија за одржлив развој 2009 - 2030 година[4];
- ✓ План за спречување на создавање отпад 2022 - 2028 година[5];
- ✓ План за управување со отпад на Република Северна Македонија 2021 - 2031 година[6];
- ✓ Национална стратегија за заштита на природата[7];
- ✓ Национална стратегија за биолошка разновидност со Акционен план 2018 - 2023 година[8];
- ✓ Национален план за енергија и клима[9];
- ✓ Стратегија за развој на енергетиката на Република Северна Македонија до 2040 година[10];
- ✓ Акционен план за обновливи извори на енергија до 2025 година со визија до 2030 година[11];
- ✓ Стратегија за индустриски развој 2018 - 2027 година, со Акционен план[12];
- ✓ Стратегија за развој на женското претприемништво 2019 - 2023 година[13];
- ✓ Национална стратегија за земјоделство и рурален развој 2021 - 2027 година[14];
- ✓ Национална стратегија за МСП 2018 - 2023 година[15];
- ✓ Национална стратегија за млади 2016 - 2025 година[16];
- ✓ Стратегија за родова еднаквост 2022 - 2027 година[17];
- ✓ Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2022 - 2026 година[18];
- ✓ Стратегија за образование 2018 - 2025 година[19];
- ✓ Фискална стратегија на Република Северна Македонија 2022 - 2024 година (со перспектива до 2026 година)[20];
- ✓ Програма за реформи во управувањето со јавните финансии 2022 - 2025 година[21] и

---

[1] https://mls.gov.mk/images/files/POLRD_2021-2026_MK_so%20korekcii_Final.pdf
[2] https://mls.gov.mk/images/files/Akciski%20plan%20_mk%20(1).pdf
[3] https://mls.gov.mk/files/Strategija-Za-RRR.pdf
[4] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/Nacionalna-Strategija-za-Odrzliv-Razvoj-vo-RM-NSSD-Del-1.pdf
[5] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/%D0%9F%D0%A1%D0%97%D0%9E-2022-2028.pdf
[6] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2021/10/.pdf
[7] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12.pdf
[8] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/NATIONAL-BIODIVERSITY_MKD.pdf
[9] https://economy.gov.mk/content/Official%20NECP%20-%20MK%20version_11465878.pdf
[10] https://economy.gov.mk/mk-MK/news/strategii-2759.nspx
[11] https://economy.gov.mk/Upload/Documents/94b041280dbe4ae6870f6450e30de0a2.pdf
[12] https://economy.gov.mk/Upload/Documents/Finalna%20Industriska%20Strategija.pdf
[13] https://economy.gov.mk/Upload/Documents/2023.pdf
[14] https://www.mzsv.gov.mk/CMS/Upload/strateski%20dokumenti/ns_16_2021.pdf
[15] https://economy.gov.mk/Upload/Documents/Strategija.pdf
[16] https://ams.gov.mk/mk/page/youth-strategies
[17] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/strategija_/_2022_2027.pdf
[18] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/strategija_/2022-2026.pdf
[19] https://mon.gov.mk/page/?id=2048
[20] https://finance.gov.mk/
[21] https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2022/10 -2022-2025-MK-Struktuirana-za-Vlada-1.pdf

- ✓ Други повеќегодишни национални стратегии и планови кои се поврзани со делокругот на надлежностите на општините и се во фаза на подготовка или се планирани за ажурирање.

### 3.2 Хоризонтално поврзување

Покрај вертикалното усогласување при изработка на овој стратешки документ во предвид се земени тековните стратешки документи изготвени од страна на општината[22]:

| РБ | Локален документ | Директна усогласеност со ИПЛР во:<br><br>*(Индиректно, најголемиот дел од целите, мерките и активностите се однесуваат на сите документи)* |
|---|---|---|
| 1 | Стратегија за локален економски развој на Општина БЕРОВО, за периодот 2024-2027 | 1. Берово - водечка туристичка дестинација во Источниот регион.<br>2. Развиени МСП, семејни бизнис, производство на локални производи и одржливо управување со природните ресурси<br>3. Бизнис опкружување<br>4.Спорт и млади<br>5. Култура<br>6. Рурален развој<br>7. Комунална инфраструктура<br>8. Силна инфраструктурна мрежа за зголемување на можностите за инвестирање и одржлив развој.<br>9. Патна инфраструктура |
| 2 | СТРАТЕГИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ 2022-2025 | 1. Подобрено/воспоставено управување со средствата<br>2. Подобра покриеност со услуги кон грѓаните;<br>3. Подобрен оперативен менаџмент;<br>4. Подобрување на финансиското управување<br>5. Подобрување на организацискиот менаџмент и човечките ресурси. |
| 3 | Интегриран план за локален економски развој 2019-2022 | 1. Поволно деловно опкружување;<br>2. Зголемување и подобрување на можноста за раст на МСП;<br>3. Динамичен екосистем на претприемништво, иновации и во некои од програмите во третиот столб<br>4. Развој на земјоделството и руралните средини<br>5. Поттикнување на економскиот раст;<br>6. Развивање современа и модерна инфраструктура во планските региони; |
| 4 | Пилот регионален план за унапредување на шумите во Малешевскиот регион (Берово и | 1. Одржување и соодветно унапредување на шумите и нивниот придонес кон глобалните јаглеродни циклуси;<br>2. Одржување на шумските екосистеми, нивната виталноста и здравствена состојба; |

[22] https://berovo.gov.mk/strategiski-dokumenti-i-aktsiski-planovi/

| | | |
|---|---|---|
| | Пехчево ) со акциски план за 2020-2025 година | 3. Одржување и подобрување на продуктивноста на шумите (дрвни и недрвни шумски производи);<br>4. Одржување, конзервација и соодветно подобрување на биолошката разновидност во шумските екосистеми;<br>5. Одржување, заштита и соодветно подобрување на продуктивните функции на шумата при упавувањето со шумите (особено почва и вода); и<br>6. Одржување на останатите социо-економски функции и услови |
| 5 | Локален акционен план за Ромите 2023-2026 година | 1. Урбанизам, домување, основни услуги<br>2. Борба против дискриминација на Ромите<br>3. Образование, Здравје, Вработување и Култура |
| 6 | Акциски план за намалување на последиците од КОВИД 19 кај ромската заедница 2023-2024 | 1. Комплетирање на четврти степен формално средно образование<br>2. Спроведување на туторска настава за најслабите 30 ученици Роми кои се вклучени во 2, 3 и 4 одделение во основно образование, кои покажуваат низок образовен успех како последица од КОВИД 19<br>3. Организирање на информативни и консултативни средби со млади и возрасни невработени Роми со локални работодавачи<br>4. Обезбедување на редовни бесплатни прегледи за социјално загрозени Роми, пружање на соодветна здравствена заштита и намалување на последиците врз нивното здравје<br>5. Организирање на информативни кампањи и средби со ромската заедница за подигнување на свеста за важноста од вакцинирање<br>6. Обезбедување на приклучок до питка и квалитетна вода<br>7. Обезбедување на приклучок до фекална канализација<br>8. Обезбедување на приклучок до електрична енергија<br>9. Изготвување на стратегија и акциски план за општината за раководење со ризици и природни непогоди со цел овозможување на стратешки систем за менаџирање на евентуални слични ситуации како КОВИД 19 и ублажување на последиците кон ранливи групи на граѓани како што се Ромите |
| 7 | Стратегија за еднакви можности меѓу жените и мажите 2023-2026 | 1. Човекови права и половата рамноправност во рамки на под-областите а) политика, б) родово базирано насилство и в) економија;<br>2. Партиципација во креирање и имплементација на локални и јавни политики;<br>3. Едукација и јакнење на капацитетите за полова рамноправност и полова сензибилизација на КЕМ, локалните институции, граѓанското општество и целокупното население; |

| | | |
|---|---|---|
| | | 4. Вклучување на половата перспектива во јавните политики кои се носат на локално ниво за ублажување на ефектите од климатските промени и енергетската криза.<br>5. Здравство |
| 8 | Акциски план за родова еднаквост 2022-2025 | 1. Подобрување на политиките за еднаквост и анти-дискриминација на локално ниво<br>2. Зголемување на учеството на жените во процесите на одлучување<br>3. Подобрување на ефикасноста на механизмите за поддршка и унапредување на еднаквост<br>4. Подобрување на мулти-секторската соработка на локално ниво<br>5. Вклучување на родовата перспектива во социјалната заштита<br>6. Вклучување на родовата перспектива во образованието, вработувањето, здравството<br>, во домувањето<br>7. Вклучување на родовата перспектива во урбанизам, инфраструктура, комунални услуги, транспорт<br>8. Вклучување на родовата перспектива во туризмот, земјоделието<br>9. Вклучување на родовата перспектива во спортот, културата<br>10. Промоција на еднаквоста меѓу младите |
| 9 | Стратегија за локален економски развој на Општина Берово за периодот 2014 – 2019 год | Сите стратешки цели, мерки и активности |
| 10 | Програма за енергетска ефикасност на Општина Берово 2019 – 2021 | 1. Намалување на просечната потрошувачка на енергија (kWh/m2);<br>2. Намалување на CO2 емисиии во атмосферата;<br>3. Реконструкција на постоечките општински објекти;<br>4. Подобрување на внатрешниот комфор во основните училишта и домовите;<br>5. Навремено откривање на енергетските системи со голема потрошувачка и нивно реконструирање;<br>6. Користење обновливи извори на енергија. |
| 11 | Бизнис-план за водни услуги 2018 – 2020 (ЈПКР „Услуга“ Берово) | 1. Проширена покриеност со услуги;<br>2. Подобрен оперативен менаџмент;<br>3. Подобрено/воспоставено управување со средствата;<br>4. Подобрено читање, фактурирање и наплата;<br>5. Подобрување на финансискиот менаџмент;<br>6. Подобрување на организацискиот менаџмент и човечките ресурси. |

| | | |
|---|---|---|
| 12 | Стратегија за развој на туризмот во Општина Берово 2019 – 2029 | 1. Овозможување подобар пристап и движење на туристите низ Општина Берово;<br>2. Обнова на постоечката инфраструктура и создавање услови за нови инфраструктурни активности;<br>3. Обезбедување сместувачки и угостителски капацитети кои ќе ги привлечат туристите;<br>4. Изградба на туристичка инфраструктура;<br>5. Развој на туристичките капацитети со тежиште врз привлекувањето гости од областите на екотуризмот, зимскиот туризам, селскиот туризам и планинскиот туризам;<br>6. Развивање туристички производи кои ќе ги привлечат туристите;<br>7. Основање систем за управување со туризмот;<br>8. Берово – препознатлива туристичка дестинација;<br>9. Формирање услови за привлекување инвестиции и вложувања во моменталната бизнис-мрежа и воспоставување долгорочни економски можности преку понуда и реализација на проектни услови за инвеститори во различни економски области;<br>10. Развивање меѓусебна соработка на општините, регионите и прекугранична соработка;<br>11. Создавање услови за развој и унапредување на индивидуалното земјоделство и на руралниот развој;<br>12. Подобрување на квалитетот на сите медиуми на животната средина;<br>13. Одржлив развој на системите за заштита на животната средина;<br>14. Заштита на природното богатство;<br>15. Еднаков пристап и право на квалитетен живот, работа, домување, здравствена заштита на сите жители на Општина Берово;<br>16. Подигнување на јавната свест, толеранцијата и општествената одговорност на секој поединец, стопански субјект и институција;<br>17. Еднаков пристап и право на образование и култура на сите жители на Општина Берово;<br>18. Одржување на културното наследство, на спортот и зголемување на активностите за подобрување на животниот стандард;<br>19. Организирање и работа на проектно одделение за изработка и спроведување проекти. |
| 13 | Локален акциски план на Општина Берово во областа ВРАБОТУВАЊЕ, ДОМУВАЊЕ, ОБРАЗОВАНИЕ, | 1. Подобрен пристап за Ромите до владините програми за вработување до 2020, посебно за Ромките;<br>2. Повисок приход и одржливи вработувања за Ромите до 2020, посебно за Ромките; |

| | | |
|---|---|---|
| | ЗДРАВСТВО НА ЖЕНАТА РОМКА, за периодот 2017 – 2020 | 4. Обезбедено социјално домување за ромските семејства од социјално ранливите категории;<br>5. Подобрени услови за живеење на ромските семејства преку изработка и спроведување програми за интегрирана урбана регенерација и отстранување на штетните услови за живеење;<br>6. Обезбедено системско регистрирање во Катастар на имотот и земјата во сопственост на Ромите;<br>7. Подобрен пристап и успешно комплетирање на предучилишно образование на Ромите, особено на ромските девојчиња;<br>8. Подобрен пристап и успешно комплетирање на основното образование на Ромите, особено на ромските девојчиња;<br>9. Подобрен пристап и успешно комплетирање на средното образование на Ромите, особено на ромските девојчиња;<br>10. Зголемен пристап и успешно комплетирање на високото образование на Ромите, особено на ромските девојчиња;<br>11. Зголемен број на возрасни Роми кои го комплетирале основното и средното образование;<br>12. Намален број на ученици Роми во основните и средните специјални училишта во Р. Македонија;<br>13. Подобрен пристап за Ромите до интегрирани, квалитетни, превентивни и куративни здравствени услуги;<br>14. Намалени ризици и превенирани болести поврзани со стапката на морталитет кај Ромите, чијашто појава е покарактеристична кај ромската популација;<br>15. Спречување на дискриминацијата врз Ромите во пристапот до здравствените услуги;<br>16. Зголемен пристап на Ромките до средства и можности за нивен развој и учество во економскиот, социјалниот и културниот живот;<br>17. Намалено ниво на семејно насилство врз жените;<br>18. Намалена преваленција на бракови/заедници помеѓу и со малолетници и нивното влијание врз образованието, здравјето и родовата улога. |
| 14 | Стратегија за социјално вклучување, социјална заштита и намалување на сиромаштијата во Општина Берово 2011 – 2015 | Стратешка цел 1: Намалување на сиромаштијата во Општина Берово за 15% во период од 5 години;<br>Стратешка цел 2: Обезбедување домашни и странски инвестиции и искористување на домашни и меѓународни фондови;<br>Стратешка цел 3: Подобрување на социјалните состојби преку креирање локални партнерства.<br>Социјално вклучување<br>Стратешка цел 1: Зголемување на социјалната вклученост на ранливите групи до 10% за периодот 2011 – 2015;<br>Стратешка цел 2: Креирање и спроведување програми за социјално вклучување и отворање сервисни служби; |

| | | |
|---|---|---|
| | | Стратешка цел 3: Креирање локални партнерства за искористување домашни и меѓународни фондови.<br>Социјална заштита<br>Стратешка цел 1: Подобрување на услугите во областа на социјалната заштита преку развивање локални програми и воспоставување соодветни механизми;<br>Стратешка цел 2: Развој на капацитетите на ранливите групи преку поттикнување на вработувањето, преквалификација и доквалификација;<br>Стратешка цел 3: Изградба на нова и пренамена на постојната инфраструктура за потребите на ранливите социјални групи преку креирање локални партнерства и искористување домашни и меѓународни фондови. |
| 15 | Потстратегија за рурален развој на Општина Берово 2008 – 2013 | •Стратешка цел 1: Градот и селата да станат атрактивни културно-туристички локации за посета од страна на жителите и на посетителите;<br>•Стратешка цел 2: Развиен систем на институционална поддршка со цел да се обезбедат ефективни, одговорни и професионални бизнис-услуги на заедницата;<br>•Стратешка цел 3: Подобрување на условите за рурален развој и земјоделство со меѓународен карактер. |
| 16 | Општини Берово и Пехчево – локален акциски план за вработување 2009 – 2010 | 1. Подобрување на бизнис-климата во микрорегионот Берово и Пехчево;<br>2. Инвестиции и нови бизнис-активности;<br>3. Сузбивање на сивата економија;<br>4. Намалување на невработеноста на специфичните групи;<br>5. Усогласување на понудата со побарувачката со подигнување на образовното и стручното ниво на работната сила. |
| 17 | Регион Малеш-Пијанец – туристички акциски план<br>(Општини Берово, Пехчево и Делчево) | Цел 1: Подобрување на туристичките атракции<br>настани и активности;<br>Цел 2: Подобрување на маркетингот и промоцијата на туризмот;<br>Цел 3: Подобрување на туристичката инфраструктура;<br>Цел 4: Подобрување на туристичката гостопримливост;<br>Цел 5: Подобрување на туристичките услуги на мало. |
| 18 | Стратегија за развој на екотуризмот во Берово | 1. Зголемување на капацитетите за сместување на туристите;<br>2. Подобрување на понудата на туристичките и рекреативните услуги;<br>3. Спречување на загадувањето и уништувањето на езерото од отпадните води;<br>4. Подобрување на промоцијата на културното наследство;<br>5. Намалување на високиот процент на невработеност;<br>6. Развивање систем за управување со отпадот;<br>7. Подобрување на системот за водоснабдување (филтер-станица); |

| | | |
|---|---|---|
| | | 8. Поттик на населението за производство на здрава храна;<br>9. Домашна и меѓународна иницијатива за отворање граничен премин со Р.Бугарија;<br>10. Средување на централното градско подрачје;<br>11. Едукација на кадри за извршување туристички активности;<br>12. Недоволна промоција – информираност на национално ниво за убавините на Берово;<br>13. Потреба од постоење на туристички информативен пункт. |
| 19 | Стратегија за одржлив развој 2006 –2011 | С. 1. Модернизиран систем на урбано планирање, којшто ќе ги задоволи потребите на пософицистирана и прогресивна заедница;<br>С. 2. Подобрени јавни и приватни инфраструктурни системи и услуги, во прилог на поттикнување на економскиот развој и, воопшто, развојот на општината;<br>С. 3. Развиен систем на институционална поддршка со цел да се обезбедат ефективни, одговорни и професионални бизнис-услуги за заедницата;<br>С. 4. Берово ги развива потенцијалите за да може да учествува во меѓународните инвестициски програми и да привлекува странски директни инвестиции (СДИ);<br>С. 5. Зголемено учество на граѓаните во развивањето на аспектите на квалитетот на животот во општината и во опкружувањето;<br>С. 6. Зајакнување на архитектонското и на природното наследство на градот и на селата за да станат атрактивни локации за посета од страна на жителите и на посетителите;<br>С. 7. Здравствени услуги кои ја обезбедуваат потребната здравствена грижа на жителите на општината на поефикасен и ефективен начин;<br>С. 8. Социјална грижа и системи за заштита на заедницата што ја обезбедуваат потребната поддршка на жителите на Општина Берово на поефикасен и ефективен начин;<br>С. 9. Образовни услуги кои се поразновидни и флексибилни и кои покажуваат подобра поврзаност со економското опкружување и со можностите за вработување во општината и во поширокиот регион. |
| 20 | Локален еколошки акциски план | Акција 1: Дооформување на постојната општинска водоводна мрежа, со цел да може да ги задоволи постојните прописи за заштита на објектите од пожар, како и да обезбеди сигурно снабдување со вода на постојните и новопланираните потрошувачи;<br>Акција 2: Студија за преиспитување на типот и котата на зафатот на вода од Б. Езеро;<br>Акција 3: Изработка и реализација на проектот за заштитна зона на акомулацијата на Б. Езеро;<br>Акција 4: Реконструкција на градската водоводна мрежа; |

| | | |
|---|---|---|
| | | Акција 5: Доизградба на резервоар во состав на филтер-станицата и замена на активниот јагленот и на хлор со хлордиоксит;<br>Акција 6: Изработка на проектна документација и изведба на водоснабдувачки систем во населбата Двориште;<br>Акција 7: Приклучување на населено место Ратево и Митрашинци кон општинскиот водовод заради обезбедување чиста и здрава вода за пиење;<br>Акција 8: Трибини и ТВ и радиоемисии за квалитетот на водата за пиење, како и едукативни проекти;<br>Акција 9: Изработка на студија (ГИС) за подземен катастар;<br>Акција 10: Разгледување на можноста за дислокација на Рибникот на Клепалска Река;<br>Акција 11: Следење (мониторинг) на квалитетот на водата во населбите;<br>Акција 12: Формирање локален еколошки информативен центар. |

# 4.КЛУЧНИ НАОДИ ОД СОЦИО-ЕКОНОМСКАТА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА, И SWOT АНАЛИЗА

## 4.1 Клучни наоди од социо-економската и еколошката анализа

Со социо-економската и анализата на животната средина беа опфатени сите важни аспекти од животот и развојот на општината Берово. На тој начи е воспоставена информациска и аналитичка основа за формулирање на наредните поглавја на ИЛРП. Истовремено анализата помага и за дополнителна разработка на секундарни секторски - економски, социјални и еколошки развојни планови.

Со подготовката на оваа анализа се демонстрира пристапот на „Системско размислување“ и соодветна средина за добро креирање политики и донесување одлуки.

Социо-економската и анализата на животната средина се засновани на достапни податоци од различни извори и во различни форми. Детален и сеопфатен Извештај од социо-еконмската и анализата на животната средина е приложен како АНЕКС 1 на ИЛРП, додека во продолжение се наведени клучните наоди по области на анализа, со опис на општите карактеристики, мапирани потреби и насоки за нивно задоволување.

*Табела 2: Клучни наоди од социо-економската и анализата на животната средина*

| **ДЕМОГРАФСКА АНАЛИЗА** | |
|---|---|
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Има намалување на бројот на жители од последен попис заради иселувањето | Подобрување на економските услови, подобрена инфрастурктура, подобри здравствените услуги и социјални услуги во насока на подобрување на животот на локалнот население |
| Нема некоја голема разлика во стапката на наталитет на население за последните две година во Општината | Стимулативни демографски мерки и поттикнување на наталитетот со поддршка на млади брачни парови |

| | |
|---|---|
| Соодносот меѓу мажи и жени покажува балансиран однос во општината | Рамноправно користење на ресурсите и почитување на еднакви можности на мажи и жени |
| **АНАЛИЗА НА ПАЗАР НА ТРУДОТ** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Бројот на невработени евидентирани лица без образование и со основно образование е најголем | Преквалификации на невработените лица и одржување на квалификациони стручни обуки за дефицитарни занимања и поддршла на малди лица за основање на компании |
| Заминување на млада квалификувана сила во странство | Поддршка за старт-ап бизниси за млади, жени и поддршла на земјоделието и руралниот развој |
| Бројот на невработени лица кои чекаат вработување подилго од 5 години е најголем | Усогласеност на побарувачката на пазарот на труд со образованието, вештините и потребите на локалната заедница |
| **ЕКОНОМСКА АНАЛИЗА** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Бројот на претпријатија континуирано се намалува и од 425 претпријатија во декември 2012 година, во декември 2022 година се регистрирани 386 активни компании | Подобрување на инфраструктура во индустриските зони и стимулирање на нови инвестиции. |
| Општина Берово да се приклучи на гасоводна мрежа како за домаќинствата така и за сите индустриски капацитети. | Приклучување и изградба на гасоводна мрежа и поголемо стимулирање за приклучување кон мрежата |
| Општина Берово има градски зелени пазари на мало, но има потреба од партерно уредување на просторот и обезбедување на заштитни панели од ветар и дожд. | Да се обезбеди техничка документација и финасиски план за реализација со пристап и партерно уредување на просторото околу и до пазарот. |
| Општина Берово е на периферијата на Источниот регион и обезбедувањето на пристапните патишта и подобра инфраструктура е од особено значење | Реконструкција на регионалните патни правци и проектирање на нов регионален патен правец соседната општина Радовиш/ |
| Намалување на комуналните такси за изградба на производствени капацитети и туристички објекти | Општината да креира одлуки и политики со пониски такси и да се изготви промотивен материјал за поволностите при инвестирање кои се нудат на домашни и странски инвеститори. |
| Во Општина Берово има повеќе културни историски споменици и природни убавини кои претставуваат можност за развој на туризмот во повеќе сектори (рурален , планински, спортско-рекреативен) | Континуирано промовирање на туристичките и културно-историските места и постоење на Инфо точка – Инфо Центар во град Берово и поставување на типски бараки за продожба на сувенири, ракотворби и локална еко храна. |
| Голем број на угостителски и сместувачки капацитети | Потребно е поактивно меѓусебно вмрежување во асоцијацијата на локално ниво и поголема промоција за нивните услуги во државата и надвор. |
| **АНАЛИЗА НА КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА И ПЛАНИРАЊЕ** | |

| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
|---|---|
| Со најновите дигитализирани катастарски подлоги се појавуваат неусогласености помеѓу решенијата во ГУП-от и фактичката состојба на теренот | Донесување на нов ГУП и ДУП измени на дело од ДУП со кој ќе има усогласувањето на сообраќајните решенија на ниво на ДУП со фактичката состојба на теренот |
| Класификацијата на примарната улична мрежа е пречка за реализација на градби во изградените делови од градот каде што не постојат услови и оправданост | Планирање на нова секундарна улична мрежа за обезбедување пристап до поедини градежни парцели |
| Непостоење на планска документација за дел од населените места | Донесување на планска документација во населените места Абланица И УПС Будинарци, Митрашинци, Мачево, Смојмирово |
| Недоволна покриеност со канализациона и патна инфраструктура во дел од населени места и мал дел на водоводна, | Изградба и покриеност со водоводна, канализациона и патна инфраструктура во дел од населени места каде недостасува |
| Немање пречистителни станици и соодветна водоводна мрежа во неколку населени места | Доизградба на ПС и водоводната мрежа во населените места Ратево и Двориште, |
| Реконструкција на водоводната мрежа | Замена на азбесни цевки со ПВЦ |
| Нема целосна инфраструктура (водовод, канализациска мрежа и пристапни патишта) во индустриски зони, | Потребна е изградба на целосна инфраструктура (водовод, канализациона мрежа и пристапни патишта) во сите индустриски зони |
| Потребна е целосна инфраструктура (водовод, канализациска мрежа и пристапни патишта) во новите делови во градот | Изградба на целосна инфраструктура (водовод, канализациска мрежа и пристапни патишта) во градот |
| Голем дел од постоечката патна инфраструктура е оштетена. | Изградба на нови улици и локални патишта и реконструкција на постојните |
| Сеуште постојат дрвени столбови во енергетската мрежа во општината (градот и населените места) | Да се превземат напори за замена на дрвените столбови со нови бетонски столбови |
| Реконструкција на јавното осветлување и проширување на мрежата | Замена на светилки со енергетски ефикасни и воспоставување на смарт систем за управување со осветлувањето. |
| **АНАЛИЗА НА СОЦИЈАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Постои згрижување на децата во градинка/центар за ран детски развој во една рурална средина во општината | Има потреба од проширување на постојнит централен објект и реконструкција на објектите клоновите во установата за детско згрижување и во другите руралните средини. |
| Недостасуват здравствени установи (амбуланти) во руралните населени места | Субвенционирање за отворање и работа на здравствени установи (амбуланти) во руралните средини |
| Не постои соодветна пристапност за лица со попреченост во зградата на Општина Берово и во внатрешните простории помеќу катовите на најголениот дел од објектите (пристапни рампи и лифтови) | Изработка на техничка документација за изградба на пристапни рампи-лифтови за лица со посебни потреби за објекти во надлежност на општината (зграда на |

| | |
|---|---|
| | Општина Берово и образовните институции) |
| Голем број родители на деца со попреченост не се вработени и тоа покажува силен показател дека родители на деца со попреченост се исклучени од пазар на трудот и немаат доволно алтернативи за згрижување на своите деца. | Општината да обезбеди поголеми можности за згрижување на децата со попреченост во детските градинки и да создаде можности за целодневна настава, односно можности за згрижување на децата после училиште, за да може да се овозможат услови за поголем процент на вработеност на родителите/старателите на децата со попреченост; |
| Лоша образовна состојба меѓу лица со попреченост, низок процент на вработеност и низок процент на лица со попреченост кои бараат работа. | Општината да изнајде можности за давање стипендии за средношколци и студенти со попреченост<br>Агенцијата за вработување да развие програми за обуки, кои ќе придонесат за доквалификација и преквалификација на лицата со попреченост и да развие мерки за поттикнување на вработувањата на лицата со попреченост;<br>Државниот инспекторат за труд да има поинтензивни активности во контролата на злоупотребата на лицата со попреченост од страна на работодавачите;<br>Министерството за труд и социјална политика да развие мерки за поголема опфатеност на лицата со попреченост во јавниот сектор; |
| Ограничен број на сертифицирани негуватели за реализација на социјална услуга „Помош и нега во домот на стари и изнемоштени лица со возраст над 65 год.“ | Зголемување на бројот на сертифицирани негуватели кои се одобруваат од комисијата за сертифицирање на негователи при МТСП и зголемување на бројот на даватели на услуги |
| Во Општина Берово има 2 основни училишта, и 1 средно училиште | Постои потреба од унапредување на условите и стандардите за реализација на воспитно образовниот, како и препознавање и интегрирање на потребите на учениците, согласно пазарот на труд. Отварање на нови и атрактивни насоки за повисок технолошки развоја. |
| **АНАЛИЗА НА ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ И ОБНОВЛИВИТЕ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Снабдување со доволни количини квалитетна вода за пиење | Изградба на станици за преттретман кај индустриските субјекти кои користат вода во технолошките процеси и контрола на квалитетот на испуштена вода во реципиентот |

| | |
|---|---|
| Заштита на воздухот од загадување и подобрување на квалитетот на воздухот | Има мониторинг станица за следење на квалитетот на воздухот преку која редовно ќе се информира населението |
| Искористување на органскиот отпад, биомасата од земјоделството | Производство на компост или енергетски ресурси |
| Загадување на почвата поради диви депонии | Редовно чистење и санација на дивите депонии и главната депонија |
| Информирана јавност за проблемите од областа на животната средина и мерки за нивно надминување | Зголемена јавна свест за прашањата поврзани со животната средина |
| Поголема искористеност на обновилите извори и употреба на енергетски ефикасни материјали за подобрување на стандардот и квалитетот. | Јавните објекти да обезбедат техничка документација за примена на енергетски ефикасни мерки и искористување на обновливите извори на енергија за заштеда на средства и подобар квалитет на живот/ |
| **АНАЛИЗА НА БЕЗБЕДНОСТА И СИГУРНОСТА ВО ЗАЕДНИЦАТА** | |
| **Општи карактеристики** | **Потреби и насоки** |
| Плановите за заштита и спасување во општината направени се врз основа на Проценката на загрозеност во Општина | Последната ажурирана Проценка на загрозеност е направена во 2023 година и при подготовка на планови за заштита и спасување при загрозеност да се земат во предвид информациите/насоките од оваа Проценка и да се вклучи родовата компонента во плановите за заштита и спасување |
| Постоење на стари и дотраени возила за противпожарна заштита | Замена и обнова на возниот парк |
| Неадекватна, нестандардна и дотраена лична и колективна заштитна опрема | Одржување и обнова на лична и колективна заштитна опрема |
| Несоодветна локација на Единицата за противпожарна заштита | Изнаоѓање на нова локација на единицата за противпожарна заштита |
| Погрешна примена на дојава на пожар и други непогоди | Контрола на телефонскиот број 193, собирање на податоците и точно внесување во ситемот, предвремена координација со полиција, брза помош, ЕВН... |
| Не се реализирани потребните обуки на лицата за успешно справување со ризиците | Редовно да се спроведуваат обуки на силите за ЦЗ и да се поттикнат повеќе жени да се вклучат и во обуките и во силите на ЦЗ |

### 4.2 SWOT анализа

SWOT е кратенка на англиски јазик за: „силни страни, слаби страни, можности и закани“. Силните и слабите страни се внатрешни фактори во општината или прашања кои примарно се под контрола на локалните чинители. Во исто време, можностите и заканите се надворешни фактори, околности врз кои локалните чинители имаат мало влијание но мора да бидат свесни за нив и да имаат соодветни механизми да одговорат на нив.

SWOT анализата беше спроведена врз основа на претходно подготвената социо-економска и еколошка анализа и претставува проверка на реалноста. Клучните прашања на кои се фокусираше SWOT анализата се:

- Силни страни: Што е тоа што ние го имаме, а другите го немаат? Што правиме или што можеме да направиме подобро од другите?
- Слаби страни: Што правиме полошо од другите? Што е клучно за нас што го попречува нашиот развој?
- Можности: Кои се можностите што ги гледаме за нашата општина во регионот и државата?
- Закани: Кои тековни активности во регионот, државата и надвор од неа може да влијаат на нашиот напредок?

Како АНЕКС 2 на ИЛРП се приложени засебни SWOT анализи по области од локална надлежност, додека во табела 2, подолу, е презентирана интегрална SWOT анализа, подготвена од општинскиот тим за развојно планирање, а во која е интегрирани и клучните наоди од тематските SWOT анализи.

*Табела 3: Интегрална SWOT анализа*

| **СИЛНИ СТРАНИ** | **СЛАБОСТИ** |
|---|---|
| ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ, КУЛТУРА, СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И НВО | |
| Добар систем за примарна здравствена заштита | Застарена и недоволна медицинска опрема. |
| Ниско ниво на социјални проблеми: алкохол, дрога, малолетничка деликвенција | Непостоење на систем за грижа за стари лица. |
| Добар основен јавен образовен систем, инфраструктура, кадар. | Немање на формално и неформално образование за возрасни. |
| Активни НВОи во сферата на обуката и образованието. | Недостаток на финансии за модернизација во образованието. |
| Организирање на настани за негување на традицијата и на културното наследство. | Ограничен број на опции на младите за средно образование. |
| Интегрираност на заедниците во културниот живот. | Недостаток на просторни услови: спорт, социјални настани и култура. |
| Добри проектни постигнувања во ИПА програмата за прекугранична соработка. | Ограничено снабдување со медицински лекови. |
| Квалитетно згрижување на деца од претшколска возраст. | Несоодветни просторни услови и опрема на единицата за ПП заштита. |
| Високо ниво на лична сигурност, ниско ниво на криминал. | Негрижа за традиционалната архитектура. |

| | |
|---|---|
| Ниско ниво на социјални проблеми: алкохол, дрога, малолетничка деликвенција | Недоволна развиеност на НВО и на граѓанскиот сектор. |
| | Недоволна информираност за потенцијалните донатори, и низок капацитет за аплицирање. |
| | Несоодветни услови на градската библиотека. |
| | Недостаток на информации и на интерес за културни и за социјални настани |
| **СИЛНИ СТРАНИ** | **СЛАБОСТИ** |
| ЛОКЛАЛНА ЕКОНОМИЈА и МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА | |
| Производство на квалитетни овошни и градинариски производи | Недостаток на патна и железнзичка инфраструктура |
| Голем шумски фонд за дрвна преработка | Недостаток на квалификувана работна сила |
| Препознатливост на Општина Берово како туристичка дестинација | Одлив на образована и квалификувана работна сила |
| Традиција во земјоделството и сточарството | Високи транспортни трошоци |
| Препознатливост на прехрамбените производи од регионот како квалитетни и еколошки | Мал туристички капацитет (број на легла) |
| Добар имиџ и препознатливост на општината како еколошки чиста/незагадена околина | Небрендирани производи |
| Природни ресурси (шуми и шумски плодови) | Отсуство на претприемачки дух |
| Постоење на објект за бизнис инкубатор во Берово | Отсуство на бизнис вештини |
| Поволна клима и чист воздух (висока концентрација на кислород во воздухот) | Дислокација на дирекциите на ЕВН и Телеком |
| | Непостоење на стратегија за привлекување на СДИ |

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|
| **ТУРИЗАМ** | |
| Препознатливост на Берово како туристички регион | Недостаток на сместувачки капацитети за настани (посебно на хотелско сместување) |
| Фукционални електронски туристички портали | Недоволна медимуска покриеност на регионот на национално и интернационално ниво |
| | Негрижа за традиционалната архитектура |
| Подбрена туристички изглед и инфраструктура во општина Берово | Непостоење на туристички информативен пункт |
| Континуирана изградба на сместувачки капацитети | Слаба инфраструктура во туристичките населби |
| Традиционална Малешевска кујна | Немање на туристички водич за општина Берово |
| Гостопримливост на жителите | Немање вештини за понуда на туристички услуги |
| Афирмирани локални производи | Слаба активност на здружнијата за развој на туризмот |
| Производство на квалитетни земјоделски/прехрамбени производи | Мала понуда на туристички содржини |
| Негување на традицијата и на културното наследство преку организирање настани ( Традиционални верски собири: Илинден и Богородица) | Немање брошура-водич за сместувачки капацитети и понуда на туристички услуги |
| Саем на локални производи | Недостаток на образовани и стручни кадри |
| Иработка на традиционални ракотворби | Недоволна едуцираност на сите субјекти инволвирани во туризмот (угостители, сопственици и сл.) |
| | Слаба промоција на археолошките локалитети |
| | Недоволна категоризација на сместувачките капацитети (до 20 легла) |
| | Неорганизрање на тури за туристи |

| | |
|---|---|
| | Слаба сигнализација за туристичките капацитети (патокази) |
| | Недоволна осветленост на влезот на Берово |
| | Недоволно лоцирање и отстранување на рушевините |
| | Реконструкција и реставрација со автентична архитектура |
| | Незаинтересираност на жителите за привлекување и задржување на туристи |

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|
| **ИНФРАСТРУКТУРА** | |
| Добра покриеност со патна мрежа на градските и приградските населени места | Застарена и некомплетна урбанистичка документација |
| Инфраструктура за граничен премин Клепало | Нефункционален систем за наводнување |
| Концентрирани и добро организирани населени места, инфраструктурно поврзано со Берово (Берово+ 8 населби) | Непостоење на канализационен систем за 4 села. |
| Солидно водоснабдување од регионален водовод | Непостоење на централен систем за греење (дрвото како гориво за затоплување). |
| Целосна електрификација | Постоење на диви депонии во околните села. |
| Целосна покриеност со телекомуникациска мрежа | Непостоење на стандардна депонија и систем за управување со цврстиот отпад . |
| Покриеност на локално и на национално ниво со јавен патен превоз. | Неконтролиран развој на туристичките населби |
| Добар основен систем за одведување на отпадна вода и пречистителна станица . | Ниска искористеност на природните водни ресурси |
| | Неискористеност на сончевата енергија. |
| | Одалечност на услугите за поддршка на функционирањето на електричната и телекомуникациската инфраструктура |

| МОЖНОСТИ | ЗАКАНИ |
|---|---|
| ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ, КУЛТУРА, СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И НВО | |
| Можност за изработка на планови за ревитализација на градското јадро. | Укинување на итна медицинска помош – краткорочно. |
| Искористување на фондовите на ЕУ од страна на граѓанскиот сектор. | Укинување на здравствените пунктови во населените места. |
| Зголемување на прекуграничната соработка и меѓуопштинската соработка. | Стареење на населението - негативна стапка на прираст. |
| Формирање на граѓански културен информативен центар - функционална библиотека | Одлив на млади кадри - емиграција на младите. |
| Организирање и учествување на национални и меѓународни манифестации (културни, информативни, спортски....) | Ниска меѓусебна доверба кај локалното население. |
| Отварање на приватни специјализирани ординации (користејќи ги поволностите на локацијата и климата во општината) | Заминување на младите во други градови за оформување на средно образование |

| МОЖНОСТИ | ЗАКАНИ |
|---|---|
| ЛОКЛАЛНА ЕКОНОМИЈА и  МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА | |
| Донесување урбанистички план за стопанските зони | Неповолни услови за кредитирање |
| Подобрување на капацитетот на општината за управување со државното градежно земјиште | Опустошење на шумите (најмногу на Белиот Бор) поради болести и бесправна сеча |
| Постоење на невработен високо образован кадар | Зголемување на трошоците за енергија |
| Користење на средства од IPA фондовите | Одлив на стручен кадар |
| Користење на IPARD и национална програма за поддршка на земјоделството и руралниот развој | Незаинтересираност за студирање на дисперзираните студии во Берово |
| Градење и создавање на партнерства на Општина Берово со други општини од ЕУ , за претставување на бизнис понудата на О. Берово | Мала иницијатива на регионот за заеднички пристап при привлекувањето на инвеститори и поттикнување на соработката |

| | |
|---|---|
| Можност за отварање на граничен премин и со тоа зголемување на меѓугранична соработка | |
| Искористување на обновливи извори (Биомаса, сончева топлинска енергија, изградба на мали хидроцентрали) | |
| Искористување шумските отпади за добивање на енергија | |
| Формирање на кооперативи помеќу компаниите од земјоделскиот сектор. | |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| **ТУРИЗАМ** | |
| Добри природни ресурси (шуми, вода, еколошка средина, воздух) | Одлив на млад образуван кадар |
| Организација на рели со џипови (кое се организираше во минатото) | Слаба промоција на регионот од страна на централните органи на власта. |
| Искористување на фондовите (ЕУ фондови) за развој на туристичкиот сектор | Незаинтересираност на надлежните институции за патна инфраструктура до општината и туристичките капацитети |
| Можност за археолошки истражувања | Изумирање на занаечиството и изработката на традиционалните производи |
| Промоција на Беровоо како деситинација за конгресен и семинарски туризам | Влошување на состојбата со традиционална архитектура |
| Побрзо и полесно обезбедување на дозволи за реставрирање на културни објекти | Неотворање на граничниот премин Клепало. |
| Организирање и учествување на национални и меѓународни манифестации (културни, информативни, спортски....) | |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| **ИНФРАСТРУКТУРА** | |
| Отворање на граничен премин кон Бугарија | Слаба грижа за регионалните патишта од страна на надлежните државни институции |

| | |
|---|---|
| Искористеност на дрвната биомаса за топлинска енергија. | Немање на ингеренции врз регионалната инфраструктура |
| Искористување на фондовите на ЕУ за инфраструктурни проекти. | Загадување на водата за пиење од неконтролираниот развој на туристички населби. |
| Вклучување на општината во процесот за изградба на регионалниот систем за управување со цврст отпад | Се намалува нивото на води (исто така се намалува и нивото на врнежи) |
| Гасификација на општината | |

**5.ИЗЈАВА ЗА ВИЗИЈА НА ОПШТИНАТА**

Општина Берово - водечка туристичка дестинација во Источниот регион, привлечна за инвестиции и посакувано место за живеење со развиени: урбана и рурална инфраструктура, , земјоделство и сточарство, дрвна индустрија со алтернативни и рурални форми на туризам.

**6.СТРАТЕШКИ РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ НА ОПШТИНАТА**

Стратешките цели произлегуваат од ВИЗИЈАТА за развој на општината и се однесуваат на идентификуваните споредбени предности на општината но истовремено и на потребата од систематско – стратешко адресирање на клучните предизвици и дефицити. Стратешка цел е всушност ПОЗИТИВНАТА ПРОМЕНА која се планира да се постигне низ спроведување на Интегрираниот локален развоен план.

Стратешките цели за развој на општина Берово се дефинирани за сите поединечни области во надлежност на општините согласно со Законот за локалната самоуправа, као што следи:

1. Стратешка цел: Берово - водечка туристичка дестинација во регионот.
2. Стратешка цел: Развиени МСП, семејни бизниси, производство на локални производи и одржливо управување со природните ресурси.
3. Стратешка цел: Силна инфраструктурна мрежа за зголемување на можностите за инвестирање и одржлив развој.

**7.ИЗЈАВА ЗА РАЗВОЈНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во интегрираниот развоен план се опфатени приоритетните развојни можности во следните четири години, односно во период 2024-2027 година. Приоритетите се утврдени согласно изготвените анализи и консултациите со граѓаните на форумските сесии и граѓанските собири по урбани и месни заедници, одржани средби на граѓаните и деловните субјекти со Градоначалникот и општинската администрација.

Од приоритетно значење е поддршка на МСП и развојот на одржлив туризам, поддршка на примарното земјоделско производство и преработувачката индустрија како и развој на квалификувана работна сила и намалување на структурната невработеност. Во делот на

подобрување на условите приоритетите се за изградба на нова и подобрување на постојната инфраструктура, искористување на обновливите извори не енергија и подобрување на енергетската ефикасност, подобрување на квалитетот на јавните услуги, унапредување на социјалната инклузија и борба против сиромаштијата како и подобрување на образованието и животот на младите. Во дело на приоритети за развој се и поддршка на МСП и развојот на одржлив туризам, поддршка на развојот на примарно земјоделско производство и преработувачката индустрија, развој на квалификувана работна сила и намалување на структурната невработеност.

**8.РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ**

Со цел ИЛРП да биде блиску поврзан со буџетскиот процес во општината, направена е примарна анализа на приходите и расходите на општината по сметки, за 2022 и 2023 година и на вкупни расходи по надлежности за  2022 и 2023година.

Наодите се презентирани во трите табели подолу.

Со цел ИЛРП да биде блиску поврзан со буџетскиот процес во општината, направена е примарна анализа на приходите и расходите на општината по сметки, за 2021 и 2022 година и на вкупни расходи по надлежности за 2021 и 2022 година.

Наодите се орезентирани во трите табели подолу.

*Табела 4. Приходи на општината по сметки за 2021 и 2022 година*

| **Приходна сметка** | **2021** | **2022** | **2023** | **Раст 2022/2021** | **Раст 2022/2023** | **Структура 2021%** | **Структура 2022%** | **Структура 2023%** | **% промена на структура 2021/2022** | **% промена на структура 2022/2023** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен буџет на општините | **82456375** | **87357416** | **112493527** | **4901041** | **25136111** | **28** | **30** | **32** | **106** | **129** |
| Донации | 22488644 | 23057939 | 25519991 | 569295 | 2462052 | 8 | 8 | 7 | 103 | 111 |
| Кредити | / | / | / | / | | / | / | | / | / |
| Самофинансирачки активности | 13288855 | 13633645 | 16152108 | 344790 | 2518463 | 5 | 5 | 5 | 103 | 118 |
| Дотации | **172130549** | **166135492** | **198951783** | **-599057** | **32816291** | **59** | **57** | **56** | **97** | **120** |
| **Вкупен приход** | **290364423** | **290184492** | **353117409** | **-179931** | **62932917** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **00** | 122 |

*Табела 5. Расходи на општината по сметки за 2021 и 2022 година*

| Расходна сметка | 2021 | 2022 | 2023 | Раст 2022/2021 | Раст 2022/2023 | Структура 2021% | Структура 2022% | Структура 2023% | % промена на структура 21/22 | % промена на структура 2022/2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен буџет на општините | 82456375 | 87038882 | 93940771 | 4582507 | 6901889 | 29 | 30 | 28 | 106 | 108 |
| Донации | 18966251 | 21468067 | 25519991 | 2501816 | 4051924 | 6 | 7 | 8 | 113 | 119 |
| Кредити | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Самофинансирачки активности | 13288855 | 13557667 | 16152108 | 268812 | 2594441 | 5 | 5 | 5 | 102 | 119 |
| Дотации | 172130549 | 166135492 | 198951783 | -5995057 | 32816291 | 60 | 58 | 59 | 97 | 120 |
| **Вкупен расход** | **286842030** | **288200108** | **334564653** | **1358078** | **46364545** | **100** | **100** | **100** | **00** | 116 |

*Табела 6: Вкупни расходи на општината по надлежности во 2021 и 2022 година*

| Надлежност | 2021 | 2022 | 2023 | Раст 2022/2021 | Раст 2022/2023 | Структура 2021 % | Структура 2022 % | Структура 2023% | % промена на структура 2021/2022 | % промена на структура 2022/2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| А- Совет на општина | 7956791 | 8746913 | 9262472 | 790122 | 515559 | 2,8 | 3,03 | 2,77 | 110 | 106 |
| А1–Изборни активности | 945200 | 303238 | / | -641962 | -303238 | 0,33 | 0,11 | / | 32 | / |
| Д- Градоначалник | 8820547 | 4147481 | 5411266 | -4673066 | 1263785 | 3,1 | 1,44 | 1,62 | 47 | 130 |
| Е-Општинска администрација | 20740423 | 22638033 | 29043971 | 1897610 | 6405938 | 7,3 | 7,8 | 8,68 | 109 | 128 |
| Ф- Урбано планирање | 1805319 | 847278 | **803134** | -958041 | -44144 | 0,6 | 0,29 | 0,24 | 47 | 95 |
| Г- Локален економски развој | Основен буџет 1045045<br>Донации 1998000<br>**Вкупно:3043045** | Основен буџет 3318550<br>Донации 8471618<br>**Вкупно:11790168** | Основен буџет 1282600<br>Донации 4401513<br>**Вкупно:5684113** | 8747123 | -6106055 | 1 | 4,09 | 1,7 | 387 | 48 |
| Ј- Комунални дејности | 33674578 | 35505392 | 34457649 | 1830814 | -1047743 | 11,7 | 12,3 | 10,3 | 105 | 97 |
| К - Култура | Самофинансир.<br>К2-83764<br>Дотации<br>К1-49874<br>К2-3943495 | Самофинансир.<br>К2-83764<br>Дотации<br>К1-49874<br>К2-3943495 | Самофинансир.<br>К2-239781<br>Дотации<br>К1-30196<br>К2-4508645 | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | К3-40000<br>Основен буџет<br>К2-334006<br>К4-2063874<br><br>**Вкупно:4489419** | К3-40000<br>Основен буџет<br>К2-334006<br>К4-2063874<br><br>**Вкупно:6515013** | К3-40000<br>Основен буџет<br>К2-306883<br>К4-2807641<br><br>**Вкупно:7933146** | 2025594 | 1418133 | 1,56 | 2,3 | 2,4 | 145 | 122 |
| Л - Спорт и рекреација | 545000 | 1005000 | 1280000 | 460000 | 735000 | 0,2 | 0,35 | 0,38 | 184 | 127 |
| М – Програми за развој | Донации 4017716 | Донации 5633074 | Донации 10843875 | 1615358 | 5210801 | 1,4 | 1,95 | 3,2 | 140 | 193 |
| Н - Образование | Самофинансир. 221955<br>Дотации 129998833<br>Донации 4362327<br><br>**Вкупно:135339415** | Самофинансир. 208724<br>Дотации 124175590<br>Донации 2016338<br><br>**Вкупно:126400652** | Основен буџет 149946<br>Самофинансир. 652786<br>Дотации 146047654<br>Донации 742373<br>**Вкупно:147592759** | -8938763 | 21192107 | 47,2 | 43,86 | 44,1 | 93 | 117 |
| Р – Заштита на животна средина и природа | 17840 | 14080 | 6160 | -3760 | -7920 | 0,001 | 0,004 | 0,002 | 79 | 44 |
| Т – Унапредување на здравствена заштита | 177000 | 227986 | 171282 | 50986 | -56704 | 0,06 | 0,08 | 0,02 | 129 | 75 |
| В – Социјална заштита и заштита на деца | Основен буџет 4320911<br>Самофинансирач. 12967879 | Основен буџет 5104620<br>Самофинансирач. 13265179 | Основен буџет 5596582<br>Самофинансирач. 15259541 | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Дотации<br>31304980<br>Донации<br>7831908<br><br>**Вкупно:56425678** | Дотации<br>30626533<br>Донации<br>5347037<br><br>**Вкупно:54343369** | Дотации<br>39571288<br>Донации<br>9532230<br><br>**Вкупно:69959641** | 2082309 | 15616272 | 19,67 | 18,86 | 20,9 | 96 | 129 |
| W–Противпожарна заштита | Основен буџет<br>1884860<br>Дотации<br>6959199<br><br>**Вкупно:8844059** | Основен буџет<br>2782431<br>Дотации<br>7300000<br><br>**Вкупно:10082431** | Основен буџет<br>3361185<br>Дотации<br>8754000<br><br>**Вкупно:12115185** | 1238372 | 2032754 | 3,08 | 3,5 | 3,6 | 114 | 120 |
| Q - Заштита и спасување | / | / | / | | / | | | / | / | / |
| X – Родова еднаквост | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Вкупно | 286842030 | 288200108 | 334564653 | 1358078 | 46364545 | 100 | 100 | 100 | 100 | 116 |

Програмите кои се составен дел на ИЛРП на општината Берово се усогласени со општинскиот буџетски циркулар за 2024 година пропишан од министерот за финансии.

## 8.1. Програма за урбано планирање

Цел на програмата за урбано планирање на Општина Берово е да се создаде основа за изработка и донесување на урбанистички планови и урбанистичко-плански документации, како и основа за уредување на градежното земјиште. Активности кои се разработени низ соодветни потпрограми.

Во текот на 2025 година треба да се донесе новиот ГУП на градот Берово, со кој ќе се направи усогласување на површините со новите дигитализирани катастарски подлоги, и усогласување со намените од фактичката состојба на теренот, овозможувајќи поквалитетна и попрецизна разработка низ ДУП-овите, особено во делот на површините кај кои се врши промена на намената и новозафатените површини каде се усогласува намената на планот со потребите на граѓаните од овие реони во градот, како и на трасите на сообраќајниците каде е неопходно зголемување на капацитетот на сообраќајната мрежа и можностите за паркирање, со планирање на нова секундарна улична мрежа за обезбедување пристап до поедини градежни парцели. По однос на основните класи на намени новиот ГУП ќе биде пофлексибилен овозможувајќи поефикасно спроведување преку реализирање на ДУП-овите, без притоа да се прошири планскиот опфат.

Особено внимание ќе биде посветено на усогласување со фактичката изграденост и вклопување на легализираните објекти во плановите, и развој на комуналната инфраструктура со цел да се задоволат потребите на градот за наредната декада. Како приоритет се зема задоволување на потребите со намена за урбано заленило и јавни дејности, со нови рекреативни површини и игралишта. По однос на планираните површини за енергетика и индустрија со претходниот ГУП, се врши проширување на истиот бидејќи во претходниот истите не се застапени, и не беа планирани со површини за таа намена.

По донесувањето на новиот ГУП, ќе се помине кон планирање и изработка со усогласувањето на делови од постоечкиот ДУП, а ќе се подготват и нови ДУП-ови за преостанатата непокриена површина (повеќе од 20%) од  вкупниот опфат на ГУП на град Берово. Што се однесува до населените места во Општина Берово, 4 (четири) од нив немаат урбанистичка планска документација, туку се покриени со Општ Акт за село. Во наредниот период ќе се интензивираат активностите за подготовка на урбанистичка документација за село за овие четири села: Смојмирово, Мачево, Будинарци и Митрашинци.

Од приоритетно значење е низ соодветно и современо урбанистичко планирање да се создадат поволни услови за економски развој на општината, за нови инвестиции, кои би придонеле и за нови вработувања. Притоа најголемо внимание ќе биде посветено на создавање на поволни просторни и инфраструктурни услови за развој на селскиот, културниот и рекреативниот туризам. Истовремено, со новиот ГУП и подготовката на Детални урбанистички планови и документација ќе се зголеми отпорноста на населените места во општина Берово на климатските промени.

Со подготовката и изработката на новите урбанистички планови и урбанистичките документации, претставува можност за унапредување на сообра-ќајните решенија во населените места во насока на создавање услови за непречено пешачење и користење на велосипеди (одвоени простори за пешачење и велосипедизам и сл.) и други транспортни средства кои не предизвикуваат загадување на воздухот. Истовремено низ спроведување на активностите од оваа програма и поврзаните потпрограми ќе се врши урбана и социо-економска

регенерација на деградираните делови, засилена заштита на урбаното зеленило и рекреативните површини, како и културното наследство.

Една од приоритетните цели на урбанистичкото планирање во општината е да се унапреди квалитет на амбиентниот воздух преку мапирање на загадените зони, поинтензивно зазеленување на населените места и воспоставување зелени зони, коридори и бариери околу индустриските капацитети и фреквентните сообраќајници.

Во урбанистичките планови и документација ќе бидат целосно вклопени мерките за управување со водите и намалување на штетното дејство од водите, од плановите за управување со речен слив.

Комплетната програма за урбано планирање ќе се спроведува и низ следниве програми:

- Една програма за урбанистичко планирање;
- Една програма за капитални расходи за уредување на градежно земјиште;
- Една програма за капитални расходи за уредување на простор во рурални подрачја;
- Две програми на капитални објекти.

Во продолжение е даден наративен и табеларан опис и образложение на секоја од наведените потпрограми:

**Потрограма за урбанистичко планирање**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Урбано планирање | Ознака на буџетска/општинска програма | Ф |
| Потпрограма | Урбанистичко планирање | Ознака потпрограма | Ф10 |
| Цели на потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на потпрограма | Цел на програмата за урбано планирање на Општина Берово е да се создаде основа за изработка и донесување на урбанистички планови и урбанистичко-плански документации, како и основа за уредување и опремување на градежн-ото земјиште. Активностите се:<br>Подготовка на урбанистички планови (1.750.000,00 денари)<br>Геодетски услуги ( 350.000,00 денари)<br>Основни проекти (800.000,00 денари) | | |
| Планирани активности | Донесување нов ГУП за град Берово, со плански период од 2022 до 2032 година<br>Завршување на постапка за донесување на постоечки – ажурирани/ изменети и дополнети ДУП согласно годишната програма<br>Ажурирање/измена и дополнување на постоечки ДУП согласно годишни програми;<br>Подготовка и донесување на нови ДУП согласно годишни програми<br>Ажурирање/измена и дополнување на урбанистички планови за населени места согласно годишни програми;<br>Подготовка на урбанистички планови за населени места согласно годишни програми | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Подготовка на изработка на Урбанистички проекти вон плански опфат, со која се уредува користењето на просторот надвор од планските опфати согласно годишни програми<br>Подготовка на урбанистички планови вон населено место согласно годишни програми<br>Подготовка на урбанистички проекти за инфраструктура согласно годишни програми | | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Донесен нов ГУП<br>Дополнети и ажирирани ДУП<br>Нови ДУП во населени места | | | | |
| Ризик и претпоставки | Временски неприлики, технички проблеми | | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/1/2024 | | | | |
| Датум на завршување на проектот | 31/12/2027 | | | | |
| Вкупна вредност | 9.000.000,00 денари | | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| Индикатори | 300.000,00 денари | 2.900.000,00 денари | 2.900.000,00 денари | 2.900.000,00 Денари | |
| Статус на реализација на проектот | Согласно Годишните програми се реализираат активностите | | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Општина Берово<br>Национални фондови<br>ИПА и други фондови | | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Преку интегрирање на принципи кои ги адресираат различните потреби на жените и мажите во урбаните простори воведување на родова анализа при планирањето, со цел да се осигура дека јавните простори, патиштата, инфраструктурата и услугите се прилагодени за сите категории на населението. | | | | |

**Потпрограма рограма за капитални расходи за уредување на градежно земјиште**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Урбано планирње | Ознака на буџетска/општинска програма | ФА |

<table>
<tr><td>Развојна потпрограма</td><td>Уредување на градежно земјиште</td><td colspan="2">Ознака на развојна потпрограма</td><td colspan="2">ФА0</td></tr>
<tr><td>Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма</td><td colspan="5">Реализација на урбанистички план во општина Берово, подобрување на улична мрежа на градот и населените места, поефикасен превоз на луѓе и стока во општината, поврзување на улиците во градот со магистралните и регионалните патишта и меѓу градот и населените места со што се создаваат услови за регионален развој на општина Берово.</td></tr>
<tr><td>Планирани активности</td><td colspan="5">Изработка на основни проекти, распишување на тендер, избор на изведувач на градежни работи, надзор на реализацијата на проектите, редовни извештаи за извршените активности.</td></tr>
<tr><td>Очекувани резултати / ефекти</td><td colspan="5">Намалување на проблемите во одвивањето на сообраќајот во општина Берово, задоволни учесници во сообраќајот на приградското подрачје, намалување на ризикот на оштетување на возилата од неизградени и несанирани патишта.</td></tr>
<tr><td>Ризик и претпоставки</td><td colspan="5">Временски неприлики, технички проблеми</td></tr>
<tr><td>Датум на започнување со имплементација на проектот</td><td colspan="5">1/1/2024</td></tr>
<tr><td>Датум на завршување на проектот</td><td colspan="5">31/12/2027</td></tr>
<tr><td>Вкупна вредност</td><td colspan="5">97.100.000,00 денари</td></tr>
<tr><td></td><td>2024</td><td>2025</td><td>2026</td><td>2027</td><td>2028</td></tr>
<tr><td>Индикатори</td><td>1.100.000,00 денари</td><td>32.000.000,00 денари</td><td>32.000.000,00 денари</td><td colspan="2">32.000.000,00 денари</td></tr>
<tr><td>Статус на реализација на проектот</td><td colspan="5">Согласно Годишните програми се изготвува техничката документација и се пристапува кон уредување на градежно земјиште</td></tr>
<tr><td>Начин на реализација (самостојно или во партнерство)</td><td colspan="5">Општина Берово<br>Национални фондови<br>ИПА и други фондови</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| Родова респонсивност (краток опис) | Преку дизајнирање и имплементација на активности кои ги земаат предвид различните потреби и улоги на жените и мажите во користењето на патната мрежа и транспортот. |

**Потпрограма за капитални расходи за уредување на простор во рурални подрачја**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Урбано планирање | | Ознака на буџетска/општинска програма | | ФД |
| Развојна потпрограма | Капитални расходои за уредување на простор во рурални подрачја | | Ознака на развојна потпрограма | | ФД0 |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Осовременување на изгледот на руралните населби, тампонирање на улици и патишта и уредување на просторот со урбана опрема. | | | | |
| Планирани активности | Изработка на проект, распишување на тендер, избор на изведувач и надзор на реализацијата. | | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Намалување на разликата во квалитетот на живееење помеѓу руралните и урбаните средини. | | | | |
| Ризик и претпоставки | Временски неприлики, ненавремено отпочнување со активности | | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/1/2024 | | | | |
| Датум на завршување на проектот | 31/12/2027 | | | | |
| Вкупна вредност | 22.100.000 денари | | | | |
| Име на студија | Уредување на населени места во рурални средини | | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| Индикатори | 1.100.000 денари | 7.000.000 денари | 7.000.000 денари | 7.000.000 денари | |

| | |
|---|---|
| Статус на реализација на проектот | На годишно ниво се изготвува техничка документација и се реализра годишните програми |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Буџет на Општина Берово |
| Родова респонсивност (краток опис) | Преку интеграција на мерки кои ги адресираат различните потреби на жените и мажите, обезбедување пристапност на улиците за сите категории граѓани, со посебен акцент на жените, децата и лицата со попреченост, како и поставување на добро осветлување за зголемување на безбедноста. |

**8.2.Програма за комунални дејности**

Програмата за комунални дејности примарно цели кон:

- Изградба и покриеност со водоводна, канализациона мрежа во дел од населени места каде недостасува и обнова на постоечката мрежа во сите населени места;
- Доизградба на водоводната мрежа во населените места Владимирово, Русиново, Двориште, Митрашинци, Мачево, Смојмирово, Будинарци;
- Замена на азбесни цевки со ПВЦ цевки;
- Намалување на губитоците на вода во водоводниот систем од 70% во зимскиот период и 60% во лето на 30 – 40% во текот на годината;
- Изградба на нови улици и локални патишта и реконструкција на постојните;
- Изградба на современо и одржливо јавно осветлување;
- Изградба на целосна инфраструктура (водовод, канализациона мрежа и пристапни патишта).

Програмата за комунални дејности ќе се спроведува низ следниве потпрограми:

- Една потпрограма за изградба на системи за водоснабдување;
- Една потпрограма за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води;
- Една потпрограма за изградба и реконструкција на локални патишта, улици и мостови;
- Една потпрограма за капитални расходи за паркови и зеленило
- Една потпрограма за капитални расходи за урбана опрема
- Една потпрограма за изградба на јавно осветлување;

Преку **потпрограмата за изградба на системи за водоснабдување** ќе се врши замена на дотраените цевки за водоснабдување во општината Берово како и реконструкција на преостанатата водоводна мрежа која сеуште е со азбестни цевки во градот и населените места, а со цел да се осовремени водоснабдителниот систем.

Цел на **потпрограма за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води** е да се обезбеди целокупната инфраструктура за потребите на градот, населените места и

стопанските индустриски зони во близина на градот за чии производствени погони е неопходна вода а и понатамошно третирање на отпадните води за тие процеси како и да се оствари придонес за зачувување на животната средина од загадување со отпадни води на територијата на општина Берово.

Цел на **потпрограмата за изградба и реконструкција на локални патишта, улици и мостови** е да се спроведат активности за одржување на функционална состојба на општинските улици и патишта за безбедно одвивање на сообраќајот на подрачјето на Општина Берово. За таа цел ќе се обезбеди редовно, периодично и интервентно одржување и заштита на општинските патишта и улици. Поконкректно, во буџетот на општината Берово се предвидени средства за крпење на ударни дупки, средства за зимско одржување на улиците и локалните патишта (сол и механизација), хоризонтална и вертикална сигнализација, како и за чистење на банкини и сливници покрај локалните патишта и улици и замена на капаци и решетки на сливници. Исто така, обезбедени се средства за продолжување на улици, изградба на нови улици и патишта, и асфалтирање.

**Потпрограмата за капитални расходи за паркови и зеленило** имаа за цел да се спроведат активности за подигање на нови зелени и парковски површини, одржување на зеленилото на подрачјето на градот Берово, заштитените подрачја и спортско рекреативните центри и реконструкцијата на деградирани зелени површини во согласност со пропишаните стандарди. Одржувањето на јавните зелени површини на подрачјето на општина Берово дел по дел се врши интензивно, а дел екстензивно. Под интензивно одржување подлежат парковските зелени површини, и сите зелени површини кои по урбанистичкиот план се од јавен карактер како и други специфично одредени површини. Под екстензивно одржување подлежат дрворедите, и зелените површини околу детските игралишта. Динамиката и интензитетот на одржување на јавното градско и вонградско зеленило ќе се уреди согласно со Оперативна програма. Задолжен субјект за извршување на активностите опфатени со оваа Програма е ЈПКР „Услуга” Берово. За подигањето на ново јавно зеленило и реконструкција на деградирано јавно зеленило, општина Берово, покрај ЈПКР „Услуга“, може да вклучи и други правни лица, одбрани преку јавен повик.

Со **потпрограмата за капитални расходи за урбана опрема** се уредени видовите и локалитетите на кои е планирано да се поставува урбаната опрема. Целта на оваа потпрограма е да се остварат естетски обликувани подобрувања на јавниот простор во општината согласно со најсовремените стандарди за уредување, оплеменување, и хуманизација на просторот и заштита на животната средина. Потпрограмата истовремено го стимулира локалниот развој преку создавање на можности за вработување на невработени лица, активирање на повеќе стари занаети и различни видови на ракотворби преку изработка, изложување и продажаба на накит, уметнички предмети, предмети за различна употреба и сувенири. Урбаната опрема ќе овозможи зголемена ефикасност на услуги за граѓаните како на пример: автобуски постојки, продажба на весници, сувенири, цвекиња, храна и сл. Со потпрограмата ќе бидат опфатени следниве видови на урбана опрема: платформи за спортски, културни, туристички и забавни настани (манифестации), како и придружните објекти во функција на истите, информативни паноа (кмапи на значајни локации и објекти во градот и населените места, и.т.н ) и огласување за кутурно-уметнички, спортски и Други манифестации, монтажно-демонтажни објекти од лесна конструкција наменети за продажба на весници, билети, за брза храна, вода и безалкохолни пијалоци, сувенири, лотарија, кондиторски и слични производи, јавни суви санитарни јазли, тераси, шанкови и настрешници, самостоечки рекламни паноа, опрема за

забава на деца и детски игралишта, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци, паркиралишта за велосипеди, жардињери, граничници, тезги, монтажно–демонтажни полици (рафтови), подвижни направи (штандови, колички за продажба на разни артикли, фрижидери за продажба на сладолед, камп-приколки, печки и направи за печење на разни плодови (костени, бадеми, лешници, пуканки, крофни и слично),направи за чистење на чевли и слични направи, подвижни огради кои се поставуваат на отворен простор пред угостителските, занаетчиските и други дуќани, шатори во кои се обавува угостителска дејност, луна паркови, забавни игри, автомобили (картинг), лотариски наградни игри, столови и маси за потребите на угостителството и сл., подвижни направи (елементи) за потребите на градилиште, автобуски постојки и друга опрема.

Цел на **потпрограмата за изградба на јавно осветлување** е да се спроведат активности за изградба, доградба и одржување на јавното осветлување на подрачјето на општина Берово или поконкретно, да се врши изградба на нови линии со поставување на електрични столбови (бандери), нови улични светилки во градот и населените места од подрачјето на Општина Берово (арматури), поставување на светлосни канделабри, како и редовна замена на прегорени и скршени сијалици, замена на оштетени светлосни арматури, замена на заштитни стакла и замена на сите останати елементи на сијаличното место (пригушници, фасонки и др.) Приорет на оваа потпрограма е навремено да се отклонуваат дефекти на улично осветлување и истото да се проширува. Набавката на елементи за уличното осветлување ќе се реализира преку тендерски постапки. Преку оваа потпрограма ќе се финасира и новогодишното украсување и осветлување.

Во продолжение е даден табеларан опис и образложение на секоја од наведените потпрограми:

**Потпрограма за изградба на системи за водоснабдување**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Одведување и прочистување на отпадни води | Ознака на буџетска/општинска програма | Ј2 |
| Развојна потпрограма | Програма за штетно дејство на водите | Ознака на развојна потпрограма | Ј20 |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Заштита од штетно дејство на водите на подрачјето на Општина Берово, | | |
| Планирани активности | Чистење на одводни канали порои 600.000 денари<br>Опис на активноста<br>Програма за заштита од штетно дејство на водите на подрачјето на Општина Берово, е изработена врз основа на увидените состојби на речните корита, каналите за одведување на атмосверските води од урбаните подрачја, пороите и другите водотеци , кои при пообемни врнежи можат да предизвикаат поплави. Со Програмата предвидуваат превентивни мерки, изградба на заштитни објекти и постројки и изведување на работи за заштита од штетно дејство на водите. | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | - Реконструкција на уреден отворен канал за атмосверска вода на ул. „23-ти Август“ во Берово, Општина Берово- 3.574.760, 00<br>- Регулација на дел од корито на отворен канал/дол во н.м Будинарци, Општина Берово- 5.451.722,00 | | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Заштита од штетно дејство на водите | | | | |
| Ризик и претпоставки | Непредвидени технички проблеми во текот на реализацијата. | | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/1/2025 | | | | |
| Датум на завршување на проектот | 31/12/2027 | | | | |
| Вкупна вредност | 16.026.482,00 денари | | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| Индикатори | 9.026.482,00 денари | 2.000.000,00 денари | 2.000.000,0 0 денари | 3.000.000,00 денари | |
| Статус на реализација на проектот | На самиот почеток во тек се активностите за годишно ниво за 2024 година за проекти од јавен повик преку МЛС од Владата | | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Самостојно од сопствен буџет на Општина Берово и повисоки нивоа на власт | | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Еднаква застапеност на жени и мажи во сите активности од проектот. Нема поделба на мажи и жени | | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Изградба на систем за водоснабдување | Ознака на буџетска/општинска програма | **ЈГ** |
| Развојна потпрограма | Водовод во Општина Берово | Ознака на развојна потпрограма | **ЈГ0** |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Замена на дотраените цевки за водоснабдување во општина Берово како и реконструкција на преостанатата водоводна мрежа која сеуште е со азбестни цевки во градот. Со тоа ќе добиеме целосно современи водоснабдителни системи и ќе одговориме на реакциите на граѓаните како и проблемите кои ги имаат досега. | | |
| Планирани активности | Изготвување на техничка документација за предвидените инфраструктурни објекти, распишување тендер, избор на изведувач, изградба на водоводна мрежа и надзор на реализација<br><br>.Општината има готови пректи за водоводни линии и тоа: | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | -**Основен проект за реконструкција на водоснабдителна мрежа во с. Владимирово – 5.000.000,00**<br>- **Основен проект за пречистителна станица за вода за пиење во с.Дворипте, - 15.729.800,00 ден**<br>-**Изградба на зафат и цефковод за снабдување со вода за пиење на с.Дворипте -** 17.419.799,12 ден. | | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Подобрување на условите за живеење во населените места, обезбедување на здрава вода за пиење и реализација на урбанистички планови за населените места во градот во делот на водоводната мрежа. | | | | |
| Ризик и претпоставки | Реализацијата е во зависност од јавното комунално претпријатие при приклучување на постоечката водоводна мрежа. | | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/1/2024 | | | | |
| Датум на завршување на проектот | 12/31/2027 | | | | |
| Вкупна вредност | 43.249.599,00 денари | | | | |
| Име на студија | Водовод во општина Берово | | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| Индикатори | 5.100.000,00 денари | 12.716.533,00 денари | 12.716.533,00 денари | 12.716.533,00 денари | |
| Статус на реализација на проектот | Се изготвува техничка документација согласно потребите на општината и граѓаните и се реализира. | | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Буџет на Општина Берово<br>Национални фондови<br>ИПА и други фондови | | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Бенефит имаат подеднакво сите граѓани на Општина Берово, жени и мажи. Согласно статистиките, бидејќи жените поминуваат минимум три пати повеќе време во домашни активности (готвење, перење, чистење..) со донесувањето на чиста вода до домовите, ќе се намали притисокот врз жените во однос на домашните обврски. Од друга страна, кога има дете заболено дома, жените се најчесто тие што земаат боледување. Бидејќи нови цевки за вода значи помалку бактериски инфекции што се пренесуваат преку неисправни цевки, тоа значи и подобро здравје на целокупното население но и помало оптеретување за жените како негователки на болни лица во домот и помалку изостаноци од работа. | | | | |

**Потпрограма за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води | Ознака на буџетска/општинска програма | ЈИ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Развојна потпрограма | Нови канализации во општина Берово | Ознака на развојна потпрограма | | ЈИ0 | |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Обезбедување на целокупната инфраструктура за потребите на градот, населените места и стопанските индустриски зони во близина на градот за чии производствени погони е неопходна вода а и понатамошно третирање на отпадните води за тие процеси. Зачувување на животната средина од загадување со отпадни води во општина Берово. | | | | |
| Планирани активности | Изготвување на техничка документација, распишување на тендер, избор на изведувач, изградба и надзор на реализација<br>Општината има готови проекти за системи за одведување и пречистување на отпадни води и тоа:<br>- **Основен проект Фекална канализација со пречистителна станица во село Двориште – 47.982.131,51**<br>**- Основен проект пречистителна станица за отпадни води н.м. Митрашинци - 12.086.763,00**<br>**- Основен проект Изградба на канализациона мрежа во н.м. Митрашинци - 11.928.144,00**<br>**- Основен проект за пречистителна станица за отпадни води за н.м. Будинарци - 24.331.550,00**<br>**-Изградба на канализациона мрежа во село Русиново 6 краци – 7.176.197,8**<br>**-Основен проект за пречистителна станица за отпадни води н.м. Мачево – 6.653.634,00** | | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Обезбедување на услови за непречено одвивање на стопанската активност на индустриските објекти, поквалитетно обавување на техничкиот процес во производствените капацитети и зголемување на вработеноста во индустриската зона. Исто така и подобрување на условите и регулација на атмосверските води, зголемување на безбедност, заштита на имотите и животот на граѓаните. | | | | |
| Ризик и претпоставки | | | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/1/2024 | | | | |
| Датум на завршување на проектот | 31/12/2027 | | | | |
| Вкупна вредност | 104.551.939,00 денари | | | | |
| Име на студија | Нови канализации во градот и индустриските зони. | | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | |
| Индикатори | 6.420.000,00 денари | 30.000.000,00 денари | 37.000.000,00 денари | 31.131.939,00 денари | |
| Статус на реализација на проектот | Во тек се активностите за годишно ниво за 2024 година за проекти од јавен повик преку МЛС од Владата | | | | |

| | |
|---|---|
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Општина Берово |
| Родова респонсивност (краток опис) | Бенефит имаат подеднакво сите граѓани на Општина Берово, жени и мажи. Согласно статистиките, бидејќи жените поминуваат минимум три пати повеќе време во домашни активности (готвење, перење, чистење..) со донесувањето на чиста вода до домовите, ќе се намали притисокот врз жените во однос на домашните обврски. Од друга страна, кога има дете заболено дома, жените се најчесто тие што земаат боледување. Бидејќи нови цевки за вода значи помалку бактериски инфекции што се пренесуваат преку неисправни цевки, тоа значи и подобро здравје на целокупното население но и помало оптеретување за жените како негователки на болни лица во домот и помалку изостаноци од работа. |

**Потпрограма за изградба и реконструкција на локални патишта, улици и мостови**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Изградба и реконструкција на локални патишта улици и мостови | Ознака на буџетска/општинска програма | ЈД |
| Развојна потпрограма | Изградба и реконструкција на локални патишта улици | Ознака на развојна потпрограма | ЈДО |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Поефикасен транспорт на луѓе и стоки во населените места, квалитетно сообраќајно решение за поврзување со градот, создавање на услови за побрз економски развој. | | |
| Планирани активности | Изработка на проект, распишување на тендер, избор на изведувач, надзор на реализацијата<br>Општината има готови проекти за изградба и реконструкција на локални патишта и улици и тоа:<br>- **Основен проект за изградба на улици во село Мачево 2 улици – 4.872.927,00**<br>**- Основен проект за реконструкција на улици во село Русиново – улица 5 – 935.841,00**<br>**- Основен проект за реконструкција на улици во град Берово – 6.494.578,00**<br>**- Основен проект за изградба на улица „20“ во населба Ширината – фаза 3 – 1.198.113**<br>**- Основен проект за изградба на пристапен пат од „Абланица“ до Рамна Река - 45.568.419,62**<br>**- Основен проект за развој на спортско рекреативен и езерски туризам за изградба на пешачко-велосипедска патека околу Беровско Езеро- 3.457.905** | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **- Основен Проект за реконструкција на дел од улица „Дамјан Груев“ во с. Владимирово-503.033,00**<br>**- Реконструкција на улица Гоце Делчев во с.Ратево-1.382.303,00**<br>**- Основен проект за изградба на Потпорен ѕид на ул.„Маршал Тито“ Берово-930.957**<br>**- Реконструкција на дел од ул.„Димитар Влахов“ с.Русиново-1.245.937,00**<br>**- Основен проект за изградба на мост во с.Ратево-13.135.448**<br>**- Реконструкција на улица „Индустриска 3“-6.574.573.00**<br>**- Реконструкција на улица “Енгелсова” во Берово - 3.352.521,00**<br>**- Реконструкција со партерно уредување на просторот околу ГРАДСКИ ПАЗАР во Берово - 2.501.425,00**<br>**- Изградба на тротоар на ул. “Дамјан Груев” – од спој со ул. “Маршал Тито” до влез на градски гробишта, Општина Берово-2.888.870,00**<br>**- Изградба на паркинг простор на улица “Партизанска” во Берово-2.290.593,00**<br>**- Реконструкција на крак 3 од ул. “Козара” во Берово, - 1.326.863,00** | | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Побрз економски развој, посовремен изглед на населените места. Да се приближи квалитетот на животот во руралните средини со тој во градските средини. | | | | |
| Ризик и претпоставки | Ненавремено отпочнување на активностите, временски непогоди при реализацијата. | | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/1/2024 | | | | |
| Датум на завршување на проектот | 31/12/2027 | | | | |
| Вкупна вредност | 136.065.839,00 денари | | | | |
| Име на студија | Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| Индикатори | 31.065.839,00 денари | 35.000.000,00 денари | 35.000.000,00 денари | 35.000.000,00 денари | |
| Статус на реализација на проектот | Во тек се активностите за годишно ниво за 2024 година за проекти од јавен повик преку МЛС од Владата | | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Општина Берово | | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Преку интеграција на мерки кои ги земаат предвид различните потреби на жените и мажите во користењето на инфраструктурата, обезбедување добро осветлување на улиците за зголемена безбедност, особено за жените кои често се движат пеш и изградба на пристапни тротоари и пешачки зони кои ќе ги задоволат потребите на семејствата со мали деца и лицата со попречености. | | | | |

**Потпрограма за капитални расходи за паркови и јавно зеленило**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Капитални расходи за паркови и зеленило | | Ознака на буџетска/општинска програма | J7 | |
| Развојна потпрограма | Нови зелени површини | | Ознака на развојна потпрограма | J70 | |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Разубавување на градот со нови зелени површини, паркови, дрвореди и намалување на загадувањето на животната средина | | | | |
| Планирани активности | Реализација на Општинска годишна Програмата за јавно зеленило од страна на ЈПКР,, Услуга ,, Берово | | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Здрава и чиста средина за живеење. | | | | |
| Ризик и претпоставки | Ненавремено отпочнување со активностите, непогодни временски услови при реализацијата на програмата. | | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/1/2024 | | | | |
| Датум на завршување на проектот | 31/12/2027 | | | | |
| Вкупна вредност | 14.810.000,00 денари | | | | |
| Име на студија | Нови зелени површини | | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| Индикатори | 1.160.000,00 денари | 4.550.000,00 денари | 4.550.000,00 денари | 4.550.000,00 денари | |
| Статус на реализација на проектот | Во тек се активностите за годишно ниво за 2024 година за проекти од јавен повик преку МЛС од Владата | | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Општина Берово | | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Преку мерки кои ги земаат предвид различните потреби на жените и мажите во урбаните простори, паркови со содржини кои ги поддржуваат семејните активности, како што се игралишта за деца, безбедни зони за одмор и пристапни пешачки патеки како и осветлување на зелените површини | | | | |

**Потпрограма за капитални расходи за урбана опрема**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Капитални расходи за урбана опрема | Ознака на буџетска/општинска програма | JH | | |
| Развојна потпрограма | Урбана опрема | Ознака на развојна потпрограма | JH0 | | |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Изведба и дополнување на веќе поставената со нова современа урбана опрема во градот и населените места како дел од модернизацијата на општината со што ќе постигнеме уште подобра слика за општината како и практично поедноставување на животот на граѓаните.<br>Воведување на интегриран систем за управување со отпад со зголемување на бројот на различни видови на контејнери за примарна селекција на посебните текови на отпад. Примарната селекција на отпадот би се спроведувала во повеќе фракции и тоа: комунален отпад, ПЕТ отпад, стаклена амбала. електронски отпад, отпад од пакување. Поставување на смарт клупи во градот и на туристички локации.<br>Поставување на табли, занаци, корпи за отпадоци, летниковци, места за скара во туристичките населби и на атрактивни локации на уредени планианрски пешачки и велосипедски патеки. | | | | |
| Планирани активности | Преку заедничкиот меѓу-регионален систем за интегрирано управување со отпад во кој е вклучена и Општина Берово ќе се обезбеди примарна селекција во три фракции за секое домаќинство. Изградба на претоварна станица за прием и првична селекција со компактирање и предавање до меѓурегионалната депонија во Свети Николе. Воспоставување на собирни центри за посебни текови на отпад како што се: кабаст отпад, градинарски отпад, акумулатори и батерии, гуми и други дополнителни фракции. | | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Здрава чиста средина, со пропратни содржини, кои ќе бидат во функција на граѓаните. | | | | |
| Ризик и претпоставки | | | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/1/2024 | | | | |
| Датум на завршување на проектот | 31/12/2027 | | | | |
| Вкупна вредност | 10.550.000,00 денари | | | | |
| Име на студија | Урбана опрема | | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| Индикатори | 550.000,00 денари | 3.500.000,00 денари | 3.000.000,00 денари | 3.500.000,00 денари | |
| Статус на реализација на проектот | Во тек се активностите за годишно ниво за 2024 година за проекти од јавен повик преку МЛС од Владата | | | | |
| Начин на реализација | Општина Берово | | | | |

| | |
|---|---|
| (самостојно или во партнерство) | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Подпрограмата се однесува подеднакво за сите мажи и жени |

**Потпрограма за изградба на јавно осветлување**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Изградба на јавно осветлување | Ознака на буџетска/општинска програма | JA |
| Развојна потпрограма | Јавно осветлување во општина Берово | Ознака на развојна потпрограма | JA0 |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Тековно и редовно одржување на постојната мрежа за улично осветлување во градот и сите населени места и туристичките населби во Општината.<br>Со редовното одржување на јавното осветлување е опфатено:<br><br>- Набавка и вградување на нови светлосни тела<br>- Замена на прегорени и скршени сијалици<br>- Замена на оштетени светлосни арматури<br>- Замена на заштитни стакла<br>- Замена на сите останати елементи на сијаличното место ( пригушници, фасонки и др.)<br>- Замена на сите останати елементи на трафостаниците (осигурувачи, контактори, ормари и др.)<br>- Набавка и уградување на надземен и подземен кабел и слично за проширување на мрежата<br>- Набавка и потставување на дрвени, бетонски и метални столбови за проширување на мрежата.<br><br>Замена на целокупната улична мрежа со лед осветлување.<br>Постојано проширување на мрежата за јавно осветлувања на места каде е потребна преку поставување на нови столбови, кабли и лед светилки. | | |
| Планирани активности | Изработка на проекти, распишување на тендери, избор на изведувач и надзор на реализацијата на проширување на постојаната мрежа.<br>- Во моментов готов проект кој е планиран е<br>1. Изградба на улично осветлување во туристичка населба Беровско Езеро-Втора и Трета фаза 8.500.000,00 денари<br>- Други предвидено зафати за проширување и обновување и одржување на мрежата за јавно осветлување во општина Берово се:<br>1. Изградба на улично осветлување на влезот во Берово од Ш.С. „Малешево“ до бензинска станица на „Мак-Петрол“ со предвидена сума од 1.000.000,00 денари<br>2. За тековно одржување на мрежата во планираниот период се предвидуваат 7.500.000,00 денари | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Очекувани резултати / ефекти | Олеснета мобилност во сообраќај, движење на пешаците, велосипедисти и други во ноќни услови зголемување на безбедноста и сигурноста на гостите и туристите и со поставување на штедливи светилки намалување на потрошувачката на електрична енергија и емисиите на стакленички гасови. | | | | |
| Ризик и претпоставки | Ненавремено отпочнување на активностите, непогодни временски услови при реализацијата. | | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/1/2024 | | | | |
| Датум на завршување на проектот | 31/12/2027 | | | | |
| Вкупна вредност | 14.200.000,00 денари | | | | |
| Име на студија | Јавно осветлување во општина Берово | | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | |
| Индикатори | 3.200.000,00 денари | 3.500.000,00 денари | 3.500.000,00 денари | 4.000.000,00 денари | |
| Статус на реализација на проектот | Во тек се активности за 2024 година, се планира програма со буџет за 2025 година. | | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Буџет на Општина Берово, национални и Европски фондови и програми. | | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Со иденфикација на критичнии зони каде недостигот на осветлување претставува безбедносен ризик, преку консултации со заедницата, вклучувајќи жени и маргинализирани групи. | | | | |

Покрај опишаните потпрограми, во буџетот на општината Берово, согласно со утврдените потреби ќе бидат алоцирани средства за одржување на јавна чистота и спречување на штетното дејство на водите.

Задолжен субјект за извршување на активностите за јавна чистота согласно подготвена годишна програма е ЈПКР "Услуга" Берово. Оваа програма ги содржи вкупните површини, бројот и категоријата на улиците поименично, бројот на извршителите, ангажираната механизација, динамиката и степенот на услугата, како и финансиските показатели.

По однос на чистење на дивите депонии физичкиот обем на работите и локалитетите се определуваат месечно, според согледувањата на терен, од страна на Секторот за урбанизам и комунални работи на општината Берово. Исчистените диви депонии се потврдуваат со месечен преглед доставен од страна на Јавното претпријатие, а се одобруваат од Секторот за урбанизам и комунални работи.

Потребните финансиски средства за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Берово се обезбедуваат од цената на услугата за изнесување на смет и се предвидени во Буџетот на општина Берово. Вонредните, зголемени активности за чистење на јавните површини, поради организирани собири и манифестации, се изведуваат по налог на Секторот за урбанизам и комунални работи и се финансираат од страна на организаторот, согласно Ценовникот за вршење на дополнителни услуги.

Надзор над извршувањето на Програмата врши Секторот за урбанизам и комунални работи.Инспекциски надзор, над извршувањето на Програмата вршат комуналните инспектори на Општина Берово.

За заштита од штетно дејство на водите на подрачјето на Општина Берово се изготвува засебна програма врз основа на увид во состојбите на речните корита, каналите за одведување на атмосферските води од урбаните подрачја, ризиците од порои и другите водотеци, кои при пообемни врнежи можат да предизвикаат поплави. Со Програмата ањ се предвидуваат превентивни мерки, изградба на заштитни објекти и постројки и изведување на работи за заштита од штетно дејство на водите.

**8.3.Програма за заштита на животната средина и природата**

Програмата за активности во областа на заштитата на животната средина и природата, предвидува преземање мерки од надлежност на локалната самоуправа, определени со законските прописи од оваа област во насока на обезбедување поквалитетна и почиста животна средина за граѓаните на општина Берово. Со програмата за заштита на животната средина и природата, општината овозможува спроведување на еколошката политика согласно европските стандарди и се залага за почитување на законите и регулативите кои што се однесуваат на заштитата на животната средина, заштита и одржливо управување со природните ресурси, намалување на отпадот, подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух, обезбедување на изворите на водата за пиење и заштита на биодиверзитетот, пристап до информации за заштита на животната средина, како и граѓанско учество во процесот на одлучување за прашања од областа на заштита на животната средина, размена на информации со различни засегнати страни и вклучување во проекти и активности за заштита на животната средина и е едукација на младите за теми од област заштита на животната средина и одржливиот развој.

Програмата ги има следниве специфични цели:
- Изработка на стратешки документи за заштита на животната средина;
- Определување на приоритети за изготвување проекти и нивна реализација;
- Обезбедување на финансиски средства за спроведување изводливи проекти за заштита на животната средина;
- Спроведување на мерки за превенирање на последиците од загаденост на животната средина;
- Спроведување на Оцена за влијанието на животната средина во процесот на планирање на проектите за да се превенираат последиците од евентуално загадување на животната средина;
- Зголемување на зелените површини во општината со изградба на нови зелени површини, уредување на запуштени зелени површини, подобрување на визуелниот изглед на урбаната средина, како и активности за пошумување.

Програмата за заштита на животната средина и природата ќе се спроведува низ следниве потпрограми за заштита на животната средина и природата:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Заштита на животна средина и пророда | Ознака на буџетска/општинска програма | Р1 |

| Развојна потпрограма | Потпрограма за заштита на животна средина и природа –**Тематска област - отпад** | Ознака на развојна потпрограма | Р10 |
|---|---|---|---|
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | -Намалување на отпадот во општина Берово негово повторно искористување и употреба - селектирање на отпадот во предшколски установи, основните и средните училишта. | | |
| Планирани активности | - Зелени поени Пакомак 2025 - 2027 – 850.000,00 денари<br>Опис на активноста<br>Трансфер на средства до граѓаните на општина Берово во соработка со Пакомак, кој собират поени преку апликацијата и трите вендинг апаратите поставени во Општината.<br>Стимулирање на граѓаните за собирање и селектирање на отпадот од пластика и лименки.<br>- Зголемување на бројот на садови за селекција на отпад и тоа за ПЕТ-амбалажа, стакло и електронски отпад.<br>- Дополнително поставување на садови за селектирано одлагање на одпад од пакување – картон и хартија.<br>- Едукација на наставниот кадар и учениците за селекција на отпад проект 2025 – 2027 250.000,00 денари<br>Опис на активноста<br>Во соработка со основните и средните училишта во Општина Берово, ќе се спроведе проект едукација на наставниот кадар и учениците во основните училишта за селекција на отпад и зачувување на постоечката опрема за отпад. Проект во кој на јавен повик ќе биде ангажирана лиценцирана консултантска фирма од областа на справување со отпадот за едукација и обука во сите училишта на територија на Општина Берово за селекција на отпадот, изработка на прирачник за потребите на основните училишта кој ќе им биде во функција за давање на насоки за справување со отпадот и извештај за спроведените активност во времетраење од 3 месеци.<br><br>- Учество во меѓурегионален проект за изградба на регионална депонија за отпад<br>Опис на активноста<br>Регионалната депонија ќе биде лоцирана во н.м Мечкуевци-Абрашинци во Општина Свети Николе за двата плански региони – Источен и Североисточен за комунален отпад преку министерството за заштита на животната средина, а во нашата општина ќе се изгради претоварна станица за Општина Берово и Пехчево.<br>Постоечката нестандардна депонија стручно ќе биде затворена. | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Намалување на количините на отпадот и негова примарна селекција, затворена локална нестандардна депонија и почеток со работа на предвидениот систем за управување со отпад. | | |
| Ризик и претпоставки | Непредвидени технички проблеми во текот на реализацијата на активностите | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/1/2024 | | | | |
| Датум на завршување на проектот | 31/12/2027 | | | | |
| Вкупна вредност | 1.530.000 денари | | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | |
| Индикатори | 30.000,00 денари | 500.000,00 Денари | 500.000,00 денари | 500.000,00 денари | |
| Статус на реализација на проектот | На самиот почеток | | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | - Самостојно од сопствен буџет на Општина Берово<br>- Повисоки нивоа на власт<br>- Европски фондови | | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Преку осигурување дека сите граѓани, без разлика на полот, имаат еднаков пристап до ресурсите и можностите за учество, поставување на садови за селекција на отпад на локации кои одговараат на потребите на жените и мажите, дизајнирање стимулативни награди во програмата „Зелени поени“ кои се релевантни за сите, и вклучување на родова перспектива во едукативните проекти преку материјали и обуки кои промовираат еднаква грижа за животната средина како и учеството на жените и мажите во јавни консултации за регионалната депонија. гласови се слушнати | | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Заштита на животна средина и пророда | Ознака на буџетска/општинска програма | Р1 |
| Развојна потпрограма | Програма за заштита на животна средина и пророда **Тематска област - воздух** | Ознака на развојна потпрограма | Р10 |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Намалување на аерозагаденоста во Општина Берово преку активности поврзани со оваа тема | | |
| Планирани активности | **Бр.1** Субвенционирање за купување на 30 велосипеди 180.000 ден<br>Опис на активноста<br>-Јавен повик за купување на велосипеди и стимулирање на здрави навики – Субвенционирање на купување на велосипеди и заштитна опрема на граѓаните на Општина Берово (по објава на јавен повик и утврдени критериуми за учество) за стимулирање на алтернативни средства за превоз со тоа и намалување на загадувањето од издувни гасови од автомобили<br>Бр.2 Субвенционирање за набавка на клима инвертери за домаќинства<br>Бр.3 Изработка на катастар на загадувачи на воздухот во Општина Берово | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Во моментов во Општина Берово има поставено мерна станица за воздух од националниот систен за мониторинг на Министерството за животна средина и просторно планирање. | | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Намалување на загадувањето на воздухот | | | | |
| Ризик и претпоставки | Непредвидени технички проблеми во текот на реализацијата. | | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/1/2024 | | | | |
| Датум на завршување на проектот | 31/12/2027 | | | | |
| Вкупна вредност | 2.530.000,00 денари | | | | |
| Индикатори | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | |
| | 30.000,00 денари | 500.000,00 денари | 1.000.000,00 денари | 1.000.000,00 денари | |
| Статус на реализација на проектот | Тековни активност на одделение за заштита на животната средина | | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Самостојно од сопствен буџет на Општина Берово и донатор од ЕУ и повисоко ниво на власт | | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Јавните повици и критериумите за учество ќе бидат транспарентни и инклузивни, со посебен фокус на ранливите тегории, како што се домаќинствата предводени од жени. | | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Заштита на животна средина и пророда | Ознака на буџетска/општинска програма | P1 |
| Развојна потпрограма | Програма за заштита на животна средина и пророда- **Тематска област – стандарди** | Ознака на развојна потпрограма | P10 |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Исо стандардизација 9001,14001, и 26000 | | |
| Планирани активности | Општина Берово во моментот има воспоставено ISO 9001 стандард<br>Во наредниот плански период се планира да се воспостават преостанатите ISO 14001, и 26000 стандард<br><br>Реализација и надзор на реализација на проектот | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Очекувани резултати / ефекти | Сертифицирана општина согласно ISO стандардите | | | | |
| Ризик и претпоставки | Непредвидени технички проблеми во текот на реализацијата. | | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/1/2024 | | | | |
| Датум на завршување на проектот | 31/12/2027 | | | | |
| Вкупна вредност | 1.060.000,00 денари | | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | |
| Индикатори | 60.000,00 денари | 300.000,00 денари | 300.000,00 денари | 400.000,00 денари | |
| Статус на реализација на проектот | | | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Самостојно од сопствен буџет на Општина Берово | | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Застапена родова еднаквост бидејки со самиот проект нема поделба на мажи и жени. Одредбите од Законот за еднакви можности на жените и мажите ќе бидат вклучени во процедурите | | | | |

**8.4.Програма за локален економски развој**

Целта на програмата за за локален економски развој и активностите на општина Берово во областа на локалниот економски развој е поттикнување насевкупниот развојот на општина Берово, а особено на економијата, туризмот и руралниот развој, осврнувајќи се и прилагодувајќи се кон потребите и приоритетите на граѓаните во локалната заедница. Основна цел на Програмата за ЛЕР е реализација на зацртаните развојни процеси согласно постојните стратешки документи и планови.

Во продолжение се наведени табеларно програмските приоритети, клучните мерки и активности за секој од приоритетите.

**Потрограма за поддршка на локалниот економски развој**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Поддршка на локалниот економски развој | Ознака на буџетска/општинска програма | Г1 |
| Потпрограма | Поддршка на ЛЕР | Ознака на развојна потпрограма | Г10 |

| | |
|---|---|
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Целта е создавање на услови и околности кои ќе ги олеснат процесите со кои ќе се отворат нови работни места и ќе се привлечат инвестициски можности за натамошен забрзан развој на економијата, поттикнување и развој на бизнис заедницата и земјоделството, поддршка во создавање на квалификувана работна сила согласно потребите на пазар на труд и поддршка на младите во вклучување на пазарот на трудот и претприемништвото. Програмата е конципирана врз основа на одредени приоритети, активности и потреби на граѓаните, нотирани во стратешките документи кои ја обработуваат областа ЛЕР како општинска политика, изготвени на партиципативен начин/модел со учество на повеќе засегнати страни, особено со непосредно учество на граѓаните во процесот на планирање, креирање и одлучување (сите форми на партиципативно учество-консултација утврдени со Статутот на општината), како и во соработка со месните и урбаните заедници, бизнис заедницата, невладините организации и други организации<br>Целта е создавање услови за одржлив локален економски развој и подобрување на квалитетот на живот на граѓаните во Општина Берово, односно, Берово со развиена, конкурентна економија и водечка туристичка дестинација во Источниот Регион. |
| Планирани активности | Приоритет 1.1: Поддршка на МСП и на локалниот развојо: **23.500.000,00 денари**<br>Клучни мерки и активности<br>1.1.1. Зајакнување на капацитетите и едукација на малите и средни претпријатија и претприемачите, вклучително и за прашањата на менаџментот и маркетингот; Информирање и обука за можностите на кредитирање на производителите; Воспоставување и функционирање на локалниот Економски совет; Поддршка на МСП за усвојување и ефикасно користење на информатичките технологии; Поддршка на МСП за искористување на ЕУ и други фондови; Доопремување на постојните и подготовка на нови зони за економски развој;<br>2024-2028: **20.500.000,00 денари**<br>1.1.2. Поттикнување на општествената одговорност на бизнис-секторот; Поддршка на приватни иницијатива за изградба на нови, адаптација на постојните капацитети и набавка на опрема и машини; Привлекување домашни и странски директни инвестиции со повисока технолошка основа; Поддршка за рамномерен локален развој; Изработка на анализи за почеток на ЈПП-проекти во различни можности што ги нуди Општината, изработка на идејни проекти и привлекување инвеститори за нив 2024 -2028 година : **500.000,00 денари**<br>1.1.3. Изработка на интернет-страница за промоција на сите економски субјекти во општината; Промоција на приватниот сектор на локални, регионални и меѓународни саеми секогаш кога е можно; Развој на економијата базирана врз знаење и иновации (мудар раст); Препознавање и искористување на иновативниот потенцијал и подигнување на техничко-технолошката основа на носечките дејности во општината; Поддршка на истражувања за технолошки развој и иновации; Функционално поврзување со академските истражувачки |

| | |
|---|---|
| | институции во државата; Создавање бизнис-инкубатори, технолошки паркови, деловни мрежи и др.; Промовирање јавно-приватни партнерства за трансфер на нови технологии; Создавање центри на извонредност за истражувања во информатичката и во други напредни индустрии; Поддршка на МСП за усвојување и ефикасно користење на информатичките технологии; Обезбедување предуслови за препознавање, развивање и искористување на иновативниот потенцијал на младата популација во текот на образовниот процес; Образование, обука и советодавни услуги за нови технологии и техники на производство; Користење републички програми и учество во ЕУ-проекти за примена на мерки на економијата на знаењето секогаш кога е можно; Обезбедување институционална поддршка за развој на технолошко интензивни дејности; Промовирање поддршка за стандардизација, акредитација, метрологија и заштита на интелектуалната сопственост; Подобрување на регулативата и поедноставување на постапките за добивање дозволи и лиценци; Создавање услови за раст и развој на локалната економија низ мерки за претприемничка обука и тренинг; Раст на резултатите на приватната иницијатива низ промоција на локалните стопански субјекти, производи и услуги; Надградба на конкурентноста на локалните претпријатија низ мерки за нивна поддршка; Пристап до капитал и поддршка за зголемување на извозот со вклучување на банкарскиот сектор; Општината да се вклучува во сите иницијативи на ниво на Источниот плански регион и на ниво на Р.С. Македонија за промоција и поддршка на МСП и претприемништвото; Брендирање извозни производи и нивна промоција на таргетирани регионални и меѓународни пазари; Поттикнување и поддршка за имплементација на стандарди кај извозно ориентираните претпријатија;<br>Година 2025-2028: **2.500.000,00 денари**<br><br>Приоритет 1.2: Поддршка на развојот на примарното земјоделско производство и на преработувачката индустрија: **2.800.000,00 денари**<br>Клучни мерки и активности<br>1.2.1. Формирање Општински центар за поддршка на индивидуалните земјоделци; Создавање модерен и продуктивен земјоделски сектор; Поддршка на приватни иницијатива за изградба на нови, за адаптација на постојните капацитети и за набавка на опрема и машини; Отворање регионални центри за земјоделски производи; Обезбедување можност за едноставен, брз и лесен пристап на земјоделските производители до агроберзата; Поддршка за развој на органското земјоделско производство; Поддршка за подигнување нови квалитетни насади во овоштарството и градинарството; Развивање современа и функционална инфраструктура во селата и во подрачјата со специфични развојни потреби;<br>2024-2028 год**: 1.200.000,00 денари**<br>1.2.2. Зачувување на демографските, социјалните и културните вредности во руралните подрачја; Поддршка на инвестициите и капацитетите за производство и преработка на земјоделските |

| | |
|---|---|
| | производи; Поддршка на земјоделците и земјоделските претпријатија за искористување средства од ИПАРД; Иницирање и поддршка на задругарството; Техничко-технолошки развој и иновативен пристап во земјоделското производство; Воспоставување систем за справување со климатските промени; Промоција и брендирање на земјоделските производи од регионот; Подобрување на условите на зелените и сточните пазари; Подобрување на ИТ-инфраструктурата на земјоделските стопанства; Довод на електрична мрежа до земјоделските површини; Саемска манифестација за локални прозиводи – Малешевијата на дланак; Поттикнување на развојот на агро и руралниот туризам.<br>2024-2028 год :**2.000.000,00 ден**<br><br>1.2.3. Поддршка на локалната акциска групи во согласност со ЛЕАДЕР-пристапот за ЛАГ Малеш-Пијанец; Искористување на обновливите извори на енергија и мерките за енергетска ефикасност во руралните области; Информирање и обука за можностите за кредитирање на производителите; Промоција на употребата на заштитни мерки и осигурување; Информации и обука за можностите и мерките за поддршка на т.н. „зелени“ производи и на органското земјоделство; Промоција и поддршка на фирмите за достигнување на HACCP-стандардот; Промоција и поддршка на фирмите за достигнување на EUROGAP и GLOBALGAP-стандардите за следење на производството; Едукација на производителите на храна за употреба на модерни технолошки решенија; Поддршка и промовирање на кооперацијата и здружувањето на земјоделците; Поддршка на соработката со други општини и заедничка работа врз проекти за поддршка во земјоделството; Да се подобри пласманот на земјоделските производи преку зголемување на нивниот квалитет; Зголемување на атрактивноста на производството на храна низ употреба на модерни техничко-технолошки решенија; Заеднички настап и организација на производството според барањата на пазарот врз основа на здружувањето на производителите; Информирање за поволни кредити за самовработување во рурални средини.<br><br>2024-2028: **600.000,00 ден**<br><br>Приоритет 1.3. Развој на квалификувана работна сила и намалување на структурната невработеност: **1.700.000,00 денари**<br>**Клучни мерки и активности**<br><br>1.3.1. Зголемување на капацитетите за поголемо искористување на: програми за самовработување, субвенции за вработување на ранливи групи лица, даночни бенефиции; Организација и поддршка на разни видови обуки;<br>2024-2028 годишно: 400.000,00 денари<br>1.3.2. Програма за поттикнување на мобилноста на работната сила, анализа на пазарот на трудот и потребите од вештини; Промоција за препознавање и признавање на вештините<br>2024-2028 :500.000,00 денари<br>1.3.3. Достапност на програми за практиканство и волонтерска работа, грантови за вработување млади, жени и долгорочно невработени; |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Искористување субвенции за вработување лица со инвалидност, обуки за социјална инклузија, помош при згрижување деца до 6-годишна возраст; Обуки за сертификација на невработени и лица со инвалидност – ECD<br>2024-2028 :400.000,00 денари<br>1.3.4. Поддршка за понатамошна модернизација на АВРСМ со цел: подобрување на услугите кон невработените, подобрување на методологијата за оцена на ефектите од стручната обука на невработените лица; Зајакнување на борбата против непријавената работа (работа на црно) од страна на инспектори од Државниот инспекторат на трудот; Следење и соодветно учествување во преговорите со синдикатите и организациите на работодавачите; Следење и соодветно учествување во колективните договори каде што има можност и потреба; Едукација на синдикалните раководства и членови од општината.<br>2024-2028 :в400.000,00 денари<br><br>Приоритет 1.4. Други активности за подршка во развој на општината: **3.000.000,00 денари**<br>**Клучни мерки и активности**<br><br>1.4.1.Поддршка на проектни иницијативи од Граѓански организации во рамки на општински приоритетни активности<br>2024-2028 :2.000.000,00 денари<br>1.4.2. Општинско учество во програмата на ОКР<br>2024-2028 :1.000.000,00 денари | | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Креиран фонд за кофинансирање на проекти на Општина Берово; Изготвена студии, програми и стратешки документи за потреба на бизнис заедницата а особено на жени; нови старт ап фирми и обучени млади лица со вештини во областа на претприемништвото, но и согласно потребите на бизнис заедницата. Подобрена деловна средина. | | | | |
| Ризик и претпоставки | Непостоење интерес на засегнати страни во пријавување на јавните повици и со тоа вклученост на активностите како и мал број на крајни корисници за постигнување на резултатите. | | | | |
| Датум на започнување со имплементација на потпрогамата/проектот | 01.01.2024 година | | | | |
| Датум на завршување на потпрограма/проектот | 31.12.2027 година | | | | |
| Вкупна вредност | 27.776.674,00 денари | | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | |
| Индикатори | 4.379.674,00 денари | 7.800.000,00 денари | 7.800.000,00 денари | 7.800.000,00 денари | |
| Статус на реализација на | | | | | |

| | |
|---|---|
| потпрограмата/проектот | Во фаза на подготвување и организирање на проектните активности и реализација на годишните потпрограмски активности. |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Буџет на Општина Берово<br>Национален Буџет<br>ИПА програма<br>Други донатори |
| Родова респонсивност (краток опис) | Преку креирање обуки и грантови насочени кон жените претприемачки, рурални жени и долгорочно невработени, како и поддршка за земјоделки за искористување на фондови како ИПАРД. |

**Потпрограма за капитални расходи за изградба на комерцијални објекти**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Поддршка на локалниот економски развој | Ознака на буџетска/општинска програма | ГА |
| Развојна потпрограма | Изградба на комерцијални објекти | Ознака на развојна потпрограма | ГА0 |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Изградба на нова Мултинаменска сала во Берово, на местото на старата Кино сала, во склоп на домот на култирата во Берово | | |
| Планирани активности | Обезбедување на проектна документација | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Избегнување на сообраќајни гужви за време на викенд и обезбедување на поголем простор за циркулација на луѓе и возила.<br><br>Обезбедување на простор за културно забавни и едукативни намени и а сио тоа и развој на друг вид на туризам в градот и општината | | |
| Ризик и претпоставки | Проблеми со динамика на реализација, ненавремено отпочнување со активности, непогодни временски услови | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1/1/2025 | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Датум на завршување на проектот | 31.12.2027 | | | | |
| Вкупна вредност | 95.000.000,00 денари | | | | |
| Име на студија | Нова Мултинаменска сала во Берово | | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | |
| Индикатори | 0 денари | 45.000.000,00 денари | 35.000.000,00 денари | 15.000.000,00 денари | |
| Статус на реализација на проектот и финансиски импликации | Проектот е во прва фаза на реализација и обезбедена е техничка документација во рамки на фондот преку проектот на УНДП „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти“ со обезбедување на техничка документација. | | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Буџет на Општина Берово<br>ЕУ ИПА<br>Меѓународни донатори | | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Преку дизајнирање на просторот кој ги зема предвид различните потреби на жените, мажите и другите групи во заедницата, обезбедување пристапност за лица со попречености, како и соодветни санитарни јазли кои ги задоволуваат потребите на мажите, жените и семејствата со мали деца. | | | | |

**Потпрограма за поттикнување на развојот во туризмот**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Поттикнување на развојот во туризмот | Ознака на буџетска/општинска програма | Г2 |
| Потпрограма | Поттикнување на развојот во туризмот во Општина Берово | Ознака на развојна потпрограма | Г20 |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Целта е создавање на услови и амбиент преку која кои ќе се олеснат процесите со кои ќе се привлечат туристи на територија на Општина Берово. Целта е да се мапираат сите туристички локации, културни и други знаменитисти, понуди на туристички и угостителски капацитети и анализи на истите, да се утврди каде има поттреба за интервенции, а потоа да се пристапи кон изготвување на промотивен материјал. Вмрежување и подобра координација, промоција и настап на локалните туристички и угостителски капацитети и поголема меѓусебана соработка и подгање на нивото и заднички настапи. | | |
| Планирани активности | Приоритет 1.1: Промоција на Берово и малешевијата како туристичка дестинација<br>2024-2028: **2.200.000,00 денари** | | |

| | |
|---|---|
| | Клучни мерки и активности<br><br>1.1.1. Креирање производи и содржини за рурален туризам; Заштита на природното, историското и културното наследство; Вмрежување на туристичките субјекти и формирање организација за управување со туристичката дестинација; Промоција и поддршка на различни видови туризам; Спроведување работилници за изнаоѓање можности за зголемување на содржините на туристичката понуда, вклучувајќи и предлагање ЈПП за проекти со туристичка содржина (адреналински паркови, зип-линии и др.); Изработка на студии за оптимално користење на природното и културното богатство за туристички цели (специјален вид туризам за посебни потреби – за геријатриски цели или за други посебни групи население); Поврзување на туризмот со брендирањето на локалните, здрави и органски производи; Интегрирање на културните и спортските настани во туристичката понуда на регионот; Обележување на сите значајни културно-историски објекти, споменици и локации во општината со патокази и информативни табли<br>2024-2028: **1.000.000,00 денари**<br>1.1.2. Воспоставување функционални и оперативни туристички инфоцентри и мултимедијални центри за промоција на туризмот; Брендирање и промоција на туристичката дестинација; Зајакнување на категоризацијата и стандардизацијата на сместувачките капацитети и угостителските објекти.<br>2024-2028: **1.200.000,00 денари**<br><br>1.2. Поддршка и развојот на одржливиот туризам<br>**Клучни мерки и активности**<br>2024-2028: **3.000.000,00 денари**<br><br>1.2.1. Подобрување на туристичката инфраструктура и сигнализација; Развој на туристичките атракции, услуги и капацитети; Развој и уредување туристички зони; Подобрување на инфрастуктурните услови во подрачјата со специфични развојни потреби и во селата.<br>2024-2028: **2.500.000,00 денари**<br><br>1.2.2. Градење капацитети на кадрите од туристичко-угостителскиот сектор за поголема искористеност на средствата од европските и други меѓународни фондови; Подобрување на прекуграничната и меѓународната културна соработка; Изработка на анализи за почеток на ЈПП-проекти во различни можности што ги нуди Општината, изработка на идејни проекти и привлекување инвеститори за нив<br><br>2025-2028 годишно: **500.000,00 денари** |
| Очекувани резултати / ефекти | ▪ Дефинирање на туристичкиот производ и понуда и нивна промоција и презентација,<br>▪ Подобрување на квалитетот на постојната и изградба на нова инфраструктура,<br>▪ Институционално јакнење и развој на човечки ресурси,<br>▪ Утврдување на Берово како сериозна туристичка дестинација |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | ▪ Изработен промотивен материјал<br>▪ Развиена туристичка понуда<br>▪ Зголем број на туристи | | | | |
| Ризик и претпоставки | -Недоволна учество во активности на туристички и угостителски капацитети<br>-Незадоволителен интерест на локалната заедница и бизнис секторот при креирање на мерки и вмрежување<br>-Ненавремено избран економски оператор на активноста | | | | |
| Датум на започнување со имплементација на потпрогамата/проектот | 01.01.2024 година | | | | |
| Датум на завршување на потпрограма/проектот | 31.12.2027 година | | | | |
| Вкупна вредност | 3.6430.000,00 денари | | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | |
| Индикатори | 43.000,00 денари | 1.200.000,00 денари | 1.200.000,00 денари | 1.200.000,00 денари | |
| Статус на реализација на потпрограмата/проектот | Во фаза на подготвување и организирање на фазите од проектниот циклус на проектните активности. | | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | ИПА програма<br>Други донатори<br>Буџет на Општина Берово<br>Национален Буџет | | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Преку економски можности во туристичкиот сектор, поддршка за жените претприемачки во руралните подрачја, преку брендирање на локални производи и традиционална гастрономија, како и создавање пристапна туристичка инфраструктура која ги адресира потребите на семејствата, лицата со попречености и маргинализираните групи. | | | | |

Во рамките на оваа програма ќе биде спроведена и потпрограма за прекугранична соработка низ која ќе се спроведуваат проекти финансирани од фондовите на Европската Унија и други меѓународни донатори, претходно подготвени од страна на Одделението за Локален економски развој и вработени со искуство при реализација на ИПА проекти во општина Берово.

Основни цели на оваа потпрограма се:

1. . Промовирање на економски развој: Преку стимулирање и поддршка на локални претприемачки проекти и инвестиции и зголемување на вкупната вредност и бројот на проекти во општина Берово што се одобрени за финансирање од фондовите на ЕУ и други меѓународни донатори;

2. Подобрување на животниот стандард и градење на партнерства и размена на искуства и добри практики помеѓу сите заинтересирани страни: Создавање услови за подобрување на животниот стандард во локалните заедници, вклучувајќи инфраструктура, обезбедување, социјални услуги и единствени локални услуги.

3. Подобрување на севкупната локална инфраструктура и заштита и управување со природните ресурси: Подобрување на локалната инфраструктура како патишта, комуникациска технологија и енергетски ресурси и обезбедување одржливо користење на природните ресурси за долгорочни придобивки за заедницата и животната средина

4. Да се врши координација помеѓу сите заинтересирани страни во општина Берово во врска со проектите што се подготвуваат за финансирање од фондовите на ЕУ и други меѓународни донатори, како и да се обезбеди нивно усогласување со стратегиите за развој на општина Берово.

Потпрограмата ќе се спроведува низ следниве работни процеси:

- Процес на следење и информирање на заинтересираните страни за јавни повици за финансирање на проекти и други мерки за јакнење на капацитети;
- Процес на подготовка, управување и мониторинг на проекти финансирани од фондовите на ЕУ и други меѓународни донатори;
- Процес на вмрежување на сите чинители во општина Берово кои работат на подготовка и спроведување на проекти што се финансираат од фондовите на ЕУ и други меѓународни донатори;
- Процес на подготовка и управување на проекти на јавни општински претпријатија и други општински институции.

**Програма - програми за развој**

**Потпрограма за прекугранична соработка**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на општинска развојна потпрограма | Прекугранична соработка | Ознака на општинска развојна потпрограма | МБ |
| Име на проектот | Програма за спроведување на проекти финансирани од ЕУ | Ознака на проектот | МБ0 |
| Цели на развојниот проект (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на проектот) | 1. Подобрување на меѓународната соработка и вмрежување со земји членки на ЕУ<br><br>2. Спроведување на проекти за прекугранична соработка со Р. Бугарија со општините Петрич, Сандански и Струмјани кои се финансираат од ИПА фондовите<br><br>3. Подготовка на проектни предлози кои ќе бидат поднесени за обезбедување финансиски средства во рамките на јавните повици за доставување проектни предлози од Интеррег-ИПА Програмата, Програмите за прекугранична соработка со Р. Бугарија за периодот 2021-2027 и други меѓународни донатори. | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Планирани активности | Аплицирање спроведување на активности на програми од ЕУ по распишани јавни повици од ИПА програмата за прекугранична соработка со Р. Бугарија и други меѓународни донатори. | | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Подготвени и одобрени поголем број на апликации кои се во функција на регионалниот развој и подобрување на меѓусоседската соработка и подобрување на квалитетот на живот на граѓаните. | | | | |
| Ризик и претпоставки | Ограничен број на објавени повици за општините, налаен интерес на партнери од други ЕУ земји и откажување на носителите или доцнење при реализацијата на проекти кои се аплицирани. | | | | |
| Типови на договори планирани во рамките на проектот* | Договори за набавка на услуги, стоки, градежни работи, грант, твининг и др. | | | | |
| Вкупна вредност на проектот (во денари и во евра) по тип на договор | денари | евра | тип на договор во рамките на проектот | Денари | |
| | 16.739.730,00 | 272.190,73 | 1. градежни работи (works) | 5.912.125,00 | |
| | | | 2. набавка на стоки (supplies) | 1.537.500,00 | |
| | | | 3. услуги (services) | 8.790.105,00 | |
| | | | 4. грант (grants) | 16.239.730,00 | |
| | | | 5. твининг (twining) | 500.000,00 | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| Индикатори | 300.000,00 денари | 8.000.000,00 денари | 8.439.730,00 денари | | |

Спроведување на проект за прекугранична соработка „InFinity Trail Berovo - Strumica - Petrich - Sandanski - Strumyani“

Проектот „InFinity Trail Berovo - Strumica - Petrich - Sandanski - Strumyani“ ќе се спроведува од крајот на 2024 година. После успешната евалуација на предлог концептот кој беше изработен во 2023 година, за истиот се подготви основен проект и целосен проектен предлог согласно правилата на Интеррег-ИПА Програмата за прекугранична соработка Бугарија - Северна Македонија 2021-2027.

Овој проект спаѓа во Специфична цел 1.2 „Развој на атрактивен и целогодишен туристички производ преку интелигентни решенија кои обезбедуваат универзален пристап и учество“.

Инфраструктурните активности предвидуваат изградба на велосипедски патеки со вкупна должина од 26 км, во два правци во подрачје на Туристичката населба Беровско езеро одделено од главниот сообраќај.

Овој проект е во целост усогласен со стратешките цели и приоритети на Интеррег-ИПА Програмата за прекугранична соработка со Република Бугарија 2021-2027, како и со стратешките цели на ЕУ до 2030 во рамките на новата европска агенда и иницијативи за одржлив раст и развој (преку Европскиот зелен договор).

Главната цел на проектот „Low-Carbon InFinity Trail“ (LIFT) е да го подобри туристичкиот потенцијал на регионот, да се поттикне одржлив економски раст и да се подобри регионалната конкурентност на јужниот дел на БГ и МК, врз основа на рационализирање и искористувањето на туристичките ресурси и подобрување на туристичкиот маркетинг преку практиките за

брендирање, преку развој и тестирање на имплементација на нов пристап за туризам со низок јаглерод, преку развивање и унапредување на пилот туристички производ „Low-Carbon InFinity Trail“ следејќи ги најновите трендови.

Очекувани резултати се: Развиен и промовиран нов туристички производ LIFT како заедничко решение за зголемување на туристичката атрактивност на јужниот дел од прекуграничниот регион БГ и источниот дел од МК со цел да се зголеми туристичкиот потенцијал на регионот, да се поттикне одржливоста економски раст и подобрување на регионалната конкурентност, врз основа на рационализирање на искористеноста на туристичките ресурси и подобрување на туристичкиот маркетинг и практиките за брендирањ

**Програма за култура**

Со Програмата за активностите на општина Берово во областа на културата се определуваат културните настани од посебно значење за културниот развој на општината и афирмација на нејзиното историско и културно наследство, негување и збогатување на општо прифатените културни вредности. Се утврдуваат целите, активностите и висината на средствата за нивна реализација.

Годишната програма се предлага во рамки на надлежностите на Општината утврдени со Законот за Локалната самоуправа за негување на културните вредности, организирање на културните манифестации и поттикнување на разновидни специфични форми на творештво.

Културните настани и манифестации значително ја зголемуваат туристичката понуда на Берово како туристичка дестинација.

Програмата ги дефинира целите на културната политика на општина Берово кои треба да ги исполнат носителите на културните активности, односно, тие да се во функција на културниот развој.

Програмата за култура го дефинира локалниот интерес во културата преку поддршка на современи и нови форми на делување во областа на културата и уметноста, поддршка на веќе потврдените вредности во културата и уметноста, поддршка и поттикнување на различните форми на традиционални изразувања, негување на фолклорот, обичаите, вредностите својствени за традицијата на нашето поднебје промоцијата на културното наследство со што ќе им се овозможи на сите граѓани рамноправно да учествуваат во културата и во културните случувања како творци и како корисници.

Основни цели на оваа програма се :

- Приближување на културата до сите граѓани преку која цел треба да им се овозможи на сите граѓани на Општина Берово рамноправно да учествуваат во културата и во културните случувања како творци и како корисници.
- Сочувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство
- Презентирање и афирмирање на творци и интерпретатори од областа на културата
- Сочувување на континуитетот на одржување на традиционални културно-уметнички манифестации;
- Создавање услови за гостување на еминентни уметници од Република Северна Македонија и странство;
- Унапредување на меѓународната културна комуникација врз реципрочна основа со збратимените градови ;
- Квалитетен културен живот на ниво на општината со обезбедување на богата, разновидна програма за сите возрасти;
- Афирмација на културните разноликости на припадниците на етничките зедници;
- Вклученост на повеќе субјекти и финансирање од повеќе извори;

**8.5. Потрограма за култура – културни манифестации**

| Име на буџетска програма | **Култура** | Ознака на буџетска/општинска програма | **К4** |
|---|---|---|---|
| Потпрограма | Културни манифестации и творештво | Ознака на развојна потпрограма | К40 |
Согласно анализата од средбата со приватниот сектор односно воспоставеното партнерство помеѓу општината и бизнис заедницата на која беа дискутирани прашањата за формите и механизмите на соработка, потребно е да се направат дополнителни напори во делот на локалниот економски развој за да се придвижат кон напред економските активности. Секако најважни беа дискусиите за тоа како може да се организира бизнис заедницата, земајќи го предвид она што веќе постои и како со заеднички напори на сите локални институции вклучувајќи ги оние од централната власт ќе ги подобриме условите во локалната заедница, а со тоа и на бизнис секторот. Во анализата најмногу се посвети внимание на два клучни столба кои го креираат економскиот живот во општината, а тоа се туризмот како најбрзорастечка гранка и дрвната индустрија со потенцијалот на природни ресурси во општината. Во секторот за туризам подеднакво се засеганти и угостителските објекти за храна и сместување и хотелските сместувачки капацитети. Потребно е поголема соработката и транспарентност на општината и меѓусебна информирност. Во делот на туризмот недостасува меѓусебна координација и посебна работна група за соработка како и поголема поддршка на НВО-и за развој на туризмот.

Во дрвната индустрија особено за пиланите-преработувачи на дрво, полупроизводи и производи од дрво и произведувачи на мебел и други производи евидентна е потребата и активностите во процесите за планирање и соодветно искористување на дрвната маса од страна на локални компани со вклучување на ЈП Национални шуми во обезбедувањето на суровина. Основната цел е да се подобри и да се развие локална соработка, за да се подобри понудата

[24] Државен завод за статистика на Република Северна Македонија.

согласно потребите на локалните компании и нивната побарувачката на дрвна маса. Поглемиот број на компании кои ја користат дрвната маса не се од општината и се снабдуваат со техничка дрвна маса од Берово на штета на локалните компании кои вработуваа локални жители. Проблемот може да прерасне и до целосна загуба на суровината и затварање на капацитетите. Дрвната маса како суровина која се користи од општината не учествува во економскиот развој на локалната економија, напротив може да ги загрози и постоечките пилани кои се снабдуваат со суровина од јавното претпријатие.

Заедничка точка и пресек за потребите на локалната бизнис заедница е недоволно развиена инфраструктура, и  соодветни сообраќајни решенија во централно градско подрачје за подобрување на имиџот на општина Берово.

Потребна е поголема соработката меѓу локалната самоуправа, бизнис заедницата (приватниот сектор) и образованието и воспаставување на партнерството за локален економски развој**.** Недостасуваат редовни средби, канали за комуникација и координација и алатки за поттикнување на постојните компании, а особено поддршката на менаџментот во планирањето на кадар согласно потребите на бизнис секторот.

Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција

Преку оваа анализа беа идентификувани потребите, постојното обезбедување на услуги и како тоа функционира, јазовите во обезбедувањето и идните форми на помош. Една од главните функции на локалната администрација е да воспостави оперативна средина за другите чинители, вклучително и приватниот сектор и граѓанското општество.

Од страна на бизнис заедницата беше посочено дека е потребно да се изгради соодветна инфраструктура во стопанските зони “Владимирски пат” и “Градска зона за мало стопанство” кои ќе помогнат при плановите за проширување и изградба на дополнителни капацитети за нивен развој без притоа да се соочат со бариери за изградба на основна инфраструктура и приклучување кон истата. Ова кај делот за земјиште и инфраструктура. Во овој дел фокусот е на информации, обуки, советодавна поддршка, менторство, односно, ткн. меки мерки, плус транспарентност

Постои недоволна едукација и партнерство со локаното населени во секторот за туризам особено во понудата на локални прозиводи и сувенири. Забележан е  недостаток во соработка за заедничка промоција на лицата кои издаваат објекти (викендици) соби за гости-туристи во Берово, туристичката населба Абланица и Беровско езеро како и подигање на стандардите при користењето на социјалните медиуми и ИТ алатки.

Туристичката населба Суви лаки претставува локалитет во кој жителите од струмичкиот регион во летните денови пртестојуваат и се главни инвеститори за изградба на викенд куќи. Општината неколку пати вршеше продажба на градежно земјиште. Оваа населба во главно служи како втор (летен) дом и многу ретко објектите ги издаваат за туристички цели, иако веќе се забележуваат некои промени особено од помаладата популација за  празници и викенди со престој на поголеми групи преку закуп на цели објекти. Во оваа населба недостасува соодветна комунална инфраструктура и места за реакреација.

Во дрвната индустрија се констатира недостатокот од стручни и квалификувани кадри кои треба да бидат дел од образовниот процес и подобра регулација на пазарот на суровина за поголем економски импакт и раздвижување на локалната економија. Од особена важнст и силна страна на општината е нејзината препознатливост како туристичка дестинација со еколошки чиста

средина и еколошки производи. Во слабите страни е несоодветна инфраструктура во туристичките населби, застарана и некомплетна урбанистичка документација, а се забележува и отсуство на претприемачки дух кај младите и производи кои учествуваат во синџирот на локалната економија. Потребна е поголема ангажираност на локалната самоуправа во современите трендови особено во дигитализацијата и давањето на услуги кон крајните корисници.

Пристап до финансии

Според постоечката и идна потреба/побарувачка и постоечко обезбедување на пристапот за финасии во општина Берово компаниите можат да ги користат услугите на финасиските институции кои генерално се застапени во земјата. Финасиските ресурси од приватниот сектор и постоечки финансиски институции, донатори или други; регионалните власти и државните министерства за соодветните сектори. Поддршката е застапена за сите микро, мали и средни друштва кои не надминуваат 250 вработени, со сопствено учество од најмалку 15% од вредноста на проектот. Кредити за поддршка на извозно ориентирани компании за набавка на обртни средства за подготовка на производство наменето за извоз и за набавка на обртни средства по извршен извоз и набавка на обртни средства. Исто така можат да се обезбедат и кредити за инвестиции и трајни обртни средства од Европска инвестициона банка (ЕИБ-6). Поддршка на компаниите основани од млади претприемачи, жени претприемачи, извозни компании и компании кои инвестираат во зелена економија преку кредитирање од странана РБСМ.

Фондот за иновации и технолошки развој е водечка владина институција за поддршка на стартапи и иновативни компании. Во моментов, Фондот преку своите финансиски инструменти, ко-финансира 686 проекти со заеднички инвестиции од 86 милиони евра. Од портфолиото на ФИТР дури 51%, односно 326 поддржани компании се стартап компании, претежно основани од млади луѓе. Со речиси, 1,5 милиони евра, Фондот го поддржува и развојот на три акцелератори во државата. Главните приоритети на Фондот се подобрен пристап до финансиска поддршка за иновации и за технолошки развој и промовирање и поттикнување на иновациската дејност во земјата. Покрај тоа значајно е да се напомене дека има недостаток од филијали на банки во Берово, односно достапни се само експзитури на УНИ банка и Стопанска банка-Скопје, а за обезбедување на документи и преговарање за кредитирање потребно е да се патува до филијалите во поголемите градови.

Од страна на приватниот сектор нема посебни побараувања во однос на можноста од кредитирање и обезбедување на средства и истите се на ниво на целата држава, но сепак има ограничувачки фактори кои се однесуваат за помалите општини, можноста за побрз проток на информации и достапноста на услугите во однос на поголемите урбани средини.

Земјиште и инфраструктура

Бизнисите од сите видови и големини имаат потреба од физички простории и модерни капацитети за работа – работилници, канцеларии, производствени и услужни капацитети. Општина Берово располага со градежно неизградено земјште за капацитети и по иницијатива на бизнис секторот може да одговори на потребите бизнис заедницата. Постои многу широка можноста во оваа област и од наједноставните и најосновните, како што е место за работа (мала работилница или канцеларија) во неколку објекти до голема и скапа инфраструктура со цел да се обезбеди заедничка локација на компаниите и други институции, како што е ТИРЗ Берово или бизнис инкубаторот, и т.н.

Искуството покажува дека земјиштето и инфраструктурата честопати се дефицитарни или несоодветни за побарувачката со погрешна локација или големина, или несоодветна поради практични проблеми, премногу скапа за воведување на нова инфраструктура, како што е оддалеченоста од јавните комунални мрежи, итн.

Недвижности во јавна сопственост кои би можеле да се искористат во Општина Берово се: Туристички информативен пункт, стара зграда на гимназија, стара зграда на амбуланта, детско одморалиште-Суви лаки, кајакарски клуб на Беровско езеро, простории и објекти на МЗ во руралните средини, караулата во с. Двориште, школска зграда во с. Мачево како и зградата на Бизнис инкубаторото во Берово која не е целосно искористена. Постои недостаток од анализа и документација на сите објекти кои се во надлежност на општината и кои можат да се изнајмат или да се изврши закуп како и продажаба на земјиштето во општината за потребите на бизснис заедницата во следниот период.

Констатирано е дека Општината има недоволно развиена инфраструктура во веќе постоечките економски зони, непостоење на урбанистички план во туристичката населба Абланица. Недооформена индустриска зона и непостење на услови за користење на ТИРЗ зоната во м.в Шушлевец за која веќе има целосна техничка документација и потреба од поголема координација со Агенцијата за ТИРЗ.

ТИРЗ Берово https://fez.gov.mk/free-zone-berovo/ се наоѓа на регионалниот пат кој ги поврзува Берово и Дабиле. Вкупната површина на зоната изнесува 17.38 хектари. Населените места кои ја опкружуваат зоната Берово имаат население од над 18 000 жители што претставува уште една поволност за инвестирање. . Во зоната сите парцели се слободни за изградба.

Регулаторна и институционална рамка

Локалните бизниси и претприемачите често се жалат дека се попречени да го развиваат својот бизнис поради неоправдани правила, регулативи и други административни бариери. Во однос на локалниот економски развој се идентификуваат неколку сфери каде има пречки и кои што можат да се решат или ублажат на локално ниво без да се чека некоја централна институција или Владата да го промени законодавството.

**Регулаторна и институционална рамка**




сл.4

| **Главни предизвици од областа на регулативата (според приватниот сектор)** | **Големо/мало негативно влијание** | **Јавна институција која е надлежна** | **Обем на локално решавање на проблемот** (Што може да се направи на локално ниво за да се реши проблемот?) |
|---|---|---|---|
| Законска регулатива за искористување на дрвната маса од Малешевки шуми | големо | ЈП Национални шуми Македонија | Да се иницира соработка меѓу јавните институции, институции од централно ниво и приватниот сектор и подобрување на законската регулатива |
| Законска регулатива за производство и продажба на локални производи | големо | Агенција за храна и ветеринарство | Соработка меѓу јавните институции, институции од централно ниво и приватниот сектор. Да се поттикне дискусија за измена на законот за продажба на локални земјоделски производи (локалана храна и специфични производи) |
| Поволна законска регулатива за ангажирање на ученици од стручните училишта како работна сила | големо | Министерство за образование и наука,Центар за стручно образование и обука | Иницијатива за измена на законската регулатива како би се создале услови за ангажирање на ученици од стручните училишта и други средношколци за ангажирање како работна сила. |

| **СИЛНИ СТРАНИ** | **СЛАБИ СТРАНИ** |
|---|---|
| 1.Шумски ресурси | 1.Недовола соработка на институции од централно ниво во изнаоѓање на решение на проблемот со обезбедување на доволно суровина за дрвнопрепаботувачките капацитети |
| 2.Еколошки чиста/незагадена општина,еколошки природни производи | 2.Немање на капацитети за преработка на производите, отсуство на брендирани производи.Недостаток од квалификувана работна сила, миграција и намалување на активното население и младите. |

Констатиран е недостаток на меѓусебна соработка и за таа цел е потребно да се формира мрежа за соработка со локалните чинители.

Индустрија

**Минерали и руди**

За развојните можности на општината особено се значајни минералните суровини и рудите, за кои во минатото се спроведени истражувања и е констатирано дека нивната експлоатација е економски оправдана. Такви се случаите со каолинските глини, погодни за производство на керамички и огноотпорни производи, кварцот, којшто наполно одговара за подготвување на огноотпорен материјал, јагленот, железото и други рудни појави, кои се делумно активни, а

поголемиот дел се сè уште само потенцијално атрактивни ресурси за натамошно истражување и активирање.

Во реонот на с. Мачево и на с. Будинарци постои $CиO_2$ (горски кристал), којшто во светот се користи како украсен камен во јувелирството.

**Анализирана и оценета постојната состојба на досегашниот развој на туристичкиот пазар во Општина Берово**

**Анализа на природните ресурси како туристичка атрактивност**

Како што кажавме, Берово има многубројни и разновидни природни вредности: климатски, геолошки, биолошки, хидрографски, почвени и релјефни. Но сепак освен некои, повеќето не се од големо национално значење во смисла на уникатност и реткост. Најкарактеристични природни ресурси во овој регион се: планините, клисурите, Беровското езеро, многубројните извори, чистите реки како Брегалница, пријатната клима, разновидната флора и фауна и густите шуми. Овие природни појави се предложени за заштита, па така паралелно со развојот на туризмот во Берово, треба да се води сметка за овие вредности кои лесно може да се уништат или загрозат.

Најголем туристички потенцијал во досегашниот развој на туризмот имаат:

Малешевските планини, кои се знајачни поради: најистакнатите врвови Џами Тепе и Ченгино Кале, изворишниот дел на реката Брегалница и нејзините водопади, Ратевска река која е длабоко всечена во палеозитските карпи, буковите и боровите шуми;

Беровското езеро, кое поради поволната местоположба, чистата и недопрена природа, е значајно поради големиот број на комплекси кои се изградени околу него, како хотелскиот комплекс Аурора;

Реката Брегалница, со своите клисури, речниот екосистем и речниот релјеф. Нејзините извори, посебно на планините имаат питка и студена вода и претставуваат значаен ресурс за рурален и еко туризам.

Според типот и структурата на локалитетите, најголем потенцијал има планинскиот туризам, изразен со следните форми:

Планински велнес - рекреаивен престој (целогодишен, без оглед на сезоната) во: источниот дел на Малешевските планини околу Беровско езеро и блиските локалитети.

Летен спортско – рекреативен планински туризам (прошетки, планинарење, трекинг, рекреација, еко туризам) во претходно наведените локалитети;

Зимско – спортски планински туризам, рекреативен за почетници скијачи и деца;

Нископланинскиот предел (500 м - 1500 м) е погоден за трекинг, моунтбајкинг, џипсафари, параглајдинг, геотуризам, алпинизам, адреналински паркови и слични содржини.

Исто така, колибите и бачилата се несекојдневно место кое може да се посети. Колибите се изградени од цврст материјал, обиколени со плевни, кошари, фурни за печење леб и мандри за подготвување на прочуеното малешевско сирење. На колибите се престојува во текот на целата

година. Лете тука обично се сите возрасни работоспособни членови на семејството, а зиме остануваат постарите луѓе кои ја чуваат и ја хранат стоката и ги објагнуваат овците.

Освен планинскиот туризам од аспект на природни вредности, голем потенцијал во регионот имаат:

Езерскиот туризам на Беровско Езеро. Тоа е со одлична локација и положба и до него се пристигнува преку асфалтен пат кој минува низ густа борова шума и знаете точно што ве очекува кога ќе пристигнете во Малешевието. Езерото им овозможува на љубителите на риболов услови за рекреативен риболов бидејќи изобилува со најразновидни видови на риби меѓу кои: пастрмка, шара, клен, мрена и кајаш. Ако сакате да се освежите во ова езеро, најповолно време би ви било во месеците јули и август. Поради поволната местоположба, во чистата и недопрена природа на надморска висина од 1000 м виреат најразлични шумски бобинки и растенија од кои се приготвуваат лековити чаеви. Во последно време езерото масовно го посетуваат организирани странски туристи. Во Беровско и Малешевијата се приготвуваат многу традиционални лекови од природни состојки за разни болести. Од овој предел не може да си заминете без боровиот сируп или мед, лек за болести на дишните органи;

Руралниот туризам, има големи потенцијали за развој бидејќи површината, зарамнетоста и надморската височина на Делчевско – Беровската котлина нуди одличен потенцијал за развој на руралниот туризам поврзан со рамничарски терен. Исто така клисурите во Берово се изразито живописни, погодни за излети, едукација, престој во природа, кампување, искачување по карпи и набљудување на птици.

Ловниот туризам во смисла на елитност и одржливост е погоден и потребен за регионот, меѓутоа севкупниот финансиски ефект од него не може да биде голем. Планинскиот туризам и спа туризмот (велнес, рекреативен и зимско – спортски) се тие кои имаат можност да го зголемат просечниот број на ноќевања бидејќи по својата природа обично се повеќедневни. Другите туристички активности, доколку се добро организирани и вклучени во понудата, претставуваат одлична основа за продолжување и збогатување на туристичкиот престој. Во таа смисла се потребни големи вложувања и посветеност, но и повратниот ефект ќе биде забележителен и долгорочен.

**Анализа на културно – историските ресурси како туристичка атрактивност**

Во Беровскиот регион има значаен потенцијал за развој на туризмот, посебно за руралниот туризам, бидејќи има богато архитектонско и културно наследство, со планинските предели околу автентичните македонски села и традиционалните фармерски обичаи на производство и преработка на еколошки чиста и здрава храна.

Овој регион успеал да остане автентична средина со сопствен идентитет на кој му е неопходна поголема активност за афирмација.

Потребна е реставрација на постоечките традиционални куќи и културни знаменитости со цел да се зачува вредноста и автентичноста на просторот и истите да се промовираат како носител на понудата на туризмот.

Архитектонското богатство и квалитетот на народната архитектура се состои од дела со различни архитектонски изрази и многу типови на објекти за чија вредност сведочат многубројните и разновидните споменици: стари ископини, тврдини, цркви, манастири,

хармонични населби и градови и пред се пласитчната и пејзажната народна куќа. Богатото архитектонско наследство изобилува со разноликост од праисториско време до современа архитектура. Денес, на многу места може да се сретнат одлични примери на традиционална македонска селска архитектура, но истата не е соодветно зачувана.

Анализата на културните вредности и туристичката валоризација на многу атрактивности, покажува дека регионот поседува богато и разнобразно културно – историско наследство и археолошки вредности. Археолошките локалитети, музеите, црквите, манастирите, џамиите, спомениците, спомен обележјата, фестивалите и другите манифестации поседуваат изразен потенцијал за развој на културниот туризам. Доколку овие локалитети умешно и креативно се искористат како целина или бидат употребени со еден свој дел, сегмент или значење можат да придонесат и во развивањето на интегрирани туристички производи.

Од аспект на проценка на нивната туристичката поврзаност, пристап, опременост, содржајност, специфичност и сезоналност, како атракции со највисок потенцијал се издвојуваат поголем број од нив. Врз основа на изработените мапи со концентрација на атракции, очигледно е дека презентираните локалитети од областа на културно наследство се сместени најчесто околу или во градските центри. Ваквата позиционираност дополнително ја збогатува туристичката понуда на урбаните населби и претставува голема предност за развој на туристичкиот сектор во нив.

**Археолошки локалитети**

Најпознати се следните локалитети:

**Бреза** – населба од доцно античко време. На 12 км источно од Берово, на простор од околу 300 х 200 м се среќаваат фрагменти од римски покривни ќерамиди, питоски и керамички садови. Овде се најдени и неколку римски и старохристијански монети кои се чуваат во Музејот на Македонија.

**Врчвите** – некропола од железно време. Се наоѓа на околу 5 км источно од Берово, на десната страна од долината на Брегалница, на терен што се шири од двете страни на патот за Чучурските колиби. Има 4 тумули наредени во линија исток - запад кои се на растојаније од 20 м еден од друг. Тумулот I, што лежи на југоисточниот крај е прилично добро зачуван. Другите могили се доста оштетени од ерозија и од диво копање така што обликот и димензиите не можат точно да се одредат.

**Градиште** – населба и некропола од доцноантичко време. Лежи 7 км источно од Берово на рид што се издига високо на левиот брег на Брегалница. На зарамнетото плато било најдено мало депо на римски монети. Видливи се и остатоци од некрополата.

**Долно Градиште** – Јабланица – населба од римско време. На 3.5 – 4 км од населбата Јабланца, на левиот брег на Брегалница се среќаваат остатоци од градежен материјал.

**Келаклевец** – населба од доцноантичко време. Во подножјето на еден висок рид што се наоѓа лево од патот Берово – Сандански, а на 13 км југоисточно од градот, при обработување на земјата се откриени темели од објекти, фрагменти од ќерамички садови, разновизантиски моmети и железни алатки.

**Ковачилница** – утврдена населба од железното и доцноантичкото време и средниот век. Се наоѓа на 7 км источно од Берово, лево од коритото на Брегалница, на височина скриена во планинскиот предел. Јужната и северната страна се стрмни и се опкружени со суводолци, додека другите две се малку поблаги и преку мали преслапи се надоврзуваат на ридот

Градиште. На самиот врв на височинката има елипсовиден простор, со димензии од 25 х 15 м, опкружен со остатоци од бедем и речиси целиот покриен со кршен камен и згура од топена руда. На падините, особено од западната и југозападната страна, се среќаваат фрагменти од атипична ќерамика од железно време, како и од доцноантичко време. Локалитетот е доста прекопан од трагачи по злато.

**Линако** – населба од доцноантичко време. Се наоѓа на северниот крај на вештачкото езеро, 8 км оддалечено од Берово. На простор од околу 200 х 200 м, се среќаваат фрагменти од римска керамика, питоси и градежен материјал, а во горниот дел се забележуваат темели од објекти.

**Пашајлов Преслап** – населба од доцноантичко време. На 5 км од Берово, се среќаваат фрагменти од доцноантичка керамика, питоси и градежен материјал. Најдени се и римски монети.

**Попов Рид** – градиште од доцноантичко време. На северната периферија на Берово се издига низок рид кој има зарамнето плато со димензии од 270 х 150 м. Видливи се остатоци од темелите на бадемот, а се среќава и множество фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди и др.

**Св. Архангел Михаил** – пронајдени се средновековни јами. Во дворот на манастирот во 1974 г., при нивелирање на теренот се откриени четири јами од кои три се истражени од Заводот и музеј во Штип. Јамите имале стопански карактер односно служеле за складирање на жито (амбари).

**Селба** – населба од римско време. На 12 км источно од Берово, под ридот Пластица, на простор од 600 х 500 м, се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, питоси, покривни ќерамиди, биле пронајдени и римски и рановизантиски монети.

**Шабанско Градиште** – градиште од доцноантичко време. На местото каде што Ратевска Река се влева во вештачкото езеро, на еден висок рид што има зарамнет простор од 150 х 100 м се гледаат остатоци од населба заштитена со бедем. На површината се среќаваат кршени камења и друг градежен материјал.

**Широк Дол** – пронајдени се могили од доцноантичко време. Локалитетот се наоѓа во долината на Јабланица, има 6 могили со приближни димензии од 20 м во основата и височина од 2 до 4 м, обраснати со дрвја.

Сепак, кај најголемиот дел од локалитетите недостига квалитетна презентација, сигналитика, интерпретација, промоција, а во нивна близина недостига и придружна инфраструктура од типот на информативни центри, сувенирници, организирани паркинзи и санитарни јазли.

**Музеи**

Музејот на Берово е местото каде би требало да го почнете запознавањето со Берово.

Сместен е во прекрасната зграда во самиот центар на градот, која е реконструирана во духот на оргиналната архитектура од крајот на 19-ти век, за која беровчани сентиментално се врзани бидејќи е еден од препознатливите елементи на градот. Исто така, значајно е што во неа било отворено првото народно училиште.

Во концепирањето на музејот помогнале признаени национални експерти од областа на историјата и етнологијата, кои успеаа да направат спој меѓу елементите од постоечката музејска поставка во манастирскиот комплекс Св.Архангел Михаил и нови елементи и експонати. Историските поставки, кои се сместени воо музејот, се состојат од документи и предмети кои

што говорат за историјата на Малешевскиот народ од времето на Дедо Ињо Малешевски, Никола Петров Русински, Димитар Поп Георгиев Беровски, Разловечко востание, развојот на Малешевијата помеѓу двете Светски војни и развојот на Малешевијата по Втората светска војна.

За збогатување на изложбата се поставени и случајните наоди на античките и средновековните монети, кои говорат за економскиот развој и трговските односи на Малешевијата, како и за постоење на Римската цивилизација на ова поднебје.

Етнолошката поставка се состои од реконструкција на малешевската соба, малешевската носија, малешевски накити, грнчарско производство, музички инструменти и реконструкција на малешевска ковачилница. Музејот како самостојна институција е можност повеќе да се иницираат и превземат истражувачки работи на подрачјето на Општина Берово и да се збогати музејската колекција со нови артефакти.

Музејот на Берово е дел и од комплексниот проект за уредување на центарот на градот, што е приоритет на Стратегијата за одржлив развој на Општина Берово, како основен предуслов кој ќе придонесе за економската и социјалната ревитализација на Берово, развој на туризмот и севкупен позитивен развој на Општината.

**Настани и манифестации**

Во Берово секоја година се организираат се повеќе настани, а во 2016 година беа одржани повеќе од сто. Во таа насока Берово беше прогласен за град на културата" во 2017 година.

Програмите опфатија разновидни настани – претстави, концерти, фолклорни изведби, изложби и литературни промоции, гостувања на театри и ансамбли од Македонија и од регионот со кои Општината има добра соработка, настапи на солисти од Македонската опера и балет, Софиската опера, а на централната улица покрај старoградската архитектура творат креативци на отворено.

Берово е град со длабока традиција кој е многу посветен на нејзиното негување, на обичаите, на старите занаети и се она што е карактеристично за градот. Туризмот овде го има во текот на целата година. Со доделување на титулата „Град на културата" и со организирање на други културни манифестации се придонесува за унапредување на локалниот културен развој, бидејќи овие манифестации се бенефит токму за локалниот развој и за зголемување на туристичкиот потенијал.

Клучната карактеристика за сите манифестации е што се веќе етаблирани и релативно добро промовирани, а локациите каде се одржуваат ги прават лесно достапни за посетителите. Можноста за нивно понатамошно унапредување и создавање туристички производ од нив се согледува во збогатување со основни и придружни содржини кои би влијаеле на продолжување на нивното времетраење, а со тоа би се зголемиле и деновите за престој на туристите во време на нивното одржување. Дополнително, потребна е и промоција на овие настани надвор од границите на државата. Дел од манифестациите имаат потенцијал да станат генератори на поголем број посетители, но потребни се поголеми вложувања во програмскиот дел, како и промена на пристапот во нивната организација, пред сè во делот на раководење и логистика преку ангажирање професионален кадар и професионална промоција. Ваквите промени би довеле до градење препознатливост и бренд на манифестациите со што реално би се очекувале посериозни бројки на туристи - посетители на ваквите настани. Од особена важност е посериозното мапирање на глобалната карта на настани преку нивно зачленување во

меѓународни организации. Други манифестации кои имаат локално значење се особено интересни за создавање интегрирани туристички производи преку комбинирање со други атрактивности и содржини во регионот. Можно е нивно комбинирање со содржини и понуда во рамките на селата, односно руралниот и религиозниот туризам.

**Најпознати манифестации се:**

**Ратевскиот карневал "Бамбурци"**

Културната манифестација Ратевскиот карневал "Бамбурци", е директно поврзана со верскиот празник "Собор на Свети Јован Крстител" - Јованден. Покрај традиционалниот настап на "Ратевските бамбурци", карневалот е збогатен со презентација и на други активности, поврзани со традиционалните обичаи во Малешевијата во зимскиот период, како што се: обичајот "Најатка" (донесување дрвце и давање подарок на децата), обичајот "Прошка" - голем копен (Стреловиште).

**Велигденско јајце – Избор на најубаво и најцврсто декоративно јајце**

Велигден е христијански празник со голема традиција во општина Берово. Секоја година на Велигден се организира манифестација за избор на најцврсто јајце "качор" и за најубаво украсено јајце. Манифестацијата е збогатена со културно-уметничка програма.

**Ликовна колонија Берово**

Ликовната колонија Берово континуирано се организира од 2003 година и има меѓународен карактер, со учество на уметници од Македонија, Бугарија и Србија. Делата секоја година се изложуваат во Берово, како и во повеќе градови низ Македонија.

**Меѓународен фолклорен фестивал - Малешевски фолклорни средби**

Секоја година во месец август во Берово се организира меѓународен фолклорен фестивал, на кој домаќин е КУД Димитар Беровски од Берово, а земаат учество фолкорни состави од Македонија, Бугарија, Србија и пошироко.

**Владимирски Илинденски средби**

Во село Владимирово од 31 јули, заклучно со 2 август се одржува тридневна манифестација под името „Владимирски Илинденски средби“. Централниот настан е одбележувањето на празникот Илинден, кое традиционално години station наназад, на 2 – ри август, се одвива на блискиот рид местото викано Шилеви Огради. Специфично е дека токму за Илинден, сите жители на Владимирово расселени низ различни краишта на Македонија и светот, се повикуваат со пораката: „За Илинден, дека да си, дома да си“. Покрај месното население, селото се полни со роднокрајци од сите возрасти, од различни градови и земји. На овој сенароден собир, добредојдени се и гости кои ќе имаат несекојдневна можност да учествуваат во една вистинска атракција.

Присутните ќе имаат можност да пробаат домашни „прекадени“ погачи кои се делат за здравје, како и традиционален Илинденски ручек – курбан готвен на ридот од рани утрински часови, во котли на дрва. Денот започнува со Свечена Архиерејска Литургија во малата црква „Св.Илија“, а завршува со најголемото оро во Малешевијата под звуците на зурли и тапани. На овој начин

прекрасното живописно село Владимирово ја негува својата традиција, ги јакне потенцијалите за развој и ја пренесува пораката за слога, заедништво и чување на семејните вредности со гордост кон потеклото.

**23-ти август Ден на општина Берово**

Денот на ослободувањето на Берово е празник кој е проследен со традиционален вечерен концерт како и низа на културни настани во текот на денот меѓу кои и изложба на дела од Ликовната колонија.

**Меѓународен саем на традиционални производи меѓународен етно фестивал – Етно Плоштад Фестивал**

За промоција и доближување до потрошувачите на традиционалните изработки и производи во Берово секоја година во периодот од 23 до 28 август се организира меѓународен саем на традиционални производи и меѓународен етно фестивал. На саемот се претставени три сектори: здрава храна, вешти раце, сувенири и резби. На фестивалот настапуваат изведувачи од различни земји и создаваат фузија на различните култури и специфики. Целта е да се презентираат традиционалните вредности и нивната специфика, како на малешевскиот регион, така и на гостите присутни на овој етно фестивал. За време на одржувањето на фестивалот, плоштадот во Берово доживува визуелна реконструкција каде може да се почувствува духот на минатото и традицијата. На фестивалот настапуваат реномирани интернационални изведувачи кои веќе го докажале своето музичко творештво и влијание во светот.

**Декември - Марш од с. Русиново до Петлец**

По повод одбележувањето на смртта на македонскиот револуционер Дамјан Груев и оддавање чест за неговото дело секоја година се организира марш од с. Русиново до планината Петлец, на местото каде што е убиен во 1906 г.

**Цркви и манастири**

Регионот поседува вредни и уникатни објекти од сакрална архитектура, коишто можат да бидат дел од богата понуда на руралниот туризам. Дел од нив се мапирани во националната туристичка понуда и како такви се етаблирани како локации кои привлекуваат голем број посетители. Со нив има најголем потенцијал за развој на верскиот и културниот туризам. За ваквите локалитети потребни се дополнителни напори за нивна понатамошна промоција и обезбедување логистика која ќе обезбеди дополнителни услуги за посетителите (сместување за локалитети во кои не е можно сместување, исхрана, сувенири и сл.). За религиозните објекти кои имаат регионални значење потребна е засилена промоција и нивно искористување во создавање туристички производи во комбинација со природните ресурси и ресурсите на руралните средини. Од нив, со умешно и креативно ползување и вградување во туристичките производи се прави автохтона и конкурентна туристичка понуда во делот на руралниот туризам, етно туризмот и еко туризмот.

**Манастирот Св. Пресвета Богородица Балаклија (Источен Петок)**

Црквата Пресвета Богородица се наоѓа во близината на Берово, односно на патот Берово – Беровско Езеро, во грлото на брегалничката абланечка клисура. Започнала да се гради во 1972,

а била завршена во 1975 година и е изградена во стилот на византиско-македонските цркви од среден век. Манастирот е машки, а типикот на манастирот е исихастички. Во близина на манастирската се наоѓала друга, постара црква (еднокорабна, скромна црква градена од кршен камен, со дрвена таваница и полукружна апсида однадвор, влез на западната страна, 4 прозорци на северната и 3 на јужната страна), која што била разрушена, а иконите од неа били пренесени во новата црква.

На 28 август православниот христијански народ го прославува празникот Успение на Пресвета Богородица. По тој повод, на тој ден, секоја година, Берово е домаќин на на црковно народниот собир кој што се организира во манастирот Пресвета Богородица - Источен Петок. На 28 август во Берово доаѓаат луѓе од сите краеви на Македонија и пошироко, чиј што број достигнува до 15.000. Во манастирот жителите на градот-домаќин организираат масовна прослава во чест на празникот, при што секој од посетителите - поклоници, оддава почит на Богородица и учествува на свечената трпеза. На тој начин се продолжува традицијата, која трае веќе десетина векови.

**Рождество на Пресвета Богородица**

Црквата Рождество на Пресвета Богородица е еден од препознатливите белези на Берово и центар на збиднувањата за жителите и посетителите. Црквата е изградена во 1912 година, а е осветена во 1922. Во 1930 г. била изградена камбанарија. Има облик на еднокорабна градба од поголеми размери, со полукружна апсида однадвор. Во внатрешноста, во горниот дел завршува со рамна таваница, зелено обоена, со тоа што делот од централниот простор е повисок и има украсни полиња.

**„Св. Архангел Михаил“**

На самиот влез брегалничко – абланечката клисура, каде што Брегалница започнува на навлегува во беровско поле се наоѓа манастирот „Свети Архангел Михаил”, кој што е изграден во 1818 година. Изграден е меѓу две стари цркви, меѓу „Свети Ѓорѓи” од десната страна на околу стотина метри, на чие што место денес постои оброчиште и „Света Богорогица” од левата страна, на влезот во брегалничката клисура, на местото каде во 18 век се наоѓало Берово. Темелите на првиот женски манастир во Берово се подигнати дваесет години по изработката на манастирската црква (околу 1840 год.). Во својот најголем подем манастирот броел и до шеесет монахињи (калуѓерки) со развиена богата економија, богословско училиште, ткајачница. Од јужната, западната и северната страна на црквата се сместени конаците во кои живеат монахињите. Тие се изградени во чиста малешевска стара архитектура на приземје, со вкупно 16 соби и површина од 560 метри квадратни. Во јужниот дел на конаците се сместени две спомен соби, едната на Атанас Раздолов, а другата на Никола Петров Русински, а во другиот дел од јужните конаци е сместен музејот посветен на разловечкото и Кресненското востание.

Црквата со голем трем, изградена во архитектурен опус од XIX век, доминира во манастирскиот двор. Во нејзината внатрешност ликовите на светителите се насликани во карактеристичен стил што отстапува од византиските канони. Од првобитниот иконостас сочувана е само една икона со претставата на Светиот пророк Ное, дело на иконописецот Георги Велјанов од Струмица, изработена во 1818 година. Конакот е разигран. На иконостасот што го дели олтарот од средниот дел се вградени 10 таканаречени царски икони со врвен уметнички дострел. Привлекува со топлината на присуството на дрвото, обликувано во старградски стил од XIX век. Во манастирската библиотека се чуваат голем број на книги и текстови од XIX и XX век, а во внатрешноста на црквата има 72 икони од XIX.

**Црква Св.Петка – село Русиново**

Црквата „Св. Петка” се наоѓа на излезот од селото Русиново, на патот кој води кон селото Владимирово. Таа датира од првата половина на деветнаесетиот век, богата е со икони и записи кои се однесуваат на различни временски периоди. Исто така во ова село може да се посетат уште капелната црква „Св. Архангел Михаил“, од 14 век, а со убавината ќе ве плени и капелната црква „Св. Марко“ каде што се прави курбан (црковно – народен собир) на празникот Голема Богородица на 28 август секоја година.

**Црква Св.Апостоли – село Ратево**

Во селото Ратево кое е оддалечено 7 km од Берово можете да ја посетите црквата Св. „Апостоли”. Изградена во втората половина на XIX век и слично како и повеќето цркви во Малешевијата располага со многу икони кои пак се испишани со записи од различни временски периоди. Во неа курбан (црковно – народен собир) се прави на Голема Богородица и Илинден, а селска слава е Св. Павле.

**Црква Св.Спас – село Владимирово**

Ова село плени со својата стара архитектура. Во центарот на селото се наоѓа стариот Ан кој датира од 18 век и црквата „Св. Спас“ од 1843 г. која што освен црква низ времето била и училиште и полициска станица. Во црквата е откриен „Летопис на црквата на Св. Вознесение Христово“. Селска слава е Св. Спас, а курбан (црковно – народен собир) се прави на Илинден.

**Црква Успение на Пресвета Богородица – село Смојмирово**

Во селото кое е најблизу до Берово, т.е. оддалечено е само 3 km од Берово, можете да ја посетите црквата “Успение на Пресвете Богородица” кој што е изградена во 1909 година на местото на кое имало стара црква. Црквата е слична со црквата “Св.Спас“ во с. Владимирово. Селска слава е Св. Троица.

**Црква Св.Атанас – село Мачево**

Во Мачево, најмалото беровско село, се наоѓа црквата „Св. Атанас“ која што според натписот над западниот влез е изградена во 1932 г. на местото на постара црква. Селска слава е Св. Атанас, а курбан (црковно – народен собир) се прави на Илинден. Исто така во ова село може да се посети и археолошкиот локалитет познат како Мачевски Чуки – могли од римско време. Тој располага со тули кои имаат неправилна форма, печени се и бојата им е црвено кафеава. Тие се ископани од малата чука која се одрони при пробивањето на новиот пробиван пат Берово – Кочани.

**Црква Св.Ѓорѓи – село Будинарци**

Во селото Будинарци е зачувана уникатна селска архитектура од 18 век. Тука може да ја посетите црквата „Св. Ѓорѓи“ која е изградена во 1857 година. Црковно – народен собир се прави на Илинден и Митровден. Селска слава е Света Пресвета. Западно од селото се наоѓа капелната црква „Св. Ѓорѓи“, каде што на Ѓурѓовден се прави црковно - народен собир. Покрај капелната црква има извор на света вода, каде што многу луѓе наоѓаат утеха на своите маки.

**Црква Св.Илија – село Митрашинци**

Во селото Митрашинци можете да ја посетите најголемата црква во општината „Св. Илија“, но нема податоци за периодот кога е изградена. Според еден натпис во црквата, таа е живописана во 1894 г. Оваа црква е единствена во Малешевијата, чија што внатрешност е целосно фрескописана.

**Црква Пресвета Богородица – село Двориште**

Во селото Двориште, најоддалеченото село во Малешевијата од Берово. можете да ја посетите црквата „Пресвета Богородица“ изградена во почетокот на 20 век од преселници од Рибница, Пиринска Македонија. Интересен е обичајот Сурова, кој што се прави ноќта на 13 спроти 14 јануари секоја година. Селска слава е Мала Богородица, во народот познат како Рожен, а курбан (црковно – народен собир) се прави на Илинден.

**Анализа на рецептивни фактори**

Во Општина Берово, гостите најмногу престојуваат за време на викенд, посебно за новогодишните, велигденските и првомајските празници, а за време на летниот период се задржуваат просечно по 4 – 7 дена. Најголем број од посетителите се домашни туристи, но во последните неколку години и бројот на странските туристи е во пораст. Гостите најголем интерес покажуваат за чистиот воздух, мирната и тивка околина и можностите за одмор и релаксација, вклучувајќи ги и прошетките во планина, но не е мал ни бројот на оние кои доаѓаат во Берово поради здравствени причини.

Сепак треба да се напомене дека статистичките податоци треба да се земат со голема резерва. Имено, најголемиот број на мали сместувачки капацитети како вили, апартмани и сл., статистички не се евидентирани. Така, на туристичкиот портал за резервација: www.berovobooking.com.mk, кој за жал е единствен од таков вид во ИПР, на 20.01.2019 се нуделе 35 сместувачки капацитети во Берово и околу Беровско езеро со околу 600 легла, наспроти само 5 сместувачки капацитети присутни во статистичките податоци. Овие викенд населби, односно викенд куќи, заинтересираните сопственици би можеле да ги адаптираат за сместување туристи.

Следна важна карактеристика е тоа што сместувачките и угостителските објекти речиси воопшто не се присутни на туристичките интернет портали како најбрз и најефективен начин на рекламирањ. Така, на познатата интернет страна booking.com, преку која се резервира и се остварува огромен туристички промет, на 20.01.2019 г. беа присутни само дел од сместувачките објекти од Општина Берово, и тоа: Хотел Манастир, Хестија Апартмани, Хотел Аурора, Апартмани Поли, Вила Амика, ВИП Хотел Берово, Апартмани Природа и Апартмани Алекс. Поради ова, потенцијалните заинтересирани посетители воопшто не се запознаени дали и каде би можеле да се сместат во рамките на Општина Берово, бидејќи најчесто интернетот е најлесен и најбрз извор на туристички информации.

**Туристички промет и сместувачки капацитети**

Врз основа на последните податоци од заводот за статистика во 2018 год. во Берово престојувале вкупно 13,0396 туристи од кои 8980 домашни и 4056 странски. Домашните туристи

оствариле поголем број на ноќевања и тоа 16,581 додека странските 6,478 ноќевања или вкупно заедно 23,059 ноќевања.

| | 2013 | | 2014 | | 2015 | | 2016 | | 2017 | | 2018 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број на туристи | Број на ноќевања | Број на туристи | Број на ноќевања | Број на туристи | Број на ноќевања | Број на туристи | Број на ноќевања | Број на туристи | Број на ноќевања | Број на туристи | Број на ноќевања |
| Домашни туристи | 5456 | 9028 | 6138 | 10986 | 7216 | 13388 | 8090 | 15321 | 9905 | 18663 | 8980 | 16581 |
| Странски туристи | 2218 | 4403 | 3008 | 5525 | 2511 | 4898 | 3382 | 6026 | 3960 | 6822 | 4056 | 6478 |

| | 2019 | | 2020 | | 2021 | | 2022 | | 2023 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број на туристи | Број на ноќевања | Број на туристи | Број на ноќевања | Број на туристи | Број на ноќевања | Број на туристи | Број на ноќевања | Број на туристи | Број на ноќевања |
| Домашни туристи | 5456 | 9028 | 6138 | 10986 | 7216 | 13388 | 8090 | 15321 | 9905 | 18663 |
| Странски туристи | 2218 | 4403 | 3008 | 5525 | 2511 | 4898 | 3382 | 6026 | 3960 | 6822 |

Табела 1. Број и ноќевања на домашни и странски туристи, 2019-2023, во Општина Берово,

Извор: Државен завод за статистика

График. Туристи во Општина Берово




График. Ноќевања на туристи во Берово



Особено важни и најпознати сместувачки капацитети, кои го остваруваат поголемиот дел од туристичкиот промет се:

**Хотелски комплекс Манастир**

Хотелскиот комплекс Манастир е сместен сред божествената убавина на Малешевијата, веднаш до манастирот Св. Архангел Михаил од кој е добиена и инспирацијата за неговата специфична манастирска архитектура. Со почитта кон историјата и традицијата, а со цел да не се наруши вонвременската убавина на градбата е постигната беспрекорна хармонија меѓу вековното и ново - создаденото со што се создава една целина во која гостите ќе можат да се релаксираат и уживаат во незаборавните вкусови на гастрономските специјалитети и автентичната етно атмосфера. Хотелскиот комплекс Манастир располага со три хотелски крила, СПА содржини, сала за семинари, две летни тераси, „чардак", терен за тенис, мултифункционален терен за кошарка, фудбал и одбојка, детско игралиште и надгледуван паркинг простор. Трите хотелски крила располагаат со 6 стандард соби, 2 соседни стандард соби, 6 студиа, 8 супериор соби, 3 двософни апартмани, 3 супериор апартмани и 2 двособни супериор апартмани, со располагање на вкупно 70 легла. Сепак при полна негова искористеност, хотелот може да прими 90 лица. Сместувачкиот капацитет, е одлика на „модерното", од причина што такво е побарувањето на денешниот современ турист, кој има потреба од удобност и комфор.

Сите соби се опремени со директна телефонска линија, мини бар, LCD-TV со кабловска, бесплатна безжична интернет конекција, бања со тоалет, воедно истите, со исклучок на неколку, имаат и тераса со неповторлив поглед. Планинското опкружување, езерото, маркираните велосипедски и пешачки патеки, се најпогодното место за релаксирачки прошетки, за љубителите на планинарењето и mount - biking, како и за оние кои бараат авантури и предизвици, но исто така и за љубителите на ловот и риболовот, а и кајакарите на мирни води токму овде ќе го пронајдат она по што трагале. Во денешниот свет на висока технологија и интензивен брз, динамичен начин на живот, потребно е да се обнови животна енергија, а „Манстир" и еко - туризмот се вистински избор кон таа цел.

**Аурора - Ресорт и Спа**

Комплексот Аурора претставува уникатна архитектонска градба, изграден од природни материјали, со употреба на вулкански камен и дрво, оплеменет со различни видови на растенија кои го претвараат во прекрасна ботаничка градина. Со надморска височина од 1100 метри, ресортот е сместен во источниот плански дел на Македонија, близу до градот Берово, веднаш над Беровското езеро и прекрасниот кањон на Малешевските планини.

очно овој регион, често именуван како мала Швајцарија, се наоѓа еден од четирите воздушни коридори во светот, збогатен со огромно количество на кислород, претворајќи го ресортот во беспрекорно чиста воздушна бања. Со своите содржини како: world-class СПА центар, ресторан што претставува уметничко ремек дело, пет ѕвездено сместување, прекрасни базени, беспрекорна услуга од светска класа и богати и интересни планински содржини, го прават овој луксузен сепак интимен комплекс вашето совршено бегство од секојдневието.

**ВИП Хотел - Берово**

ВИП Хотел - Берово е основан во 2010 година, изграден во модерен стил и е лоциран до самото езеро, со прекрасен поглед на околните шуми и зелените планини. Доколку сакате да избегате од градската врева, стресното секојдневие, сообраќајниот метеж, и барем за кратко да им се вратите на мирот, спокојството и природата во Македонија, испланирајте викенд на Беровско езеро во овој хотел.

**Боров Еликсир СОЛМАРЕ**

Во наредните 3 години во Општина Берово ќе се започне со градба на првиот комплекс за здравствен и рекреативен комплекс, Берово ќе се збогати со уште еден туристички комплекс “Боров Еликсер СОЛЕМАР”. Инвестиција во нов капацитет – Хотел со 5 ѕвезди и Велнес Центар со солена бања, локацијата е покрај регионалниот пат Берово – Струмица, во непосредна близина на отклонот за  село Русиново, Општина Берово.

Хотелот Боров Еликсир СОЛЕМАР ќе претставува светски позната туристичка дестинација, Берово се смета за место со најчист воздух на Балканот, место одлично за развивање на велнес и спа туризам, со луксузни сместувачки капацитети и содржини за алтернативен селски, етно, авантуристички и други видови на туризам.

Ова ќе биде прв туристички комплекс кој ќе се гради надвор од веќе постоечките туристички населби во Берово

**Останати значајни фактори за развојот на туризмот во Општина Берово**

**Транспортна инфраструктура**

**Патна инфраструктура**

Берово се наоѓа во источниот дел на Република Македонија и е поврзан со сообраќајниот систем на државата само со системите на патна мрежа и на меѓуградскиот сообраќај на патници.

Општината Берово е поврзана со два регионални патни правци кон внатрешноста на Република Македонија со:

Р-527 - Кочани-Виница-Берово-Клепало (граничен премин);

Р-523 - Делчево-Пехчево-Берово-Струмица;

Р-524 - Берово-Клепало (граница Р. Бугарија);

регионалниот патен правец Р-603 – Берово - Подареш - Радовиш

Од аспект на развој на туризмот, потребно е забрзана изградба на регионалните патни правци. Со тоа ќе се олесни пристапот кон регионот, но и ќе се создадат можности за создавање интегрирани туристички производи базирани на меѓурегионална туристичка понуда и соработка. Одржувањето на регионалните патишта е во надлежност на ЈП Македонија пат и моментално скоро на сите регионални патишта е потребна реконструкција. Сите селски населби од Општината се поврзани со градот Берово, со асфалтирани локални патишта. Локалните патишта имаат вкупна должина од 36 км и 109,94 ха, од кои 14% се неасфалтирани земјени патишта.

Постојната состојба со квалитетот на патната инфраструктура е прилично лоша, што е последица на недоволното одржување и инвестирање во неа. Локалните патишта се во прилично лоша состојба. Поголем дел од локалните патни правци се со несоодветен квалитет, а на определени делници квалитетот на локалната патна мрежа е на толку ниско ниво што претставува и потенцијална опасност за нормално одвивање на сообраќајот.

Уличната мрежа во Берово има должина од 26,5 км, со површина од 156.500 м2, од кои 62,7% се асфалтирани, 8,4% се коцка, 1,1% се тампонирани, 11,7% се земјени и 16,1% се непробиени. Проблем за движењето на пешаците претставуваат неизградените тротоари на поголемиот дел од градските улици. Евидентен е недостаток на соодветен паркинг-простор за моторните возила.

За опслужување на моторните возила со погонско гориво се користат 3 бензиски пумпи:

Макпетрол, ул.Маршал Тито 3А - Берово

Дива Компани, Илинденска ББ – село.Смојмирово

Шливка Петрол – Владимирски пат ББ

Подобрувањето на патната инфраструктура е од исклучително значење за развојот на туризмот во Берово. Таа е потребна како за олеснување на пристапот на туристите до регионот така и за обезбедувањето на туристичките услуги. Несоодветните локални и регионални патишта негативно влијаат на постоечките потенцијали кај постоечките субјекти кои се занимаваат со туризам, пред сè поради фактот на усложнување на транспортот на туристите и поскапувањето на вкупните трошоци поврзани со транспортот и одржувањето на објектите. Дополнително, лошата патна инфраструктура го усложнува и планот за развој на туристичкиот сектор во општините во регионот кои имаат потенцијал тоа да го направат. Од особена важност е изградбата и локалните патни правци. Ова е значајно не само од аспект на олеснувањето на пристапот до туристичките атрактивности туку и поради зголемување на потенцијалите на мобилност на луѓето, опремата и добрата. Високата концентрација на населението во урбаните средини е неповолен фактор за развој на туризмот во регионот, посебно во руралните и ненаселените места. Ваквата ситуација бара потреба од ангажирање работна сила од градовите за потребите на туристичка инфраструктура надвор од урбаните центри.

Иако Берово има заедничка граница со Република Бугарија од околу 100 км, на неговата територија постои само еден граничен премин (Делчево). Планот за отварање на граничниот премин Клепало е најавен за 2020 година. За потребите на развојот на туристичкиот сектор во Берово од приоритетно значење е целосна модернизација на постоечкиот граничен премин и отворање на планираниот. Граничните премини се портите на регионот кои ќе го олеснат пристапот на странските гости.




Слика. Одалеченост на Општина Берово од трите главни градови – Скопје, Солун, Софија

**Железничка инфраструктура и воздушен сообраќај**

Најблиската железничка станица е на 50 км од Берово и се наоѓа во Кочани. Железничкиот транспорт во источниот дел на земјата е во стагнација.

Лошата состојба на железничката мрежа е негативен фактор за развој на туризмот и потребни се инвестиции за подобрување како на постоечката мрежа така и за нејзино проширување. Подобрената железничка мрежа ќе има позитивни ефекти во поврзувањето на регионот со соседниот Вардарски регион (еден од најзначајните региони од аспект на железничката мрежа бидејќи низ него минуваат клучните железнички линии во државата) и со Скопје како главно емитивно подрачје, посебно од аспект на поттикнување на економскиот раст преку инвестиции.

Берово има скоро централна поставеност во однос на околните аеродроми: 170 км од Скопје, 162 км од Солун и 165 км од Софија. Најблиското пристаниште е во Солун.

**Земјоделие, шумарство**

**Флора и фауна**

На територијата на Општина Берово најзастапени се дабовата и буковата шума. Буковиот појас е застапен во планинскиот и во потпланинскиот појас. Подобро се зачувани горските букови шуми, тие се од големо значење за шумското стопанисување. Ливадите се малку застапени, и тоа во близина на реката Брегалница. Поради потиснување на шумите, ридските пасишта се протегаат на големи пространства, спротивно од планинските пасишта, кои се застапени во мал обем.

Шумите и шумското земјиште во Малеш зафаќаат површина од 29.102 ха, од кои под шуми се 27.970 ха, а под шумско земјиште се 3.870 ха.

**Табела 1. Структура на површините на шумите и шумските земјишта**

| Општина | Вкупно | | Шуми (ха) | Шумски култури ха | Голини ха | Нешумска површина ха |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | шуми ха | необрас. ха | | | | |
| Берово | 29.102 | 3.870 | 27.970 | 1.132 | 1.651 | 2.219 |

Извор: Шумскиот фонд и дрвната индустрија во Малеш – потенцијали и насоки за нивно унапредување

Од вкупната површина под шуми, 72,0 % се во државна сопственост, а 28,0 % се шуми во приватна сопственост.

**Табела 2. Структура на површините на шумите според сопственоста**

| Општина | Вкупно | | Општествени | | Приватни | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ха | % | ха | % | ха | % |
| Берово | 29.102 | 100 | 20.976 | 72 | 8.126 | 28 |

Извор: Шумскиот фонд и дрвната индустрија во Малеш – потенцијали и насоки за нивно унапредување

За уредени шуми се сметаат сите оние шуми за кои има изготвени и прифатени шумско-стопански планови, независно од нивната сопственост. Уреденоста на шумите е од посебно значење за стопанисувањето со шумите, покрај другото, и затоа што за тие шуми не само што е утврдена нивната состојба, туку се определени и условите за стопанисувањето, како и економско-финансиските ефекти од стопанисувањето со шумите.

**Табела 3. Шумски фонд според видот на насади**

| Општина Берово | Чисти од лисјари | Чисти иглолисни насади | Мешани насади од лисјари | Мешани иглолисни насади | Мешани иглолисни насади и лисјари |
|---|---|---|---|---|---|
| | 13.560 ха | 2.429 ха | 8.103 ха | 565 ха | 4.382 ха |

Извор: Шумскиот фонд и дрвната индустрија во Малеш – потенцијали и насоки за нивно унапредување

Податоците за структурата на шумите во Општина Берово се постари со оглед на фактот дека во последно време е сè помал бројот на жители во општината кои се занимаваат со сточарство и земјоделство, и од тие причини оние површини кои се обработувале пред неколку години сега се напуштени и не се обработливи.

**<u>Комунална инфраструктура и планирање</u>**

**4.Комунална инфраструктура и планирање**

**Просторна и урбанистичка планска документација**

**СЕКТОРСКИ АНАЛИЗИ**

**<u>Комунална инфраструктура и планирање</u>**

**Просторна и урбанистичка планска документација**

**Уредувањето на градежното земјиште се врши во градот Берово, на подрачјето опфатено со детален урбанистички план на градот, сите населени места во Општина Берово и туристичките населби „Суви лаки“ и „Беровско езеро“.**

| **УСВОЕНА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ВО ОПШТИНА БЕРОВО** |
|---|

| **ГУП** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ред бр** | **Наслов на урб.план** | **( ха ) хектари** | **Број на одлука** | **Дата на донесување одлука на совет** | **Плански период** | **Изработувач на урб.план** | **Дали планот е испорачан во AutoCAD na CD** | **Дали во општината има ГИС систем** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **ГУП - Генерален Урбанистички план на Берово** | 224,0 Ха | 0701-25 | 28.02.2001 г. | 2001 - 2011 | ЗУМ - Завод за урбанизам на Македонија | Не | Да - како Тиф податок |

| **ДУП** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ред бр** | **Наслов на урб.план** | **( ха ) хектари** | **Број на одлука** | **Дата на донесување одлука на совет** | **Плански период** | **Изработувач на урб.план** | **Дали планот е испорачан во AutoCAD na CD** | **Дали во општината има ГИС систем** |
| 1 | **ДУП на Берово** | 137,0 Ха | 08-496/1 и 08-285 | 02.04.1992 г. и 17.10.1997 г. | 1992-1997 ипродолжена до 1997 - 2002 | ЗУМ - Завод за урбанизам на Македонија | Не | Да - како Тиф податок |
| 2 | **ДУП** за **Градска зона за мало стопанство „Ширината“** во Берово | 5,83 Ха | 08-292 | 21.12.1995 г. | 1995 - 2005 | ЗУМ - Завод за урбанизам на Македонија | Не | Да - како Тиф податок |
| 3 | **ДУП** за **„Ширината“** во Берово **(зона за домување)** | 6,5 Ха | 08-297 | 24.10.1996 г. | 1996 - 2006 | ЗУМ - Завод за урбанизам на Македонија | Не | Да - како Тиф податок |
| 4 | **ДУП Берово** за **„Стара чаршија“** во Берово (Ковачовци) | 1,84 Ха | 07-2076/1 | 14.10.2010 г. | 2010 - 2015 | ЗУАС Скопје | Да | Да |
| 5 | Измена и дополна на **ДУП на Берово** за лок. **„Кеј** | 5,7 Ха | 07-2511/1 | 15.11.2011 г. | 2010 - 2015 | ЗУАС Скопје | Да | Да |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Брегалница“** лева страна, | | | | | | | |
| 6 | Измена и дополна на **ДУП на Берово** за **„Кеј Брегалница“ десна страна,** урбан блок 7 | 10,07 Ха | 08-268/1 | 29.01.2014 г. | 2012 - 2017 | „НИМАЕР“ Струга ДЕ Скопје | Да | Да |
| 7 | **ДУП на Берово** за градска зона за **Мало стопанство Блок 1,** Општина Берово (ЗИК Малеш) | 10,90 Ха | 07-2160/1 | 30.10.2015 г. | 2012 - 2017 | „НИМАЕР“ Струга ДЕ Скопје | Да | Да |
| 8 | Измена и дополнување на **ДУП за мало стопанство - Сервиси, блок 5,** Општина Берово (Исхрана) | 4,05 Ха | 07-2161/1 | 10.10.2014 г. | 2012 - 2017 | „НИМАЕР“ Струга ДЕ Скопје | Да | Да |
| 9 | ДУП Берово за **Градска зона за производство и лесна индустрија, - Алкалоид,** Општина Берово | 9,30 Ха | 09-2639/1 | 30.10.2015 г. | 2015 - 2019 | „НИМАЕР“ Струга ДЕ Скопје | Да | Да |
| 9 | ДУП Берово за Локалитет **"Стара Гимназија"**, дел од урбан **блок "4 и 8"** | 3,55 Ха | 09-1114/1 | 27.04.2015 г. | 2014 - 2019 | „НИМАЕР“ Струга ДЕ Скопје | Да | Да |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Општина Берово | | | | | | | |
| 10 | Измена на ДУП Берово за Локалитет **"МАНАСТИР"** дел од урбан **блок "12"** Општина Берово | 2,53 Ха | 09-3392/1 | 24.09.2021 г. | 2018 - 2023 | „НИМАЕР“ Струга ДЕ Скопје | Да | Да |

| **УПВНМ** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ред бр** | **Наслов на урб.план** | **( ха ) хектари** | **Број на одлука** | **Дата на донесување одлука на совет** | **Плански период** | **Изработувач на урб.план** | **Дали планот е испорачан во AutoCAD na CD** | **Дали во општината има ГИС систем** |
| 1 | УПВНМ за Туристичка населба „Суви Лаки“ | 96,5 Ха | 07-974/1 | 15.08.2007 г. | 2007 - 2017 | ЗУАС Скопје | Да | Да |
| 2 | УПВНМ за Туристичка населба „Беровско езеро“ | 135,6 Ха | 07-1291/1 | 06.07.2012 г. | 2007 - 2017 | АД ПРОСТОР Куманово | Да | Да |
| 3 | Измена и дополна на УПВНМ за Тур.нас. „Беровско езеро“ за комплекс „Спортски терени“ | 13,39 Ха | 09-1113/1 | 27.04.2015 г. | 2014 - 2019 | АД БИЛД Скопје | Да | Да |

| УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ред бр** | **Наслов на урб.план** | **( ха ) хектари** | **Број на одлука** | **Дата на донесување одлука на совет** | **Плански период** | **Изработувач на урб.план** | **Дали планот е испорачан во AutoCAD na CD** | **Дали во општината има ГИС систем** |
| 1 | Општ акт за село Владимирово | 35,0 Ха | 0701-113 | 27.05.1999 г. | 2000 - 2010 | АД „ЗУМ“ Скопје | Не | Да - како Тиф катастарска |
| 2 | Општ акт за село Русиново | 68,0 Ха | 0701-113 | 27.05.1999 г. | 2000 - 2010 | АД „ЗУМ“ Скопје | Не | Да - како Тиф катастарска |
| 3 | Општ акт за село Ратево | 37,0 Ха | 0701-113 | 27.05.1999 г. | 2000 - 2010 | АД „ЗУМ“ Скопје | Не | Да - како Тиф катастарска |
| 4 | Општ акт за село Двориште | 74,0 Ха | 0701-113 | 27.05.1999 г. | 2000 - 2010 | АД „ЗУМ“ Скопје | Не | Да - како Тиф катастарска |

| Општ Акт | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ред бр** | **Наслов на урб.план** | **( ха ) хектари** | **Број на одлука** | **Дата на донесување одлука на совет** | **Плански период** | **Изработувач на урб.план** | **Дали планот е испорачан во AutoCAD na CD** | **Дали во општината има ГИС систем** |
| 1 | Урбанистички план за село Смојмирово (поминато од УДНМ за | 59,9 Ха | 07-230/1 (0701-113/1) | 27.06.2006 г. 27.05.1999 г. | 2000 - 2010 | АД „ЗУМ“ Скопје | Не | Да - како Тиф податок |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | с.Смојмирово ) | | | | | | | |
| 2 | Урбанистички план за село Мачево (поминато од УДНМ за с.Мачево) | 24,50 Ха | 07-231/1 (0701-113/1) | 27.06.2006 г. 27.05.1999 г. | 2000 - 2010 | АД „ЗУМ“ Скопје | Не | Да - како Тиф податок |
| 3 | Урбанистички план за село Будинарци (поминато од УДНМ за с.Будинарци) | 37,31 Ха | 07-230/3 (0701-113/1) | 27.06.2006 г. 27.05.1999 г. | 2000 - 2010 | АД „ЗУМ“ Скопје | Не | Да - како Тиф податок |
| 4 | Урбанистички план за село Митрашинци (поминато од УДНМ за с.Митрашинци) | 25,88 Ха | 07-230/2 (0701-113/1) | 27.06.2006 г. 27.05.1999 г. | 2000 - 2010 | АД „ЗУМ“ Скопје | Не | Да - како Тиф податок |

| **ДУПД** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ред бр** | **Наслов на урб.планска документација** | **( ха ) хектари** | **Број на Решение за одобрување и датум** | **Изработувач** | **Дали планот е испорачан во AutoCAD na CD** | **Дали во општината има ГИС систем** |
| 1 | ДУПД за Технолошко Идустриска Развојна Зона „БЕРОВО“, м.в.Шушлевец, | 17,38 Ха | 14-1828 од 27.01.2014 г. Издадено од МТВ Скопје | Агенција за просторно план. - Скопје | Да | Да |
| 2 | ДУПД за Туристичка Развојна Зона „БЕРОВО“, КО | 9,32 Ха | 24-6117/1 од 06.04.2014 г. Издадено од МТВ Скопје | Агенција за просторно | Да | Да |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Берово, тех.бр. М0114, м.в. Беровско езеро, | | | план. - Скопје | | |

**Водоводи и квалитет на водата**

Контролата на квалитетот на водата во градот со населените места од општината е во надлежност на ЈЗО Републички завод за здравствена заштита од Скопје, којшто врши постојана комплетна физичко-хемиска, радиолошка и анализа на пестициди. ЈЗО Завод за здравствена заштита – Кочани врши хемиска анализа на површинските води и следење на состојбата на водоснабдувањето и квалитетот на водата за пиење. Секојдневна контрола се врши во лабораторијата во филтер-станицата, а на секои 15 дена водата се контролира од Заводот за здравствена заштита од Кочани.

Јаното претпријатие ЈПКР „Услуга" снабдува 6 селски населби (Смојмирово, Мачево, Будинарци, Владимирово, Митрашинци и Русиново) и градот Берово со вода за пиење. Во село Ратево има водоснабдувачка мрежа, која останува да се поврзе со регионалниот водовод. За село Двориште, кое во моментот се снабдува со вода за пиење од сопствен и независен водоснабдувачки систем на изворска вода, во иднина ќе се изгради филтер-станица за прочистување на водата за пиење, со што ќе се подобри квалитетот и ќе се зголеми количината на вода за пиење.

Филтер станицата, за производство на вода за пиење во Берово, е изградена во 1984 година, но техничката опрема е застарена за што е неопходна реконструкција. Треба да напоменеме дека во последните години има определен напредок во оваа област – со проектот „Урбан водоснабдителен и санитарен систем" направена е доградба на нов резервоар, сменет е активниот јаглен, набавена е нова лабораторија и изградена е станица за отпадни води во близина на с. Мачево. Во текот на 2023 година е извршена поголема реконструкција на филтер станица за вода со што значително е подобрен квалитетот и е набавена соврена опрема во рамки на стратепките приоритети на МЖСПП.

Институционална поставеност

ЈП „Услуга" - Берово (понатаму во текстот именувано како ЈПКР) е формирано како комунално претпријатие со одлука на Советот на општина Берово и регистрирано во Централен регистар на 30.12.1989 година. Статутот на ЈПКР е усвоен од Управниот одбор на 16.06.2008 и дополнет на 17.12.2014 година. ЈПКР ги обезбедува следните услуги:

Производство, обработка и снабдување со вода за пиење

Собирање, транспорт и третман на отпадни води

Изградба/реновирање на инфраструктура за водоснабдување и отпадни води

Собирање и отстранување на цврст отпад

Одржување на паркови, зеленило и рекреативни подрачја

Други услуги (отворени пазари, гробишта и сл.)

Со Статутот се утврдува ЈПКР како независен правен субјект, управуван од страна на директор кој го именува градоначалникот на општината. Управувањето го врши Управниот одбор, кој се состои од 5 члена. Надзорот над финансиското сметководство го врши Надзорниот одбор, кој го формира Советот на општината. Надзорниот одбор се состои од пет надворешни членови.

Управниот Одбор на ЈПКР Услуга Берово, на 1.08.2022 година донесе Статутарна олука за измена и дополнување на Статутот, кои се однесуваат на членовте на Управниот Одбор и нивниот избор.

Подрачје во кое се обезбедува водна услуга

Во табелата дадени се генералните карактеристики на подрачјето во кое се обезбедува водна услуга. Картата на подрачјето во кое се обезбедува водна услуга е дадена во **Error! Reference source not found.**.

Табела 0-1: Општи карактеристики на Општината и подрачјето во кое се обезбедува водна услуга

| | |
|---|---|
| Површина | 595 km$^2$ |
| Население | 10.890 (Од пописот во 2021) |
| Економска активност | Трговија, земјоделството, сточарство, производство на млеко,дрво, туризам и текстилна индустрија, приход од емигранти |
| Речен слив | Ратевскарека како дел од слив на река Вардар, потслив Брегалница |

Преглед на населението кое добива услуги за водоснабдување, собирање и пречистување на отпадните води е даден во табела.

Според податоците од пописот од 2021 година, бројот на  население на Општина Берово изнесува 10.890, што е значително помал од бројот на жители од пописот од 2002 година кој изнесуваше 13.941 (Од пописот во 2002); 12.912 (Заводот за статистика – оценка за 2016 год.).

Табела 0-2: Преглед на покриеност со услугата

| Население и покриеност на услугата | | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|
| Население во општината (во подрачјето на одговорност) | Бр. | 10.890 | 10.890 |
| Население до кое е доставена вода | Бр. | 9.619 | 9.619 |
| Население со канализациски услуги | Бр. | 7.879 | 7.879 |
| Население за кое е овозможен третман на отпадни води | Бр. | 7.879 | 7.879 |

ЈПКР обезбедува водоснабдување, собирање и третман на отпадни води. Само две села во општината (Двориште и Ратево) не се поврзани на јавниот систем за водоснабдување и покриеноста со услугата е 89%. Покриеноста со услугите за отпадни води е 71% - види ја Табела 0-3.

И во однос на бројот на население кое е опфатено со водните услуги на територијата на Општина Берово е намален соодветно.

Табела 0-3: Приклучоци за услуги за вода (корисници) на ЈПКР ''Услуга'' Берово (2022)

Забелешка: Податоците за населението се пресметани врз база на пописот од 2021 год.

| Населени места | Население 2021 | Водоснабдување Корисници на услуги | | Собирање на отпадни води Корисници на услуги | | Третман на отпадни во Корисници на услуги | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Домаќинства | Останати | Домаќинства | Останати | Домаќинства | Останат |
| Берово | 5850 | 2.594 | 200 | 2.220 | 199 | 2.215 | 199 |
| Русиново | 1503 | 543 | 13 | 397 | 13 | 397 | 13 |
| Владимирово | 573 | 353 | 12 | | | | |
| Ратево | 630 | | | | | | |
| Митрашинци | 555 | 228 | | | | | |
| Двориште | 641 | | | | | | |
| Смојмирово | 526 | 263 | 9 | 236 | 9 | 236 | 9 |
| Будинарци | 469 | 231 | | | | | |
| Мачево | 143 | 94 | 2 | | | | |
| Вкупно | 10890 | 4306 | 236 | 2853 | 221 | 2848 | 221 |

Водоснабдување

Производство

ЈПКР го снабдува со вода за пиење градот Берово и околните села преку заеднички водоснабдителен систем.

Главен извор на вода е зафатот од браната „Берово“.

Табела 0-4: Извори на вода

| Назив | Апстракција | Испорака |
|---|---|---|
| Зафат од брана „Берово“ | 275 до 315 l/s | гравитациски |
| **Вкупен производен капациет** | **275 до 315 l/sec** | |

Водата се зафаќа од повеќе наменска подводна бетонска структура во акумулацијата Берово (изградена во 1976 година). Водата се спроведува низ заеднички цевководи за водоснабдување и наводнување до разделна комора каде се разгранува во канал за наводнување и цевковод за снабдување со сирова вода (контролирна со рачни вентили за исклучување). Капацитетот на зафатот е повеќе од доволен за да се покријат сегашните и очекуваните идни потреби на Берово и околните села. Во моментов, зафаќањето на вода од овој извор изнесува околу 50 l/s.

Системот за складирање на вода се состои од еден главен резервоар во Берово и резервоарите за населените места Владимирово, Мачево, Будинарци, Митрашинци и Русиново (види Табела

0-7). Волуменот на резервоарите, со исклучок на Русиново, се смета дека е доволен за да ја задоволи сегашната и идна дневна потрошувачка вклучувајќи ги и сезонските флуктуации. Резервоарот во Берово е во добра состојба, но за другите резервоари потребна е делумна рехабилитација на конструкцијата и определени промени во хидро-механичката опрема. Со цел да може да работи пумпната станица во селото Русиново непрекинато и независно од нивото на резрвоарот во Берово, таа мора да се релоцира 4 метри подолу.

Табела 0-5: Вкупно производство на вода во ЈПКР ''Услуга'' Берово

| Производство и снабдување | | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|
| Влез во системот од сопствено производство | м3/год. | 0 | 0 |
| Набавена сурова вода | м3/год. | 1.479.024 | 1.528.669 |
| **Вкупно произведена вода** | **м3/год.** | **1.479.024** | **1.528.669** |

Бидејќи водата се зафаќа од површински извор, квалитетот на водата не ги исполнува барањата на Правилникот за безбедност на водата и има потреба од третирање. Станицата за третирање (изградена на почетокот на 1980 те години) има капацитет од околу 200 l/s. Водата се третира поради заматеност, користејќи два брзи самочистечки филтри со вулкански пепел и два самочистечки филтри со активен јаглен, а потоа се дезинфицира со течен хлор.

Во текот на 2023 година треба да започне имплементацијата на проектот Рехабилитација на филтер станицата во Берово, грант обезбеден од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање. Проектот предвидува реконструкцијана и атоматизација на производните процеси, што значително ќе го подобри производството на вода за пиење за граѓаните на Општина Берово.

Дистрибуција и потрошувачка

Вид на снабдување: гравитациски, со исклучок на селото Русиново, високата зона Јуовец и Герински Рид во Берово, како и водоснабдување на куќите кои се наоѓаат над резервоарот и каде водата се пумпа.

Дистрибутивната мрежа има вкупна должина од 82 км. Главните доводни цевководи имат должина од 23 км. Пресек на дистрибутивната мрежа според материјалот на цевките е прикажан во Табела 0-6.

Табела 0-6: Дистрибутивна мрежа – според материјалот на цевките

| Материјали | Должина (km) | % |
|---|---|---|
| Азбест цемент | 13.8 | 16.8% |
| Полиетиен (HDPE, MDPE) | 14.5 | 17.7% |
| Поливинилхлорид (PVC) | 53.7 | 65.5% |
| **Вкупно** | **82.0** | **100.0%** |

ЈПКР се соочува со определени проблеми поврзани со притисокот при работата на дистрибутивната мрежа; тие се почести во лето, кога побарувачката за вода се зголемува, во најголем дел за наводнување. Ова предизвикува сериозни промени во притисокот, кој достигнува и до 8 бари во ниските делови на Берово и истото влијае врз правилното функционирање на системот во Русиново и Митрашинци. Нема систем за мониторинг, зони на

притисок и автоматска контрола; управувањето со притисокот се врши рачно преку отворање/затворање на вентилите.

Табела 0-7: Резервоари – капацитет, поставеност

| Резервоар | Населено место | Капацитет | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1 | Берово | 1200 м3 | |
| 2 | Владимирово | 150 м3 | |
| 3 | Мачево | 90 м3 | |
| 4 | Будинарци | 100 м3 | |
| 5 | Митрашинци | 352 м3 | |
| 6 | Русиново | 100 м3 | |

Дел од градската и селската водоводна мрежа е во лоша состојба поради стареењето на цевководите од азбест-цемент и PVC и стареењето на мрежната опрема. Поради тоа, потребно е да се подготви Физибилити студија со хидрауличко моделирање, зонирање според притисокот и мерните зони.

Во Табела 0-8 се дадени податоци за волуменот на водата за пиење.

Табела 0-8: Потрошувачка на вода од страна на групите на корисници

| Потрошувачка на вода | | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|
| **Домаќинства** | | | |
| Население | Бр. | 10.890 | 10.890 |
| Приклучено население | Бр. | 9.619 | 9.619 |
| **Процент на приклученост** | **%** | 89% | 89% |
| Просечна специфична побарувачка на вода | л/лице/ден | 119 | 112 |
| **Потрошувачка - домаќинства** | **м3/год.** | **417.749** | **391.784** |
| **Останати/комерцијални и институции** | | | |
| **Вкупна потрошувачка – Комерцијални/индустрија** | **м3/год.** | **48.418** | **41.562** |
| **Вкупна побарувачка на вода** | **м3/год.** | **466.167** | **433.346** |
| **Зголемување/ намалување на побарувачката на вода** | **%** | | -7.1% |

Забелешка: се евидентираат две кориснички групи – домаќинства и правни лица (комерцијални)

Специфичната домашна потрошувачка е релативно ниска (112 l/лице/ден во 2022 год.), што е помалку од 2021 година (119 l/лице/ден).

Побарувачката на вода за пиење, како и фактурираните количини на вода се намалуваат како резултат на негативните демографски трендови.

ЈКП има 98% покриеност на приклучоците со водомери. Сите водомери се во сопственост на корисниците. Комуналното претпријатие има обврска да ги баждари водомерите со проток помал од 10 $m^3$/час на секои пет години, а тие со проток поголем од 10 $m^3$/час - на секои 3 години. ЈПКР нема сопствена опрема за баждарење и во моментов не ги баждари водомерите. Доколку се сомнева во функционалноста на некој водомер, тој се заменува.

Неприходована вода

Табела 0-9: Проценка за неприходована вода

| **Неприходована вода** | | **2021** | **2022** |
|---|---|---|---|
| Производство на вода | м3/год. | 1.479.024 | 1.528.669 |
| Вода која носи приходи | м3/год. | 466.167 | 433.346 |
| **Неприходована вода** | **м3/год.** | **1.012.857** | **1.095.323** |
| **Неприходована вода** | **%** | **68,5%** | **71,6%** |

Во почетокот на 2017 год. се направи истражување во однос на водните количини и водниот биланс, каде се покажа дека привидните загуби и нефактурираната авторизирана потрошувачка на вода преставува голем проблем за претпријатието (околу 20% од водата на влез во системот). Ова се должи воглавно на работењето на станицата за третирање. Физичките загуби се оценуваат на 37%, а комерцијалните на 12%. Поголемите физички загуби се должат на високиот притисок во мрежата (во лето, но исто и ноќе, во текот на цела година), отсуство на зони на притисок, истекување од склопките, лошата состојба на старите цевки од азбест-цемент и од PVC, како и поради истекувања од кородираните поцинкувани цевки со мал дијаметар кои се користеле за приклучоци на водоводната мрежа. За ова придонесуваат и други фактори како што се истекувања од огрлиците, затегнатоста на вентилите и истекувања и преливања од постоечките резервоари. Состојбата и понатаму останува иста.

Во моментов, комуналното претпријатие не применува проактивна политика во насока на откривање на физички загуби во мрежата и не користи опрема за откривање на протекувања. Поправките во системот за водоснабдување се прикажани во табелата подолу.

Табела 0-10: Поправки во рамки на водоснабдителниот систем

| **Квалитет на услугата** | | **2021** | **2022** |
|---|---|---|---|
| **Водоснабдување** | | | |
| Поправки на цевките за пренос, дистрибуција и приклучоците | #/год. | 147 | 134 |
| Поправки на коморите, поврзани со фитинзи итн. | #/год. | | |
| **Вкупно поправки** | **#/год.** | 147 | 134 |

Комуналното претпријатие редовно ги врши рутинските работи, како што се промена на водомерите, изградба на нови приклучоци и проширување на мрежата.

Комуналното претпријатие има систем за пријавување на дефекти со цел да се извршат поправки од страна на техничкиот персонал. По правило, поправките се вршат истиот ден. Најчестите сигнали дека е потребна поправка се забележаните истекувања или поплаките на корисниците поради нискиот притисок. Комуналното претпријатие во моментов нема проактивна политика за откривање на физичките загуби во мрежата и не користи опрема за детекција на истекувања.

Одведување и прочистување на отпадни води

Одведување на отпадни води

**Општо**

Во моментов услугите за отпадни води се обезбедуваат за Берово, Русиново и Смојмирово, кои се приклучени на системот за собирање и третирање на отпадните води; ефлуентот од пречистителна станица се испушта во Брегалница. Покриеноста со услугата е 71%, на територијата на Општина Берово.

Канализациската мрежа во градот Берово е во најголем дел одделна, а само мал дел е комбинирана - за санитарни и за атмосферски води. Вкупната мрежа има евидентирана должина од 54,6 km (види Табела 0-11). Цевките се со различна старост (помеѓу 5 и 60 години). Мрежата се состои главно од азбестно цементни, ПВЦ и ХДПЕ цевки. Точната должина на цевките е евидентирана и може да се потврди и наведе по материјал, дијаметар и старост.

Со реализација на проектот Рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Берово, финансиран од ИПА и МЖСПП, беше изградена и пуштена во употреба одделен систем за собирање на атмосферските води во Берово во должина од 8,5 km. Со тоа, проблемот со атмосферските води во голем дел се подобри. Со истиот проект се изгради и поврза на постоечката канализациона мрежа и селото Смојмирово.

Постојат два главни колектори - еден за Берово и еден за Русиново. И двата се поврзани на еден новоизграден колектор од Ø600 со должина од околу 4km. Овој колектор е поставен во близина на реката Брегалница и води до пречистителната станица.

Во моментов, селата Митрашинци и Владимирово  имаат локални системи за отпадни води кои не се дел од мрежата на ЈПКР. Тие се одржуваат единствено на барање на ЈПКР. Отпадните води се испуштаат во локалните водотеци, и потоа во реката Владмирска, притока на Брегалница.

Табела 0-11: Типови на канализациони мрежи за урбани отпадни води

| Бр. | Тип на канализациона мрежа | Должина (km) | Процент |
|---|---|---|---|
| 1 | Комбиниран систем за одведување на урбани отпадни води | 23 | 36% |
| 2 | Одвоен систем за фекални води | 27 | 42% |
| 3 | Одвоен систем за одведување на атмосферски води | 14 | 22% |
| Вкупно | | 64 | 100% |

**Волумен**

Во Табела 0-12 се дадени податоци за волуменот на собраната и одведена отпадна вода.

Табела 0-12: Собирање и одведување на отпадни води по групи на потрошувачи

| Собирање и одведување на отпадни води | | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|
| **Домаќинства** | | | |
| Население | Бр. | 10.890 | 10.890 |
| Приклучено население | Бр. | 7.879 | 7.879 |
| **Процент на приклученост** | % | **72%** | **72%** |
| Специфичен проток на отпадните води | л/лица/ден | 119 | 112 |
| **Проток – домаќинства** | m3/год. | **305.388** | **284.508** |
| **Останати/комерцијални и институции** | | | |
| Број на корисници - Комерцијални/индустрија | No | 221 | 221 |
| Специфичен проток - Комерцијални/индустрија | л/пркл./ден | 562 | 482 |
| **Проток – Комерцијални/индустрија** | m3/год. | 43.207 | 46.476 |
| **Вкупно проток на отпадни води, фактурирано** | **m3/год.** | **348.595** | **330.984** |

Количините на отпадни води кои се фактурираат не се мерат и се сметаат еднакви на фактурираната вода која се доведува до секој корисник.

**Состојба, одржување и поправки**

Канализациската мрежа генерално е во добра состојба, функционира гравитациски и работи без премногу проблеми. Системот неодамна беше продолжен со изградба на колекторите за пренесување на отпадните води до пречистителната станица. Ова дополнително го подобри капацитетот и општите перформанси на мрежата.

Пречистување на отпадни води

Во моментов ЈПКР обезбедува услуги за третирање на отпадните води за Берово и селата Русиново и Смојмирово.

Пречистителната станица за отпадни води функционира од крајот на 2010 година. Пречистителната станица има инсталиран капацитет од 14.000 еквивалент жители со проток од 6.000 m3 на ден. Во тек на 2022 година, станицата работеше со просечно оптоварување од околу 7820 ЕЖ. Процесот на третирање е механички и биолошки, а милта се таложи во 6 полиња за стабилизација со капацитет од 6.600 m3.

Од крајот на 2018 година, како дел од проектот Рехабилитација и проширување на канализационата мрежа за Берово, се изгради и приклучи на пречистителната станица за отпадни води колектор кој ги транспортира отпадните води од Пехчево. Количината на вода што се третира на станицата значително се зголеми, а со тоа и оперативните трошоци.

Бизнис планот ги следи промените во оперативното делување на претпријатието, а соодветно на тоа и финансиската одржливост. Но функционирањето е доведено во прашање поради одбивањето на Општина Пехчево да го плаќа прочистувањето на отпадните води. Во текот на 2022 година се изготви Договор за поврзување на Општина Пехчево на ПСОВ на Општина Берово, во кој се предвидени условите кои двете страни треба да ги исполнат. Во решавањето на овој проблем беа вклучени и МЖСПП, РКЕВУ и Амбасадата на Швајцарија, а го изготви швајцарска консултантска куќа, како дел од проектот за Подобрување на водоснабдувањето на Делчево.

Покриеноста со услугата е 71% од Општина Берово. Со приклучување на Пехчево и Чифлик, сервисната зона се променува.

Табела 0-13: Пречистување на отпадни води по групи на потрошувачи

| **Пречистување на отпадни води** | | **2021** | **2022** |
|---|---|---|---|
| **Домаќинства** | | | |
| Население | Бр. | 10.890 | 10.890 |
| Приклучено население | Бр. | 7.879 | 7.879 |
| Процент на приклученост | % | **72%** | **72%** |
| Специфичен проток на отпадните води | л/лица/ден | 119 | 112 |
| **Проток - домаќинства** | **m3/год.** | **305.223** | **284.508** |
| **Комерцијални/индустрија** | | | |
| Број на корисници - Комерцијални/индустрија | Бр. | 221 | 221 |
| Специфичен проток - Комерцијални/индустрија | m3/год. | 552 | 482 |
| **Проток - Комерцијални/индустрија** | **m3/год.** | **43.207** | 46.476 |
| **Вкупно проток на отпадни води, фактурирано** | **m3/год.** | **348.405** | **330.984** |

Пречистената отпадна вода од пречистителната станица се испушта во реката Брегалница, која се влева во реката Вардар. Работата на станицата ги исполнува параметрите за квалитет и ги постигнува пропишаните критериуми за пречистена отпадна вода. Управувањето со милта во моментов се врши преку отстранување на милта на местото каде што е пречистителната станица. Во тек на следниот период милта ќе биде дислоцирана од три полиња и тоа од едно поле годишно заради исполнетост на капацитетите и доволно одминато време за стабилизација. По добивање на соодветна дозвола дислоцираната мил ќе може да се употреби како ѓубриво за земјоделието.

Пречистителната станица е функционална, автоматизирана и контролирана со SCADA систем. Заради дополнителна заштита на опремата и намалување на трошоците за одржување потребно е во најскоро време набавка и инсталирање на автоматска груба решетка во влезната шахта.

Во мај 2019 година се пушти во употреба фотоволтаична централа со капацитет од  30kWh, изградена со средства обезбедени од грант од страна на Општина Берово.

| Главни индикатори за успешност - Водоснабдување | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ОПИС | | Единица | Базна година | ЦЕЛ | | |
| | | | | Прва година | Втора година | Трета година |
| | | | 2022 | 2024 | 2025 | 2026 |
| 1 | Процент на покриеност со водната услуга | % | 67% | 67% | 67% | 67% |
| 2 | Континуитет во снабдувањето | часови/ден | 24 | 24 | 24 | 24 |
| 3 | Неприходувана вода | % | 72% | 69% | 68% | 67% |
| 4 | Неприходувана вода | $m^3$/km/ден | 36,60 | 34,11 | 32,48 | 31,13 |
| 5 | Ефикасност на наплатата | % | 87% | 88% | 89% | 90% |
| 6 | Трошоци за одржување | денари/приклучок | 2.260 | 2.738 | 2.797 | 2.843 |
| 7 | Оперативни трошоци за вршење на водната услуга | денари/$m^3$ /година | 4.127 | 4.905 | 5.093 | 5.203 |
| 8 | Потрошувачка на вода | литри/лице/ден | 123 | 132 | 133 | 132 |
| 9 | Коефициент на испади (пукања) на цевките | испади/km/година | 1,63 | 1,60 | 1,59 | 1,57 |
| 10 | Број на вработени | број/1000 приклучоци | 4,63 | 4,63 | 4,80 | 4,90 |

| Индикатори за успешност | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ОПИС | | Единица | Базна година | ЦЕЛ | | |
| | | | | Прва година | Втора година | Трета година |
| | | | 2022 | 2024 | 2025 | 2026 |
| ***Сите водни услуги*** | | | | | | |
| 1 | Денови на наплата на побарувањата | денови | 392,85 | 479,61 | 402,67 | 367,24 |
| 2 | Денови на плаќање на обврските | денови | 267,44 | 221,91 | 212,82 | 204,48 |
| 3 | Потрошувачка на енергија | kWh/$m^3$ | 0,35 | 0,34 | 0,34 | 0,33 |
| 4 | Покривање на трошоците | % | 75% | 102% | 113% | 113% |
| 5 | Покривање на трошоците за наплатени услуги | % | 65% | 90% | 101% | 102% |
| ***Снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување*** | | | | | | |
| 1 | Коефициент на измерена сурова вода | % | % | % | % | % |
| ***Снабдување со вода за пиење или водоснабдување*** | | | | | | |
| 1 | Коефициент на покриеност со функционални водомери | % | 98% | 98% | 98% | 98% |
| 2 | Коефициент на мапирање на мрежата за водоснабдување | % | 60% | 61% | 62% | 63% |
| 3 | Стапка на обновување / реновирање на дистрибутивната водоводна мрежа | % | 2,44% | 2,44% | 3,44% | 4,44% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Собирање и одведување на отпадни води*** | | | | | | |
| 1 | Комбиниран систем за одведување на урбани отпадни води | % | **61%** | **61%** | **61%** | **61%** |
| 2 | Одвоен систем за фекални води | % | **26%** | **26%** | **26%** | **26%** |
| 3 | Одвоен систем за одведување на атмосферски води | % | **13%** | **13%** | **13%** | **13%** |
| 4 | Отпадни води собрани преку канализацискиот систем | % | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** |
| 5 | Отпадни води собрани од септичките јами | % | **0%** | **0%** | **0%** | **0%** |
| 6 | Коефициент на мапирање на канализациската мрежа | % | **39%** | **40%** | **40%** | **41%** |
| 7 | Стапка на обновување / реновирање на канализациската мрежа | % | **0%** | **0,6%** | **1,2%** | **1,8%** |
| 8 | Запушувања на канализацискиот систем | запушувања/km/ година | **0,87** | **0,85** | **0,84** | **0,83** |
| ***Прочистување на отпадни води*** | | | | | | |
| 1 | Коефициент на прочистувањето на отпадни води | % | **76%** | **102%** | **101%** | **102%** |
| 2 | Отпадни води третирани до примарно ниво (единствено) | % | **0%** | **0%** | **0%** | **0%** |
| 3 | Отпадни води третирани до секундардно ниво (но не и повеќе) | % | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** |
| 4 | Отпадни води третирани до терцијарно ниво | % | **0%** | **0%** | **0%** | **0%** |

**На ниво на Општина, покриеност со водоснабдување на населението е 88%, со канализација и прочистување 72%. Со приклучување на Мачево, во однос на канализација (собирање и одведување на отпадните води), од 2024 година ќе биде 74%.**

**ЈПКР Услуга Берово**

**Мисија**

ЈПКР Услуга Берово врши дејности од јавен интерес за граѓаните на општина Берово преку доставување на безбедена вода за пиење, собирање, одведување и третман на урбани отпадни води, депонирање и собирање на цврст отпад и одржување на чистотата на јавните површини. Гради и одржува хидроградежни објекти, улици, гробишта, оџаци и пазарни услуги.

**Визија**

ЈПКР Услуга е современ, технички и технолошки опремен и професионален давател на комунални услуги по достапни цени, целосно ориентиран кон квалитетот на животот на корисниците и одржувањето на чиста и здрава животна околина.

Табела 0-14: Стратешки цели, мерки и индикатори на успешноста на ЈПКР Услуга Берово

| **Стратешки цели** | | **Мерки** | | **Индикатори на успешност** | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Проширена покриеност со услуги | 1.1 | Проширување на покриеноста со услугата за снабдување со вода за пиење (рурални населби) | 1.1.1 | % покриеност – водоснабдување |

| Стратешки цели | | Мерки | | Индикатори на успешност | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | 1.2 | Проширување на покриеноста со услугата за собирање и одведување отпадни води | 1.2.1 | % покриеност – собирање и одведување на отпадни води |
| | | 1.3 | Проширување на покриеноста со услугата за третман на отпадни води | 1.3.1 | % покриеност – третман на отпадни води |
| 2 | Подобрен опреативен менаџмент | 2.1 | Подобрување на перформансите на системот за производство и дистрибуција на вода за пиење | 2.1.1 | Постојаност на услугата (часа/дневно) |
| | | | | 2.1.2 | % неприходувана вода |
| | | | | 2.1.3 | # пукање на цевки/km преносна и дистрибутивна мрежа |
| | | | | 2.1.4 | Енергетска ефикасност произведена вода, kWh/m3 |
| | | 2.2 | Подобрување на перформансите на системот за собирање и одведување отпадни води | 2.2.1 | # запушувања на канализацискиот систем/km |
| | | | | 2.2.2 | % одделен систем за атмосферски води |
| | | 2.3 | Подобрување на перформансите на пречистителната станица | 2.3.1 | Квалитет на ефлуент (% од тестовите кои ги задоволуваат стандардите) |
| | | | | 2.3.2 | Енергетска ефикасност третирани отпадни води, kWh/m3 |
| 3 | Подобрено/ Воспоставено управување со средствата | 3.1 | Развој/комплетирање на регистарот на средства заснован врз ГИС | 3.1.1 | % на мапирање на дистрибутивниот систем за вода |
| | | | | 3.1.2 | % на мапирање на канализацискиот систем |
| | | 3.2 | Развој на систем за одржување на средствата | 3.2.1 | Трошоци за одржување за водоснабдување (ден./приклучок) |
| | | | | 3.2.2 | Трошоци за одржување за собирање и одведување отпадни води (ден./приклучок) |
| | | | | 3.2.3 | Трошоци за одржување за пречистителна станица (ден./приклучок) |
| | | 3.3 | Подготовка на програма за капитални инвестиции (реконструкција, обнова) | 3.3.1 | Процент на обнова/реконструкција на средствата за снабдување со вода за пиење |
| | | | | 3.3.2 | Процент на обнова/реконструкција на средствата за отпадни води |
| 4 | Подобрено читање фактурирање и наплата | 4.1 | Подобрување на читањето и фактурирањето | 4.1.1 | % на покриеност со водомери |
| | | | | 4.1.2 | % на ефикасност на фактурирање |
| | | | | 4.1.3 | Потрошувачка на домаќинства л/п/д |
| | | 4.2 | Подобрување на ефикасноста на наплатата | 4.2.1 | % на ефикасност на наплата (сите водни услуги) |
| 5 | Подобрување на | 5.1 | | 5.1.1 | % на надомест на трошоци за водоснабдување |

| Стратешки цели | | Мерки | | Индикатори на успешност | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Финансиски менаџмент | | Утврдување на тарифи за надомест на трошоците за сите водни услуги | 5.1.2 | % на надомест на трошоци за собирање и одведување отпадни води |
| | | | | 5.1.3 | % надомест на трошоци за пречистителна станица |
| | | 5.2 | Спроведување на сметководство по трошковни и профитни центри | 5.2.1 | Оперативен модул за работни налози |
| | | | | 5.2.2 | Оперативен сметководствен модул кој поддржува сметководство по трошковни и профитни центри |
| | | 5.3 | Подобрена ликвидност и намалување на степенот на задолженост | 5.3.1 | Однос обврски/средства |
| | | | | 5.3.2 | Моментален однос |
| **6** | Подобрување на Организација менаџмент и човечки ресурси | 6.1 | Поголема ефикасност на персоналот | 6.1.1 | # вработени/1000 приклучоци за водоснабдување |
| | | | | 6.1.2 | # вработени/ 1000 приклучоци на канализацискиот систем |

Акционен план Покриеност на услугите (2024-2026)

| **Мерка 1.1: Проширување на покриеноста со услугата за снабдување со вода за пиење** | | | |
|---|---|---|---|
| **#** | **Опис на Активноста** | **Резултати** | **Ресурси** |
| 1 | Проширување на услугата водоснабдување во населби од Општината | Обезбедување на водоснабдување на туристичката населба Беровско Езеро, преку поврзување на изградената филтер станица со водоводната мрежа која првин се планира да се рехабилитира | Електрична енергија, реагенси, вработен, транспорт |

| **Мерка 1.2: Проширување на покриеноста со услугата за одведување на отпадни води** | | | |
|---|---|---|---|
| **#** | **Опис на Активноста** | **Резултати** | **Ресурси** |
| 1 | Проширување на канализацискиот систем во сите делови од агломерацијата за отпадни води. Сите проширувања треба да претставуваат одделни системи (види мерка 2.2) | Проширување на услугата во село Мачево и воведување на корисниците во системот на наплата | Човечки ресурси, транспортни трошоци |

| **Мерка 1.3: Проширена покриеност на третман на отпадни води** | | | |
|---|---|---|---|
| **#** | **Опис на Активноста** | **Резултати** | **Ресурси** |
| 1 | Приклучување на дополнителни населби на пречистителната станица во рамки на агломерацијата за отпадни води | Воведување тарифа за пречистување на отпадните води за корисниците од Пехчево и село Чифлик | Изградба на преливна шахта со вентил на колекторот Пехчево-Берово (1.000.000 ден грат |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | СЕКО, 50%, а 50% сопствено учество) |

Акционен План Оперативен Менаџмент (2024-2026)

| **Мерка 2.1: Подобри перформанси на дистрибутивниот систем за вода за пиење** | | | |
|---|---|---|---|
| **#** | **Опис на Активноста** | **Резултати** | **Ресурси** |
| 1 | Составување на годишен воден биланс за целокупниот водоснабдителен систем | Утврдување на структурата на неприходувана вода | Методологија и софтвер на Меѓународната асоцијација за вода. Годишна рутинска постапка. |
| 2 | Намалување на загубите на вода во производството на вода на филтер станицата | Отстранување на истеци на вентили и оптимизација на технолошкиот процес во однос на количините на вода за чистење и одржување на системот | Имплементација на проектот Рехабилитација на филтер станицата, инвеститор МЖСПП, до 2024 год. |
| 6 | Оптимализација на дозирањето на реагенсите | Набавка на дозир пумпи за реагенси.намалување на количината на реагенси во процесот на таложење. | Имплементација на проектот Рехабилитација на филтер станицата, инвеститор МЖСПП, до 2024 година |
| 7 | Реконструкција и рехабилитација на таложникот | Подобрување на технолошкиот процес(замена на кадите со инох,фарбање на зидовите на таложникот како и целосно покривање на таложникот, монтирање на кран со што би се олеснила манипуалицијата со полните вреќи со реагенси). | Имплементација на проектот Рехабилитација на филтер станицата, инвеститор МЖСПП, до 2024 година |
| 8 | Реконструкција и рехабилитација на системот за хлорирање | Подобрување на процесот на хлорирање (инсталација на паралелен систем за хлорирање, набавка на гас маски и филтри за постоецките гас маски, реконструкција на кадата за варно млеко, монтирање на кран,со што би се олеснила манипулацијата со полните боци со хлор) | Имплементација на проектот Рехабилитација на филтер станицата, инвеститор МЖСПП, до 2024 година |
| 9 | Санација на свлечиште во дворот на филтер станицата | Отстранување на опасност од прекин на функционирањето на преносен цевовод и песочен филтер | Имплементација на проектот Рехабилитација на филтер станицата, инвеститор МЖСПП, до 2024 година |
| 13 | Подобрување на перформансите на дел од секундарната мрежа | Подобрување на квалитетот на услугата, помал број на дефекти и намалување на загуби на вода | Реконструкција на водоводната мрежа во с. Владимирово во |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | должина од 2603 метри, 2024 и 2025 година, грант обезбеден од Општината, во висина од 2.500.000 денари во 2024 и 2.260.000 денари во 2025 година. |

| **Мерка 2.2: Подобри перформанси на системот за собирање и одведување отпадни води** | | | |
|---|---|---|---|
| **#** | **Опис на Активноста** | **Резултати** | **Ресурси** |
| 1 | Редовно чистење и одржување на канализационата мрежа со специјално возило за таа намена | Намалување на бројот на запушување на канализационата мрежа | Возило за чистење на канализационата мрежа, човечки ресурси |
| 2 | Изградба и приклучување на село Мачево на канализациониот систем | Проширување на канализационата мрежа | |
| 3 | Изградба на краци во село Русиново | Проширување на канализационата мрежа | Проект на Општина Берово, во вредност од 5.801.967 денари |
| 4 | Едуцирање на населението во однос на фрлањето маснотии, пластика и цврст отпад во канализацискиот систем. | Намален број на запушувања | Податоци, персонал, стручност, време |

| **Мерка 2.3: Подобри перформанси на системот за пречистување на отпадни води** | | | |
|---|---|---|---|
| **#** | **Опис на Активноста** | **Резултати** | **Ресурси** |
| 1 | Редовно тековно одржување и обновување на опремата на ПСОВ | Континуирано функционирање | Замена на влезните пумпи, грант од Швајцарската Влада, во вредност од 1.340.700 денари, реализирано во 2023 година. |
| 2 | Управување со отпадните води до Општина Пехчево | Изградана на шахта со вентил на колекторот Пехчево-Берово | Вредност од 1.000.000 денари, од кои 500.000 денари се планира да биде швајцарски грант, а 500.000 денари сопствена инвестиција. Реализација во 2024 год. |
| 3 | Тековно одржување на ПСОВ | Одржување на електричната инсталација | Замена на изолатори на високонапонска линија, во вредност |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | од 200.000 денари, реализација во 2026 година, од сопствени средства |
| 5 | Изготвивање на проект за изградба на фотонапонска централа | Подобрување на енергетска ефикасност | Наоѓање на грант |

Акционен план Управување со средствата (2024-2026)

| **Мерка 3.1: Составување на база на податоци за средствата** | | | |
|---|---|---|---|
| **#** | **Опис на Активноста** | **Резултати** | **Ресурси** |
| 1 | Пренос на сите средства во функција од соодветните носители (општината, државата итн.) | Вклучување на сите средства во функција во регистарот на средства и сметководствената дата-база. Протокол за примопредавање | Податоци, персонал, стручност, алати, време и буџет |
| 2 | Составување на соодветен регистар со соодветни полиња за внес на сите потребни спецификации; Набавка на функционална ГИС платформа и внесување на сите гео-податоци/ спецификации за средствата | Мапирање на сите средства поврзани со вода во ГИС системот, заедно со нивните спецификации; воспоставување на процедури за одржување/ажурирање на регистарот | Функционален ГИС (преку прокт во Делчево, швајцарски грант), ангажиран/обучен персонал, резултати |
| 3 | Спроведување на програма за инспекција на средствата во рамки на мрежата. Давање опис за состојбата и перформансите за секое по-единечно средство. Идентификација на критичните средства | Подобра слика за состојбата и перформансите на средствата, идентификување на проблематичните ставки и нивно утврдување како приоритети при инвестирањето | Воспоставен регистар на средства и регистар за одржување |

| **Мерка 3.2: Развој на систем за одржување на средствата** | | | |
|---|---|---|---|
| **#** | **Опис на Активноста** | **Резултати** | **Ресурси** |
| 1 | Утврдување на структурата на регистарот за одржување (дневник на интервенции) со цел внесување на спецификации за времето и локацијата на секоја поправка; исто така со цел пресметка на трошоците за поправка | Утврдување на структурата на регистарот и рутина за негово одржување | Воспоставен регистар на средства, обучен персонал, секојдневна комуникација со кол-центарот/техничките единици/секторот за залихи. |
| 2 | Воспоставување на месечна рутинска активност за надзор на одржувањето на средствата. Користи ги информациите за оценување на состојбата на средствата и нивните перформанси | Стандардизирани извештаи за пукања/поправки по вид на материјал, локација, вид на средство, трошок за поправка (мал/голем) | Доволен број на информации за трошоците по поправка (материјали/персона л/механизација) |

| Мерка 3.3: Планирање на капитални инвестиции | | | |
|---|---|---|---|
| # | Опис на Активноста | Резултати | Ресурси |
| 1 | Воведување на едноставна рутинска постапка за опишување на средствата кои имаат потреба од реновирање/ замена; утврдување на приоритети | Листа на средства за кои се потребни инвестиции, наведени по година (итни, среднорочни, долгорочни) | Информации за трошоците за замена, трошоците за поправка, критичноста |
| 2 | Вклучување на подобрена постапка за планирање на инвестициите во буџетирањето на комуналното претпријатие врз основа на приоритетните потреби и финансиските предвидувања за наредната (буџетска) година. Реалистични годишни ажурирања | Насочено планирање на капиталните инвестиции поддржано од регистрите на средства/одржување | Воспоставен систем за финансиско/оперативно планирање врз основа на реалистични предвидувања и потреби (одделување на активностите поврзани со вода).. |
| 3 | Вклучување на подобри инвестициски планови во проектните апликации за различни програми за добивање грантови | Сигурни инвестициски потреби идентификувани врз основа на регистрите на средства/одржување | Воспоставен систем за финансиско/оперативно планирање врз основа на реалистични предвидувања и потреби. |

Акционен план Читање, фактурирање и наплата (2024-2026)

| Мерка 4.1: Подобрување на читањето и фактурирањето | | | |
|---|---|---|---|
| # | Опис на Активноста | Резултати | Ресурси |
| 6 | Планирање, известување и анализа на резултатите | Релеватни информации за менаџментот за утврдување на приоритетите и постигнатите придобивки | Воспоставен систем за известување, софтвер. |
| 7 | Наплата за собирање и одведување на отпадни води (и пречистување) на корисниците со индивидуален извор на вода | Намалување на разликата меѓу реално испуштените и фактурирани отпадни води. | Податоци, персонал, стручност, алати, време и буџет |

| Мерка 4.2: Поголема ефикасност на наплатата | | | |
|---|---|---|---|
| # | Опис на Активноста | Резултати | Ресурси |
| 1 | Порано започнување со „меки“ мерки на наплата. Тоа вклучува потсетување преку СМС, електронска пошта, читање на водомери. | Пократко време на наплата. Неоптоварена законска наплата на заостанати долгови. Подобар готовински тек | Податоци, персонал, стручност, алати, буџет |
| 4 | Развој на пристап/процедура за евидентирање на измереното и неизмереното користење на вода (јавни површини, социјални случаи, градби без дозвола за градба). | Подобра евиденција на нефактурираната легална потрошувачка на вода | Податоци, персонал, стручност, алати, буџет |

Акционен план Финансиско Управување (2024-2026)

| Мерка 5.1: Утврдување на тарифи кои ќе ги надоместат трошоците (сите водни услуги) | | | |
|---|---|---|---|
| # | Опис на Активноста | Резултати | Ресурси |
| 1 | Подготовка на детална анализа на трошоците врз основа на одделни сметки (види мерка 5.2), вклучувајќи и редистрибуција на трошоците за поддршка | Детална анализа на трошоците за секоја од трите услуги, врз основа на соодветно одделување на сметките. | Податоци, персонал, стручност, алати, време и буџет. Тековно |
| 4 | Подготовка на детална анализа на приходите (приходите од помошните услуги треба одделно да се претстават) | Барање во однос на приходите за секоја од трите услуги | Податоци, персонал, стручност, алати, време и буџет. Тековно |
| 5 | Дефинирање на тарифната структура и пресметка на тарифниот опсег кој ќе овозможи надоместување на трошоците за секоја од услугите. | Тарифна структура и тарифен опсег | Изготвување на Барање за измена на Планот за прилагодување на тарифите, внатрешни човечки ресурси |
| 6 | Спроведување на анализа на достапноста и утврдување на тарифи за секоја од услугите. | План за примена на тарифи за тарифи кои ќе ги надоместат трошоците во рамки на опсегот на економска достапност. | Изготвување на Барање за измена на Планот за прилагодување на тарифите, внатрешни човечки ресурси |

| Мерка 5.2: Воспоставување сметководство по трошковни и профитни центри | | | |
|---|---|---|---|
| # | Опис на Активноста | Резултати | Ресурси |

| Мерка 5.3: Поголема ликвидност и помал степен на задолженост | | | |
|---|---|---|---|
| # | Опис на Активноста | Резултати | Ресурси |
| 1 | Анализа на побарувањата (старосна структура, опции за исправка на вредноста и отпис на побарувањата, проценка на можноста за наплата) | Подобрено следење на побарувањата | Континуирано |
| 2 | Донесување одлука за отпис на побарувањата или започнување на правни дејства за наплата на доспеаните долгови | Подобра наплата на долговите | Континуирано |
| 3 | Анализа на побарувањата, листа на добавувачи со приказ на минатите трансакции | Подобро разбирање и анализа на краткорочните и долгорочните обврски | Континуирано |

Инвестиционен План

Предвидените инвестиции во периодот 2024-2026 произлегуваат од:

Активностите планирани од ЈПКР во Акционите планови (Види Поглавје **Error! Reference source not found.**);

Анализата за неприходована вода на ЈПКР ‘Услуга’’ Берово  со прикажани активности и вредности (Види **Error! Reference source not found.**);

Планови и програми на  Општина Берово

Прикажаните инвестиции се проценети како приоритетни, во однос на техничката и финансиската состојба на ЈПКР. Инвестициите, освен поголема ефикасност на работењето, обезбедуват поголема безбедност, сигурност во снабдувањето и квалитет на водната услуга, согласно важечките стандарди.

Инвестициите по тип на услуга се прикажани во Табела 0-15. Детален распоред е претставен во **Error! Reference source not found.**.

Табела 0-15: Инвестиции за Водоснабдување во 2024-2026, МКД

| **О П И С, ВОДОСНАБДУВАЊЕ** | **Плани-рано** | **Регулиран период** | | |
|---|---|---|---|---|
| | **2023** | **2024** | **2025** | **2026** |
| Опрема за хлоринаторско одделение опрема за дозирање и мерење | | 12.000.000 | | |
| Дизни за филтрите за песок и јаглен | | 1.000.000 | | |
| Нови вентили и вентил со електромотор | | 14.000.000 | | |
| Мерач на проток на сурова вода | | 841.000 | | |
| Нова шахта со фасонски елементи | | 500.000 | | |
| Автоматизација на филтер станица и видео надзор | | 5.600.000 | | |
| Санација на филтри, замена на кварцен песок, замена на јаглен | | 14.000.000 | | |
| Санација на таложник | | 4.500.000 | | |
| Замена на опрема во влезно одделение | | 4.600.000 | | |
| Реконструкција на административна зграда | | 870.000 | | |
| Санација на свлечиште со изградба на потпорен ѕид | | 470.000 | | |
| Реконструкција на краците 5 и 6 во село Владимирово | | 2.500.000 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Реконструкција на краците 3 и 4 во село Владимирово | | 12.000.000 | 2.260.000 | |
| **ВКУПНО** | | **60.881.000** | **2.260.000** | |

Табела 0-16: Инвестиции за Собирање и одведување на урбани отпадни води во 2021-2023, МКД

| **О П И С, СОБИРАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ** | **Планирано** | **Регулиран период** | | |
|---|---|---|---|---|
| | **2023** | **2024** | **2025** | **2026** |
| Изградба на нови краци во с. Русиново | | | 5.801.967 | |
| **ВКУПНО** | | | **5.801.967** | |

Табела 0-17: Инвестиции за Прочистување на отпадни води во 2024-2026, МКД

| **О П И С, ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ** | **Планирано** | **Регулиран период** | | |
|---|---|---|---|---|
| | **2023** | **2024** | **2025** | **2026** |
| Замена на влезни пумпи | 1.340.000 | | | |
| Изградба на шахта со вентил на колектор Пехчево-Берово | | 1.000.000 | | |
| Замена на изолатори на високонапонскалинија | | | | 200.000 |
| **ВКУПНО** | **1.340.000** | **1.000.000** | | **200.000** |

Табела 0-18: Вкупно инвестиции во 2024-2026, МКД

| **О П И С, ВКУПНО** | **Планирано** | **Регулиран период** | | |
|---|---|---|---|---|
| | **2023** | **2024** | **2025** | **2026** |
| **ВКУПНО ЗА СИТЕ ВОДНИ УСЛУГИ** | **1.340.000** | **61.881.000** | **8.061.967** | **200.000** |

Табела 0-19: Очекувани извори на средства за инвестиции, МКД

| **О П И С** | **Планирано** | **Регулиран период** | | |
|---|---|---|---|---|
| | **2023** | **2024** | **2025** | **2026** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Кредити | | | | |
| Сопствени средства, амортизација | | | | |
| Сопствени средства, акумулација | | 500.000 | | 200.000 |
| Буџет на општината | | | | |
| Грант | 1.340.000 | 61.381.0<br>00 | 8.061.96<br>7 | 200.000 |
| **ВКУПНО ЗА СИТЕ ВОДНИ УСЛУГИ** | 1.340.000 | 61.881.0<br>00 | 8.061.96<br>7 | 200.000 |

**<u>Социјална инфраструктура</u>**

**СЕКТОРСКИ АНАЛИЗИ**

**<u>Социјална инфраструктура</u>**

**Образование**

Образовниот систем во општина Берово се состои од организирано предучилишно, основно и средно образование.

**Предучилишно образование**

Градинката „23 Август“ е единствената Детска градинка на територијата на општина Берово во која се опфатени централниот објект во Берово, како и клоновите во с.Русиново, с.Будинарци, с.Митрашинци и с.Смојмирово.

Објектот ОЈУДГ е граден наменски за згрижување, воспитание и образование на децата од 9 месеци до 6 години и од 6 до 10 години.

Објектот е пуштен во употреба 1976 година, а истиот е од тврда градба, изграден со материјали кои ги задоволуваат техничките услови и стандарди во однос на конструкцијата, противпожарна безбедност, топлинска и звучна изолација и заштита од влага и кондензација.

Вкупната површина на објектот е **1120** м$^2$, двор со вкупна површина **2142 м$^2$** со капацитет од 160 деца што одговара на потребите според бројот и возраста на децата што престојуваат во установата.

Дворната површина е озеленета, така што редовно се уредува и хортикуларно се збогатува. Дворната површина максимално се искористува за разни видови игри и престој на воздух, за реализација на физичките активности за разработка на разни еко содржини и сл.

Во установата се реализираат неколку програми за воспитување и згрижување на децата од предучилишна возраст:

**Програма за полудневен престој ;**

**Програма за целодневен престој ;**

**Програма за продолжен престој;**

Централниот објект „ 23 Август “ има 13 воспитни групи, во клоновите во с. Русиново има 2 групи и по една во с. Митрашинци и с. Будинарци, така што секоја група има сопствена занимална и гардероба,. Секоја од овие простории се користи за попладневен одмор, за спиење на децата. Секоја занимална во објектот е опремена со соодветни детски центри кои изобилуваат со играчки и разновиден дидактички материјал.

Во 2023 година во с. Двориште е отворен Центар за ран детски развој каде што децата пред поаѓање на училиште ќе можат да бидат згрижени.

Професионалноста, одговорноста, организираноста, ефикасноста, максималната посветеност и ангажирање, користењето на искуството, следејќи ги потребите на модерното живеење, придонесуваат за преголемата заинтересираност на родителите да ги запишуваат децата во градинка.

| ОЈУДГ „23 Август“ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Година | Деца | | | Вработени | | |
| | Вкупно | Машки | Женски | Вкупно | Машки | Женски |
| 2021 | 223 | 114 | 109 | 50 | 7 | 43 |
| 2022 | 228 | 122 | 106 | 49 | 7 | 42 |
| 2023 | 242 | 125 | 117 | 54 | 7 | 47 |

**Основно образование**

Основното образование на територијата на општина Берово се реализира во:

Општинско основно училиште „Дедо Иљо Малешевски" во Берово и

Општинско основно училиште „Никола Петров Русински“ с. Русново, Берово .

Општинското основно училиште „Дедо Иљо Малешевски“ започнало со работа во учебната 1953/54 година. Училиштето се одликува со наменска, добро зачувана, функционална зграда изградена во текот на 1974 година, реновирана во 2012 година, а во 2007 година дограден нов дел. Денешната училишна зграда ги задоволува сите стандарди за едно модерно училиште со соодветни услови за работа и изведување на воспитно – образовната работа.

Мрежата на училиштето се состои од едно централно деветгодишно училиште со седиште во Берово. Училиштето располага со 3800 $m^2$ внатрешна површина на училиштето, 2000 $м^2$ училиштен двор и 1300 $м^2$ површина на спортски терени и игралишта.

Во склоп на ООУ„ Дедо Иљо Малешевски“ се и подрачните основни училишта во 4 населени места од кои едно петогодишно подрачно училиште во с. Ратево и три деветгодишни подрачни училишта во с. Митрашинци, с. Будинарци и с. Двориште.

Република Северна Македонија како и многу други земји во Европа, во последните децении се соочува со реалноста на стареење и намалување на бројот на населението. Како одговор на оваа состојба потребна е континуирана, системска и успешна реорганизација на постојните човечки, инфраструктурни и финансиски ресурси во рамките на јавниот сектор.

Континуираниот пад на новозапишани ученици низ годините, а од друга страна зголемен број на наставници се дел од факторите кои придонесуваата за намалување на ефикасноста на трошењето во основното образование. Оттука, се јавува потреба за оптимизирање на училишната мрежа во државата.

Поради намалениот број на ученици, подрачното училиште во с. Смојмирово во 2019 година е ставено во мирување.

Подрачните училишта во с. Владимирово и с. Смојмирово, исто така поради намалиот број на ученици во 2023 година се ставени во мирување.

Во Општинското основно училиште „Дедо Иљо Малешевски„ Берово, воспитно – образовната работа ја остваруваат 72 наставника, од кои 31 се одделенски наставници, тројца од вкупниот број на вработени се стручна служба, двајца административни службеници и 18 вработени се помошно – технички лица.

| Општинското основно училиште „Дедо Иљо Малешевски„ Берово | | |
|---|---|---|
| Учебна година | Паралелки | Ученици-вкупно |
| 2021/22 | 55 | 689 |
| 2022/23 | 55 | 656 |
| 2023/24 | 53 | 664 |

Општинското основно училиште „Никола Петров Русински“ кое се наоѓа во с. Русиново, располага со 1588 м2 површина на објектот, 4004 м2 површина на училишниот двор и 1800 м2 површина на спортските терени и игралишта.

Зградата на основното училиште е градена во текот на 1947 година, а со настава како основно училиште Никола Петров Русински започнало со работа во 1973 година. Располага со асфалтирани игралишта за ракомет, одбојка и фудбал, уреден парк со цвеќиња и зимзелени дрва, а преостанатиот дел е тревнат. Дворното место, со површина од 4004 m2 е оградено и уредено. Зградата е градена наменски, добро е зачувана, функционална и ги задоволува потребите за организирање на воспитно- образовниот процес.

Во ООУ„Дедо Иљо Малешевски“ се ангажирани осум стручни соработници- приправници-образовни асистенти за ученици со попречености во основното образование.

Во Општинското основно училиште „Никола Петров Русински„ с. Русиново, Берово, воспитно – образовната работа ја остваруваат 15 наставника, од кои 5 се одделенски наставници, двајца од

вкупниот број на вработени се стручна служба, еден административен службеник и 2 вработени се помошно – технички лица.

| Општинското основно училиште „Никола Петров Русински„ с. Русиново,Берово | | |
|---|---|---|
| Учебна година | Паралелки | Ученици-вкупно |
| 2021/22 | 9 | 89 |
| 2022/23 | 9 | 81 |
| 2023/24 | 9 | 75 |

Средно образование

Гимназиското ибразование во Берово датира од учебната 1951/1952 година како неполна гимназија која во учебната 1953/1954 година преминува во полна гимназија. Училиштето е верифицирано за гимназиско и стручно образование во согласност со наставниот план и програма:

Општествено – хуманистичко подрачје

Природно – математичко подрачје

Јазично – уметничко подрачје

Текстилно – кожарска струка

Угостителско- туристичка струка

Шумарско – дрвопреработувачка струка

Воспитно – образовната дејност во училиштето се одвива во две училишни згради, во училишната зграда во Берово која е пуштена во употреба во 1998 година и дисперзирани паралелки, гимназиско образование од 2008 година во Пехчево.

Училиштето располага со кабинет по информатика опремен со компјутери, библиотека, една училишна спортска сала, училишен двор од 10 000 м$^2$ со спортски терени, канцеларија за наставници, учлници, кабинети и други помошни простории. Практичната настава за текстилно – кожарската струка се изведува во две соодветно опремени работилници, а за практична настава за угостителско – туристичката струка е набавена потребната опрема и е ставена во функција од 2021/2022 година со што практичната настава од финкционален и естетски поглед се реализира на високо ниво.

| Општинското средно училиште „Ацо Русковски„ Берово | | |
|---|---|---|
| Учебна година | Паралелки | Ученици-вкупно |
| 2021/22 | 26 | 348 |

| | | |
|---|---|---|
| 2022/23 | 25 | 323 |
| 2023/24 | 24 | 298 |

**Култура**

Домот на културата "Димитар Беровски"-Берово е единствената институција од областа на културата и главен двигател на сите случувања

од областа на културно забавниот живот во општина Берово.

Како матични форми на дејствување во Домот на културата, најголем акцент е ставено на :

Фолклорната дејност :
-Културно уметничко друштво со преку 200 членови
-Беровски тамбураши

Драмска аматерска дејност

Библиотечна дејност

Музејска дејност

Ликовна и галериска дејност

Во состав на Домот на културата е и матичната библиотека "Народна просвета" како матична библиотека во Општина Берово. Како што е наведено истата е формирана 1946 која работи најпрво како самостојна, за подоцна да биде припоена кон Работничкиот универзитет "Моша Пијаде", а по трансформацијата на истиот е вклучена во состав на Домот на културата "Димитар Беровски".

Сместена е во две простории со вкупно 120 $м^2$.Во истите простории се читалната, работната просторија и магацински простор. Поради тоа се наметнува потребата од изградба на современа библиотека.

Спорт

Во Законот за локалната самоуправа во листата на надлежности на општините се утврдени работите кои Општината може да ги врши во областа на спортот и рекреацијата и тоа:

– Обезбедување услови за развој на рекреативниот и масовниот спорт;

– Организирање и помагање спортски пригодни активности и манифестации од значење за локалната самоуправа и дефинирање на спортската политика во општината

– Финансирање на проекти, спортските настани и манифестации од интерес на општината и

– Одржување на спортските сали, терени и рекреативни игралишта.

Спортот е дејност која ги опфаќа сите форми на спортски активности на спортистите од сите возраси, како и спортско-рекреативните активности на граѓаните. Заради остварување на потребите за занимање со активности и заштита на правата и интересите од областа на спортот, граѓаните можат слободно и доброволно да се здружуваат и основаат спортски здруженија. Во овие здруженија строго е забрането верско и политичко дејствување.

Спортски клуб е спортско здружение, односно трговско друштво кое врши дејност спорт. Спортските клубови заради остварување на јавниот интерес на општината во областа на спортот и заради планирање и реализација на програмските активности, можат да се здружуваат во општински и градски спортски сојузи од различни спортови.

Во општина Берово од 1919 година активно функционира Општински фудбалски клуб Малеш Берово, кој во моментов брои околу 136 членови, најмали петлиња, помлади пионери и пионери и сениори.

Од 2018 година па се до денес во полето на спортот активен е Пинг-понгарскиот клуб – Берово, чии членови постигнуваат врвни резултати на државно но и меѓународно ниво.

**Здравствена заштита**

Здравството претставува еден од основните чинители на квалитетот на живот на населението и продолжувач на животниот век, поради што има посебно место во социјалниот развој.

ЈЗУ Здравствен дом Берово е јавна здравствена установа, која пружа квалитетни здравствени услуги на територијата на Општина Берово од превентивна, примарна и секундарна здравствена заштита.

Располага со високо стручен здравствен кадар, кој се стреми кон подобрување на здравствените услуги, во смисла на квалитет и ефикасност.

Оваа установа ги следи високите стандарди во пружање на здравствените услуги, благодарение на долгогодишното искуство и персоналот, вработен во истата.

Полни со енергија, стручност и гостопримливост, која се одразува од традицијата, ЈЗУ Здравствен дом Берово, ја обновува, засилува посветеноста за зачувување на здравјето на пациентите.

Итна медицинска помош и домашно лекување, примарна здравствена заштита во рурални средини, превентивна здравствана заштита за предучилишни и училишни деца, поливалентна патронажа, стоматолошка здравствена заштита на деца до 14 годишна возраст, биохемиско-лабараториска дејност, обезбедување со лекови, радиодијагностика, интерна медицина, офралмологија.

**Социјална заштита**

Надлежноста на Општина Берово од областа на социјалната заштита се реализира со Програма за социјална заштита како инструмент за вршење на социјалната функција на општината преку планирање на финансиски средства и преземање мерки за надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните во локалната заедница, со цел:

- промовирање и одржување на социјалната сигурност на граѓаните,

- спречување на социјалната исклученост,

- подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и

-зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот.

**Социо-економски карактеристики на Општина Берово**

Беровската котлина го опфаќа нај источниот дел од Република Македонија, помеѓу 41° 06" и 41° 53" географска ширина и помеѓу 23° 12" и 22° 37" географска должина. Општината Берово на југ се граничи со општините Ново Село, Босилово и Василево, на запад со општините Радовиш и Виница, на север со Делчево и со Пехчево, на исток со државната граница на Р. Бугарија.

Вкупната површина на општина Берово изнесува 595 км2, а се наоѓа на 800 м просечна надморска висина. Релјефот е претежно ридско-планински, а рамнински терени има само околу речното корито на реката Брегалница.

Според податоците од Пописот 2021 објавени од страна на Државниот завод за статистика, во Општина Берово бројот на вкупното резидентно население изнесува 10.890 лица, 4143 домаќинства и 8683 станови. Од вкупниот број на лица 5447 се машки пол, а 5443 се женски пол, додека 9925 се изјасниле Македонци, од кои 4963 се мажи и 4963 жени, 339 роми, 60 турци и 1 албанец.

**Според возраст[25] поделбата на населението во општина Берово е како што следува:**

| | **2021** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 0-14 | 15-29 | 30-44 | 45-59 | 60-74 | 75-80+ |
| **вкупно** | 1254 | 1700 | 2020 | 2385 | 2557 | 974 |

*Податоци од ДЗС

Подрачјето на Општината Берово е утврдено со закон и ги опфаќа градот Берово и 8-те села околу него:

Митрашинци, Будинарци, Мачево, Смојмирово, Ратево, Русиново, Владимирово и Двориште.

Населението во Берово, во досегашниот развој, покажува различна динамика како во однос на вкупното движење, така и врз структурните промени и просраната разместеност. На тоа влијаеле повеќе фактори, а посебно општестено-економските услови потоа промените во етничката структура, природно-географските специфичности, миграционите движења и др. Како и во останатите градови, така и во Берово многу семејства го напуштаат градот и се преселуваат во други градови во РСМ или заминуваат надвор од државата заради подобра егзистенција. За тоа говори податокот за упис на се помалиот број на првачиња во основните училишта. Овие податоци укажуваат дека старото население е во постојан пораст над бројот на младото.

*Податоците се земени од Државен завод за статистика публикација за Вкупно резидентно население, домаќинства и станови во Република Северна Македонија, https://www.stat.gov.mk/publikacii/2022/POPIS_DZS_web_MK.pdf*

Од страна на Градоначалникот на Општина Берово, е формиран Општински совет за социјална заштита, во кој членуваат 15 претставници од повеќе институции и здруженија на граѓани. Годишната програма за социјална заштита, се донесува врз основа на усвоениот Социјален план од страна на Советот на општина Берово, чија главна цел е задоволување на потребите и интересите на граѓаните во областа на социјалната заштита, зголемување на достапноста на услугите и нивно креирање согласно потребите на најзагрозените граѓани.

При изработката на Социјалниот план на ниво на општина се мапираа социјалните проблеми кои ги имаат граѓаните во општината и главната активност преку работа на терен беше утврдување на бројот и категоријата на ранливите групи во заедницата. Социјалниот план го подготвува Одделението за јавни дејности, го разгледува Комисија за јавни дејности и го усвојува Советот на општина Берово.

ЈУМЦСР е надлежен да постапува на подрачјето на Општина Берово како и на подрачјето на Општина Пехчево. Според евиденцијата на ЈУМ Центар за социјална работа во Општина Берово се прикажани сите права и услуги од социјална и детска заштита изразена во број на корисници и предмети и тоа:

| Број на предмети во работа | Предмети во работа | | |
|---|---|---|---|
| | 2020 | 2021 | 2022 |
| Социјална парична помош | / | / | / |
| Постојана парична помош | / | / | / |
| Гарантирана минимална помош | 263 | 285 | 256 |
| Надоместок за слепило и мобилност | / | / | / |
| Надоместок за глувост | / | / | / |
| Надоместок заради попреченост | 208 | 198 | 180 |
| Надоместок за помош и нега од друго лице | 695 | 725 | 651 |
| Надоместок на плата за скратено работно време | 6 | 6 | 6 |
| Додаток за домување | 4 | 4 | 3 |
| Траен надоместок | 1 | 3 | 3 |
| Еднократна парична помош | 205 | 208 | 187 |
| Социјална сигурност на стари лица | 34 | 44 | 46 |
| Детски додаток | 152 | 147 | 141 |
| Посебен додаток | 57 | 62 | 47 |
| Еднократна парична помош за новороденче | 81 | 60 | 70 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Додаток за образование | 243 | 231 | 183 |
| Родителски додаток за трето и четврто дете | 155 | 143 | 129 |
| Парични надоместоци од други закони | / | / | / |

*Извор: Административни податоци Меѓуопштински Центар за социјална работа Берово

**Центар за дневен престој за лица со попреченост**

Дневниот центар за лица со ментална или телесна попреченост во Берово е отворен на 01.03.2006 година. Лоциран е на улица "Маршал Тито" бб, во зграда сопственост на општина Берово, а преотстапен на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа-Берово под која надлежност работи и Дневниот центар. Локацијата обезбедува полесна интеграција на корисниците и соработка со институциите во локалната средина. Дневниот Центар за лица со ментална или телесна попреченост е лесно достапен за корисниците, без архитектонски бариери и со соодветно уреден пристап.

Со самото отварање Министерството за труд и социјална политика и Финската влада со помош на Канцеларијата на УНИЦЕФ и Едукејт и хорот Јан и Алеман од Холандија го опремија Дневниот центар според бараните стандарди за опрема, надгледни и рекреативни средства и играчки. Во овие години Дневниот центар воспостави соработка со повеќе локални фирми кои донираат разни донации за потребите на центарот. Донации и мали подароци корисниците добиваат и од граѓани-поединци.

| **Корисници** лица на територијата што ја покрива ЦСР на возраст од 0-26 | **Реализирано** | | |
|---|---|---|---|
| | 2020 | 2021 | 2022 |
| Број на упатени во дневен центар | 10 | 6 | 10 |
| Просечен број на присутни во дневен центар | 2-10 | 2-6 | 5-10 |

Во периодот од Јануари до Јуни услугата дневен престој ја имаат користено 5 лица. Состојбата е променета во периодот од Јули до Декември и нивниот број се зголемува на 9, односно 10 корисника. Бројот е зголемен како резултат на обезбеден превоз од страна на ЦСР со што услугите стануваат достапни и за корисници од соседната општина Пехчево, како и за лица од селата на територија на општина Берово.

Во 2022 година, донирани се 1.540.000 денари за зајакнување на услугите на Дневниот центар за деца и лица со попреченост во Берово, од Амбасадата на Народна Република Кина во Република Северна Македонија. Донацијата е искористена за опремување и помали реконструктивни зафати во просториите на дневниот центар и опремен е кабинет за физикална и хидро-терапија, како и сензорна соба наменета за деца и лица со аутистичен спектар на нарушувања.

Во текот на учебната 2021/2022 и 2022/2023 година во основното училиште се ангажирани стручни соработници, приправници, образовни асистенти за ученици со попречености во

основното образование согласно распишаниот оглас од страна на Министерството за образование и наука (МОН) и потребата од нивно ангажирање. Во ООУ„Дедо Иљо Малешевски“ Берово во учебната 2022/2023 година се ангажирани 7 образовни асистенти.

Во рамките на проектот за Општинско корисна работа, се спроведуваат активностите по Проектите ,,За наше Берово” и ,,Еднакви можности” од Општинско корисна работа, преку кои 31 невработени лица од Берово, добиваат платен ангажман, а нивните услугите ќе ги користат околу 300 крајни корисници.

Програма за работно ангажирање-Јавни работи за евидентираните невработени лица со ниски квалификации од територијата на општина Берово, е врз основа на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд за 2022 година, усвоен од Владата на Република Северна Македонија, финансирана од Буџетот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и општина Берово, односно учество на општина Берово во ОП за 2022.

Образовен асистент, негователи за предучилишна возраст, фасилитатори за одржливи социјални услуги, негуватели за стари лица, негуватели на лица со попреченост, пост ковид негуватели, негуватели на лица заболени од Алцхајмер, мултиплекс склероза и палијативна нега, геренто домаќини, фасилитатор за здравствени информации во ромско население, негуватели за стари лица и негуватели за лица со попреченост се услугите кои можат да им се понудат на крајните корисници, а поддршката ја добиваат во институциите на локално ниво и во домашни услови каде што е потребно. Целта на овој проект е покрај работното искуство, давателите на услугите да добијат и теоретско занење, преку организирани платени обуки, да се стекнат со соодветни квалификации, поголеми знаења и вештини, како и сертификати кои ќе им помогнат за полесно вклучување и конкурантност на пазарот на труд.

**Малиот групен дом**, како оној што постои во Берово е една од алтернативите за деца кои не можат да растат во семејство. Во изминатите години, во овој дом се обезбедува безбедно и грижливо опкружување налик на семејно кое служи како модел за алтернативен начин на згрижување во заедницата наместо згрижување во големи институции.

Малиот групен дом е отворен 2009 година, како организациона единица на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Берово и во него се сместуваат деца без родители и родителска грижа. Тој е наменет за најмногу седум малолетни лица, деца без родители или родителска грижа, чија возрасна граница е од 3 до 18 години и од двата пола. Пет места се наменети за продолжен престој, додека две места се наменети за итно прифаќање.

Општина Берово ја поддржува Националната кампања која се спроведува од страна на СОС Детско село, во соработка со Центрите за поддршка на **згрижувачки семејства** ,,11 Октомври” и ,,Битола”, Министерството за труд и социјална политика и локалните самоуправи, а овозможена е од страна на Германското министерство за економски развој и соработка. Во рамките на Годишната Програма за социјална заштита Општина Берово предвиде финансиска поддршка на социјалната услуга за сместување во згрижувачко семејство (по 10.000 денари на едно згрижувачко семејство).

Општина Берово со помош и соработка со Холандско-Македонската хуманитарна организација и Министерство за труд и социјална политика ја отвори Општинската Установа Дом за стари лица, кој се наоѓа на влезот во Берово. Општина Берово како основач на јавната установа ќе го поддржува тековно работење на оваа установа. На почетокот на 2019 година, оваа општинска јавна установа го прошири својот капацитет од постоечките 15 на 29 легла за корисниците. Во

2020 година извршена е  реконструкција на третата ламела. Со средства од Швајцарската агенција за развој и соработка и Министерството за локална самоуправа, извршено е внатрешно уредување третата ламела која обезбеди дополнителни 10 места за корисниците. Денес, вкупниот капацитет на Домот за стари лица во Берово е 39 корисници. Годините наназад, домот за стари лица, работи цело време со пополнет капацитет и константно на листата на чекање за сместување има голем број корисници . Во тек е реконструкција на помошни простории односно изградба на сопствена кујна и административни простории.

Општина Берово ќе го прошири капацитетот на Домот за стари лица  со уште една ламела (четврта ламела), при што ќе се зголеми бројот на корисници на услугите во домот  за уште 28 корисници.

Законот за социјална заштита, предвидува децентрализација во сферата на социјалната заштита, преку повици објавени од страна на  Министерството за труд и социјална политика (согласно член 140 и член 145 од Законот за Социјална заштита, Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.05.2019 година), по кој повик, во тек е имплементација  на проект ,,Возврати со љубов, грижа и почит", преку кој вкупно 20 даватели на услуги се грижат за околу 60 крајни корисници од општина Берово.  Проектот во текот на 2021, 2022 година се реализираше со средства од Светска Банка преку МТСП. Поддршката на Стари изнемоштени лица во домашни услови од Берово и од руралните средини  „Возврати со љубов, грижа и почит", со средства  обезбедени преку апликација на јавен повик од страна на МТСП се реализираат преку Дом за стари лица ,,д-р Иван Влашки" како давател на услуги и во текот на 2023 година.

Во општина Берово активностите во рамките на проектот Општинско корисна работа за пружање на помош и нега во домот преку УНДП се одвиваат и во текот на 2022 и 2023 година. За овие активности се ангажирани вкупно 20 извршители. Средствата се обезбедени од Швајцарска агенција за развој и соработка, преку УНДП.

Освен другите ангажирани лица преку проектот,  услугата ја даваат и:

- Негувател на стари лица во Домот за стари лица / геронтодомаќин
- Негувател на стари лица,

**Мапирање на лица од ромска етничка заедница**

За бројот на домаќинства и националната припадност од последниот попис во 2021 година согласно првичните резулати објавени на 30.03.2022 година во Општината Берово има вкупно 4.143 домаќинства, со просечен број од 2,6 членови по домаќинство и 8683 станови. Според националната припадност, Македонците се 91% (9925), Роми се 3% (459), 6 % останати. Од нив Роми жени се 178 и мажи 161.

Ромската етничка заедница е сконцентрирана во ромското маало на улиците ,,Прохор Пчински,, и ,,23 Август,, но има и околу 16 ромски семсјтва кои се сместени во социјалната зграда во Берово. Освен тоа околу 5-6 семјства живеат во центарот на градот.

Кај ромската популација невработеноста е нешто повеќе од 50% од вкупниот број на работоспособни Роми, а што е резултат на трансформацијата на претпријатијата од општествена и приватна сопственост при што се затворени најголем дел од претпријатијата, а тие што работат се под или на границите на ликвидноста. Моменталната ситуација не е многу изменета поради високата стапка на внатрешната и надворешната миграција и нискиот наталитет кој ја

карактеризира општината и ја става во редот на општини во кои доминира постаро население.

Според евиденцијата во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Центар Берово заклучно со 31.05.2022 година вкупно се евидентирани 1208 лица активни баратели, од кои вкупно Роми се 171 лице, од нив 72 лица се жени и 99 мажи.

Образовното ниво и здравствениот статус на Ромите во Берово отсекогаш биле подобри во споредба со другите општини иако и на тоа поле има уште да се работи за да се постигне целосна интеграција. Тоа негативно влијае на дел од ромската етничка заедница и предизвикува отсуство на дел од децата (постојано/делумно). Карактеристично е непознавањето на законската регулатива за правата и обврските поврзани со образованието, од тие причини потребна е специјално дизајнирана социјална услуга која ќе го поддржи информирањето и упатувањето. Основна причина за ваквата појава се смета и слабиот степен на информираност односно ниската свест на родителите за потребите на образованието. Не помала пречка за вклучувањето на ромските деца во образованието е и нереалното декларирање на образованието како бесплатно. Постои и потреба од подобрувањето на успехот и редовноста кај учениците Роми во основното и средното образование. Бројот на запишани ученици во високообразовните установи е подобрен во однос на претходниот период. Сепак сеуште многу мал број Роми се одлучуваат да студираат. Потребно е мотивирање на Ромите за студирање со доделување на степендии, кредити со поддршка кои би биле директно обезбедени од Министерство за образование и наука.

Општина Берово објави оглас за ангажирање на консултант и тутори за поддршка на ученици Роми од 2-ро, 3-то и 4-то одделение во основно образование во Општина Берово. Оваа активност се имплентира како дел од акцијата „Пост КОВИД 19 мерки за превенција и опоравување во образованието за деца и возрасни„ финансирана во рамки на заедничкиот проект на Европската Унија и Советот на Европа, РОМАКТЕД Програмата Фаза II за „Промовирање на добро управување и зајакнување на Ромите на локално ниво. Оваа акција има за цел да го унапреди квалитетот на образование за децата Роми во основно образование кои беа дел од наставата во далечина за време на пандемијата и се соочија со разни предизвици од кои произлегоа значителни последици во однос на намалување на квалитетот на образование за учениците Роми.

Во рамките на акцијата ќе се обезбеди дополнителна образовна/туторска поддршка на минимум 30 ученици Роми во учебната 2022/2023 година (април-јуни) и 2023/2024 година (септември-декември). Дополнителната поддршка ќе биде обезбедена за децата Роми вклучени во 2-ро, 3-то и 4-то одделение кои покажуваат слаби образовни резултати како последица од наставата во далечина за време на пандемијата. Дополнителна образовна/туторска поддршка ќе се обезбеди по предметите Македонски јазик, Математика и Англиски јазик.

Во рамките на оваа активност во период од 7 (седум) месеци ќе бидат ангажирани максимум 6 (шест) тутори кои што два пати неделно по еден час (60 минути) ќе работат со овие деца, заради оспособување и стекнување на основни вештини кои се неопходни во процесот на редовното образование.

Во учебната 2021/2022 година во ОЈУ Детска градинка "23 Август,,- Берово од ромска етничка заедница запишани се вкупно 66 ученици од кои 36 ученици се од машки пол и 30 ученици се женски пол. Во учебната 2021/2022 година во ОСУ "Ацо Русковски,, - Берово се вкупно 366 ученици од кои 168 ученици се од машки пол и 198 ученици се од женски пол. Од ромска етничка заедница се вкупно 32 ученици од кои 15 ученици се од машки пол и 17 ученици се женски пол.

*Извор: ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН НА ОПШТИНА БЕРОВО И РОМСКАТА ЗАЕДНИЦА за период од 2023 до 2026

https://berovo.gov.mk/wp-content/uploads/2022/11/Lokalen-aktsionen-plan-za-Romite-za-2022-godina.pdf

Во рамките на Проект ,,Штип и Берово заедно за подобрување на условите на ромската заедница", чија главна цел е унапредување во домувањето, образованието и економските можности за Ромите кои живеат во сиромаштија, преку подобрување на нивните услови за домување и пристап до социјални услуги, денеска е потпишан договорот за реконструкција на дел од предвидените куќи, односно реконструкција на 8 куќи на ромски семејства.

Во рамките на проектот за Берово, предвидени се следниве активности, од кои дел се завршени :

-Донесување на ДУП и ГУП во износ од 15 хектари во ромската населба;

Легализација на бесправно изградени куќи во сопственост на ромски семејства (25 кои имаат поднесено барање и 15 кои немаат поднесено барање за легализација);

Рехабилитација и реконструкција на вкупно 15 куќи на ромски смејества кои живеат во несоодветни и штетни услови;

Подобрување на инфраструктурата во ромската населба:

-Реконструкција на 250 м фекална канализација,

-поплочување на мали улици во износ од 70 до 100 м,

-приклучување на вода на 7 семејства кои не се приклучени,

-приклучување на струја на 5 семејства кои немаат пристап до електрична енергија,

-обезбедување на 7 контејнери и 120 индивидуални канти за отпад кои ќе бидат поделени во ромската населба

**Мапирање на бездомни лица**

На територијата на Општина Берово согласно податоците доставени од страна на ЈУ МЦСР Берово нема евидентирано бездомни лица.

Министерството за транспорт и врски во 2013 година објави оглас за распределување на 20 социјални станови во Берово во станбена зграда на улица „Моша Пијаде", кои се изградени по Програмата за изградба и одржување на станови сопственост на Република Северна Македонија.

Во рамките на Годишната програма за социјална заштита и Правилникот за начинот и критериумите на остварување на правото на парична помош за социјално домување на лица корисници на постојана парична помош, социјално загрозени-станбено необезбедени бр. 09-

1360/1 од 30.03.2022 година, општина Берово има издадено Решение за додаток за домување на едно лице кои ги исполнува условите согласно позитивните законски прописи.

**<u>Заштита на животната средина, енергетска ефикасност и обновливите извори на енергија</u>**

## СЕКТОРСКИ АНАЛИЗИ

**<u>Заштита на животната средина, енергетска ефикасност и обновливите извори на енергија</u>**

**Заштита на животната средина**

ЕКОЛОГИЈА И ЗАШТИТА НА ПРИРОДНА И ЖИВОТНА СРЕДИНА

Создавањето и спроведувањето на ЛЕАП е знак дека локалната власт ги презема одговорноста и грижата за животната средина, создава долгорочна одржлива корист на природните ресурси во границите на општината и ги решава локалните приоритети за заштита на животната средина.

Локалниот акционен план за животната средина (ЛЕАП) за Општина Берово е донесен во Декември 2003 година и истиот не обновен, но има за цел да се справи не само со проблемите со животната средина, туку и со прашањата поврзани со одржливото користење на ресурсите, како и со социјалните и економските прашања.

Согласно поставените приоритети, во процесот на имплементација, досега се преземени акции за решавање на проблемите со водата за пиење и со отпадни води, како и за дел од предвидените активности за подобрување на состојбата со цврстиот отпад, за заштита на шумите и за едукација на граѓаните за подигање на јавната свест.

Квалитет на воздухот

Основна карактеристика на природниот воздух е да не содржи токсични материи и прашина који се штетни за човекот. Загадување на урбаната средина произлегува во глобала од следниве состојби. Присуство на производни погони, со несовремени технолошки процеси коиосетно ја загадуваат животнатта средина, во однос на воздухот, почвата и водата. Ваквиот воздух е богат со штетни гасови, тврди и течни материи, односно разнивидови јаглеиоводи, сулфурни соединенија, олово, саѓи, разлчни метали и аеросоли.Во аерозагаденоста се манефестира со ширење на непријатни миризби во околината како и со присуство на огромен број на бактерии по см3 што може дапредизвика инфективни заболување кај населението во зоната на влијание наобјектите.

Во општина Берово нема тешка индустрија, во општината не се идентификувани извори на аерозагаденост кои се алармантни. Значи можеме загадувањето на воздухот да го третираме како ниско ризичен проблем освен во зимскиот период кога има покачување заради застарениот начин на загревање на домаќинствата со енергетски неефикасни печки и употреба на огревно дрво кое е непрописно исушено. Од тие причини воградот Берово се појавуваат повисоки концентрации на ПМ 10 честички кои ги надминуваат дозволените граници.

Квалитет на водата

Контрола на квалитетот на водата во градот со населените места од општината, е во надлежност на ЈЗО Републички завод за здравствена заштита од Скопје кој врши перманентна комплетна физичко-хемиска, радиолошка и анализа на пестициди. ЈЗО Завод за здравствена заштита Кочани врши хемиска анализа на површинските води и следење на состојбата на водоснадбување и квалитет на вода за пиење. Секојдневна контрола се врши во лабораторијата во филтер станицата, а на секои 15 дена водата се контолира од Завод за здавствена заштита од Кочани. Во с. Ратево, с.Двориште водата се испитува еднаш месечно. Овие села се снабдуваат со вода за пиење од сопствени капацитети

Според извештаите од ЈЗО за санитарно-хигиенската состојба на површинските води на земени 68 мостри 66.18% се физичко-хемиски неисправни, а од вкупно 50 мостри 68% се бактериолошки неисправни.

Како главани проблеми кои се идентификувани и поврзани со водоснабдувањете се: загуби на вода, диви приклучоци, застарена мрежа, недоволен резервоарски простор и др. Врз основа на анализите кои се направени идентификувани се два главни еколошки проблем поврзани со водата во општина Берово и тоа:

1. Релативно слабиот квалитет и квантитет на водата за пиење и дотраена разводна мрежа;

2. Дезинфекцијата на водата има минимално влијание на микро флората и фауна.

Главни извори кои ги предизвикуваат двата претходно наведени типови на еколошки проблем се:

1. Фекална канализација од дивоизградената викенд зона;

2. Загадување на површинските води од Рибникот на Клепалска река;

3. Застарена водоводна мрежа (мали профили, без изолација, појава на корозија и инкрустрација);

4. Неадекватен материјал на цевките (азбест цемент);

5. Отсуство на подземен катастар на инсталациите;

6. Загуби на вода (диви приклучоци, застарена мрежа.

Треба да напоменеме дека во последните години има определен напредок во оваа област – со проектот Урбан водоснабдителен и санитарен систем направена е доградба на нов резервар, сменет е активниот јаглен, набавена е нова лабараторија и изградена е станица за отпадни води во близина на с. Мачево. Во 2023 година изведена е погоелма реконструкција на пречистителната станица за вода со комплетно чистење на резвоарите и поставен е автоматски процес на прочистување а извршена е и стабилизација на земјиштето од можната појава на свлечиште.

Отпадни води

Општина Берово е една од ретки општини во која функционира Печистителната станаца за отпадни води (ПСОВ) и истата е меѓу првите во земјата кока е ставена во функција од 2010 година преку проектот Урбан Водоснабдителен и Санитарен Систем - Берово. Постојат повеќе

главни проблеми со кои се соочува Општината во одведувањето на отпадните води. Во градот Берово над 90% изнесува покриеноста со канализациона мрежа, но недоволна покриеноста со канализациона мрежа има во селските населби кои не се поврзани. Исто така доаѓа до запушување на одредени краци од канализационата мрежа во Берово кои се јавуваат како тесни грла. Во Берово целосно е решен проблемот со атмосферската канализација (атмосферска канализација е изградена на сите улици и истата е одведена до неколку канали кои поминуваат во градот). Во непосредна близина на Беровско езеро е изградена Туристичката викенд населба со изградена канализациона мрежа и пречистителна станица која не е целосно оперативна заради бројот на корисници, но со поврзувањето на новата водоводна линија (примарна и секундарна) и резервоарот со пречистителната станица во најблиска иднина ќе се врши третман кој ќе биде економски прифатлиц а ќе се се заштити и сливното подрачје на езерото, а посебно делот под пречистителната станаица на Ратевска река.

Како главни акции кои би требало да се преземат во иднина со цел решавање на постојните проблеми за подобрување на одведувањето и третманот на отпадните води се:

1. Доизградба на селските канализации;

2. Изградба на пречистителни станици за отпадни води во селските населби кои не се опфатени со ПСОВ;

3. Рекоснтрукција на атмосверските канали во градот;

5. Санација на постоечката фекална канализација во градот;

6. Континуирано следење и контрола на квалитетот на отпадните води.

Во одделениeто за канализација работат 2 работници .

Должината на канализациониот систем е 22860 м со профил од ф100-ф400 изработен од азбест-цемент и пластика во чиј состав влегува:

А) Колекторски систем надвор од населено место (колекторски систем Берово и колекторски систем од с.Русиново)

Б) Канализационен систем во населено место (Берово и с. Русиново)

Опремата за чистење и отпушување на канализациониот систем се состои од сајла ф18 со должина од 20 м и приклучна пумпа со специјална намена за отпишување на канализациони системи.

Вкупно во 2022 година се извршени 35 интервенции на главниот цековод и 42 интервенции на цевководот од индивидуалните куќи и правните субјекти, 1 интервенција на главниот колекторски цевковод Берово – ПСОВ (сл.1) и 1 интервенција на колекторскиот цевковод Владимирово- ПСОВ сл.2), поради доток и излевање на реките до колекторскиот цевковод .[26]

Во 2022 година ПСОВ има преработено вкупно 851763 м³ отпадна вода или во просек 70963 м³ месечно а потрошувачката на електрична енергија е вкупно 207324 KWh или во просек 17277 KWh месечно.

Управување со отпад

[26] хттпс://јпкруслуга-берово.цом.мк/репортс.хтмл

Во градот Берово цврстиот комунален отпад организирано се собира од страна на ЈПКР Услуга, со возилата со кои располага Во 2022 година отпадот кој се собира и транспортира до депонијата од домаќинствата, фирмите и дуќаните го извршуваат 16 работници распоредени на четири возила од кои сите се специјални возила наменети за собирање и транспотрирање на отпад РЕНАУЛТ произведени 2000 година и 2001 година, МЕРЦЕДЕС од 2004 и Ивеко 2020 година 2 броја.

Собирањето транспортирањето и депонирањето на сметот се врши по програмски план секој работен ден како и сите саботи но и за време на празниците. Во градот Берово празнењето на контенерите и семејните канти се врши редовно и во согласност со изготвениот распоред по денови и улици. Во останатите селски населби Владимирово, Русиново, Ратево, Смојмирово, Мачево, Будинарци, Митрашинци и Двориште собирањето и транспортирањето на отпадот до депонијата го вршиме еднаш неделно според изготвен распоред по денови. Комуналниот отпад се собира и од туристичката населба Абланица, Беровското ЕзероБраната и Суви Лаки тоа еднаш неделно.

Остатокот од отпадот е градежен шут и отпад од бела техника за домаќинствата кој, исто така, се депонира на постојната депонија, но и на дивите депонии од страна на граѓаните кои имаат обврска тој вид на отпад да го одложуваат на постојната депонија.

Покриеноста за собирање и транспортирање на комунален отпад во Општина Берово е 100%.

За подобрување на сликата и почиста средина во соработка со Општина Берово околу контејнерите на неколку места се поставени решетки за контејнерите и тоа во градот Берово и на некои места во селските населби.

Дел од отпадот се и селектира и тоа во соработка со Пакомак и тоа во селекција на стакло (зелена боја) , а беа поставени и звона за собирање на пластика.

Општината има депонија за изумрени животни која ја користи Малеш Бреза (поранешен ЗИК Малеш), нема депонија за медицински отпад меѓутоа Здравниот дом има организиран транспорт и собирање на медицинскиот отпад од лиценцирана фирма, која ја користат и ПЗУ. Градот располага со привремена градска депонија наречена „Иљадин Валог”, која е лоцирана во месноста Увин Валог, во непосредна близина на градот, односно на околу 3 км од него.

Привремената депонија не ги задоволува минималните санитарни стандарди и прописи. Нема никаква инфраструктура (вода, електрична енергија), нема средства за дезинфекција, јама за пцовисани животни и др. Отпадот се трупа без никаков третман (само се нивелира и се затрупува со земја и песок). Индустриskиот отпад се депонира на истата локација (Увин Валог и во диви депонии).

Заштита на почвите

Географско-килматски услови во општината Берово го одредуваат карактерот на земјоделско-сточарско стопанство. Употребата на агрохмиски сретства и мелиоративни системи во земјоделието дава поизразени економски ефекти, но од друга страна нивната прекумерна употреба има низа негативни ефекти. Имено, примената на хемиски материи во процесот на земјоделско производство, преносот и депонирањето на отровни материи и влијанието на загадениот воздух и води кои се применуваат за наводнување, имаат влијание врз хемискиот

состав на почвата. Промената на хемискиот состав негативно се одразува врз нејзините еколошки и економски вредности. Хемиското загадување на земјиштето се реперкуира врз квалитетот и продуктивноста на почвата, квалитетот и кванитетот на производството и индиректно врз квалитетот на водите и воздухот.

Причини за деградирање на почвениот слој освен ерозивните процеси, уништување на шумскиот фонд и оголување на земјиштето, повремени поплави од реката Брегалница, која е само на 2км од својот тек е регулирана со корито, се и промените во физичко-хемиската структура на почвите под влијание на прекумерна и несоодветна употреба на агрохемиски сретства, како и со таложење на седименти од загадениот воздух.

Мерките за заштита на земјоделското земјиште се различни зависно од изворот и начинот на загадување, така на пример загадувањето од агрохемикалиите успешно се контролира со строга употреба и висока едукација на земјоделските производители и воведување на систем на контрола на почвата и зем. производи од контаминации со штетни материи и употреба на агрохемикалии. Загадувањата од индустријата преку вода, почва, воздух и сл. се разрешува со вградување со исправни системи за пречистување на ефлуентите и контрола од надлежни и компетентни државни органи за заштита на животна средина.

Значајно поголемо внимание треба да се посвети на домашните суровини за фертиригација на почвата од два аспекта: економски и еколошки. Во контекст на тоа е и системот на рециклажи, компостирања, полуферментирања на органски отпадни материи. Со оглед на веќе постојните и можни планирани сточарски фарми во општината, постои можноста од зголемување на отпадот од сточарско производство и преработки.

За спречување на штетните влијанија на хемиските препарати и вештачки ѓубрива врз животната средина се препорачува ориентација кон примена на биотехнологии, односно употреба на био-пестициди и органски ѓубрива за добивање на еколошки чисти и здрави производи.

Заштита на шумите

Шумите имаат стопанско и економско значење (производство на дрвна маса и финални производи), овозможуваат заштита од ерозија, спречување на штетни последици од загаден воздух, поплави, производство на секундарни производи (печурки, бобинки и др), влијаат врз развој на туризмот, ловот и рекреацијата. Значајни се за одржување на биодиверзитетот, особено некои видови дивеч кои се заштитени. Уништувањето на полезаштитните појаси значи нарушен животен простор на многу видови инсекти, габи, растенија, птици, влекачи. Шумите се модификатори на климатските карактеристики преку микроклиматските промени кои може да го предизвикуваат, така да нивното уништување доведува и до влошување на микроклиматските услови. Шумите имаат позитивно влијание врз здравјето на човекот, животната средина и воопшто квалитетот на живеењето.

Природните услови кои владеат на овој простор условиле појава на шуми од бука, шуми од бука-плоскач-јасика како и развој на белиот бор, црниот бор, дуглазијата, шуми од даб плоскач и даб цер, шуми од бел бор. Ерозивните процеси немаат голем интензитет кој би имал штетно влијаније на просторот. Главни еколошки проблеми кои се идентификувани на подрачјето на општина Берово поврзани со шумите се:

1. Оштетување на шумите главно поради елементарни непогоди, снегот и ветерот, пожари и болести,

2.  Сушење на дабот и јасикатапоради природни фактори и инсектиподкорници,

3. Сечење и уништување на шумите главно поради законско и незаконско сечење на шуми и спаша на стока во млада шума.

За заштита на шумските појаси во Општината како исклучително значаен екосистем, се препорачуваат следните акции:

1. Заштита од пожари-превентивни мерки: воспитни, информативни пропагандни мерки и пресупресивни мерки,

2. Заштита од растителни болести и штетници се: одстранување на заболените нападнати стебла, нивно извезување, спалување или третирање со хемиски средства, штетни инсекти и габни заболувања,

3. Заштита на земјата од ерозија се препорачува да не се нарушува склопот на насади под граница која гарантира заштита на површинска и линиска ерозија,

4. Заштита од добиток и дивеч, на насадите кои се во тек на обновување.

Природно наследство

Човекот како дел од природата и главен протагонист во процесите на нејзината трансформација, не може да се откаже од своето право на делување и прилагодување на природата за задоволување на своите потреби. За таа цел мора да се воспоставува на одредени рамки и насоки на неговото делување, заштитата на природните вредности при изработката на просторни и урбанистичките планови во сите нивоа и фази на планирање и донесување.

Како главни еколошки проблеми кои се идентификувани во подрачјето на природното наследство се следниве:

1. Реализација на планската документација,

2. Бесправна градба,

3. Загадување од индустриските капацитети,

4. Загадување од сообраќајниотсистем.

Главни извори кои ги предизвикуваат претходно утврдените проблеми се:

1. Непочитување на законска регулативе и планската документација

2.  Недоволно финансиски средства за реализација на плановите

3.  Лошо функционирање и корумпираност на инспекциските служби

4.  Отсуство на третман на отпадни технолошки воид и користење на застарени технологии

5. Недоволна проточност на сообраќајниците, застареност на моторните возила и недоволно јавни површини за паркирање.

Како акции кои би требало да се преземат во иднина со цел подобрување на еколошката сотојба во делот на влијанието на човекот се:

1. Доследна реализација на решенијата и насоките од урбанистичките планови,

2. Функционирање на градежните инспекциските служби во доменот на реализација на техничката документација за градба,

3. Мерки за спречување на бесправната изградба на објекти,

4. Вградување на даночни олеснувања за индустриските претпријатија чии програми базираат на еколошки чисти технологии, рециклажа користење на обновливи енергенси,

5. Стимулирање на набавка на еколошки моторни возила,

6. Изградба на паркинг простори во централното градско подрачје,

7. Изработка на стратегија за зголемување на јавни зелените површини, и нивно уредување и заштита.

**Енергетска ефикасност**

Во Општина Берово постои значителен потенцијал за зголемување на енергетската ефикасност во објекти кои се под нејзина ингереција, како што се основните училишта, административните објекти, јавното осветление и други целни групи. Финансиските трошоци за покривање на потребите за енергија заземаат голем дел од буџетот на општината. Со цел да се намалат финансиските трошоци и потрошувачката на енергија и да се подобрат внатрешните услови на објектите за образование, култура и општинска администрација од една страна и јавното осветление и возниот парк од друга страна, потребно е истите да се реконструираат, целосно или делумно, и во нив да се применат предвидените мерки за енергетска ефикасност.

Главната цел на Програмата за Енергетска Ефикасност (ОПЕЕ) на Општина Берово е да се намали потрошувачката на енергија во објектите под општинска управа и јавното осветление во општината, а со тоа да се подобри економијата во неа. Освен тоа, се очекува спроведувањето на ОПЕЕ да влијае на состојбата на општината на следниве начини:

Обновени енергетски системи и објекти;

Подобрени санитарни услови и зголемена продуктивност; и

Зголемена свест за енергетски заштеди кај одговорните лица во општината кои донесуваат одлуки, извршителите и крајните потрошувачи.

Намалувањето на потрошувачката на енергија исто така позитивно ќе влијае на животната средина, бидејќи со тоа ќе се намалат штетните емисии од согорување на фосилни горива.

Општина Берово не располага со сопствени енергетски извори. Снабдувањето со електрична енергија се врши од електроенергетскиот систем на Република Македонија и сите населени места се снабдени со стабилен напон од електроенергетската мрежа. Снабдувањето на општина Берово се врши преку трансформаторската станица ТС Берово која се снабдува преку трафостаниците ТС Делчево и ТС Радовиш.

Напојувањето со електрична енергија на општината се врши преку неколку напојни постројки - трафостаници кои се распределени низ територијата на општината.

За снабдување со топлинска енергија најголем број од објектите во општината ги користат услугите на ЈП Македонски шуми - подружница Малешево за набавка на огревно дрво и неколку снабдувачи за – екстра лесно масло за ложење ЕЛ1.

Генерално, објектите се загреваат на огревно дрво со помош на индивидуални печки, при што во секоја работна просторија има по една печка. Половината од објектите располагаат со сопствен систем за централно загревање, додека останатите објекти располагаат со печки (адаптирани буриња), кои во многу објекти не ги исполнуваа ниту основните стандарди. Препорака е во останатите објекти да се направи систем за греење на пелети, со цел да се подобри комфорот во објектите.

Големиот број на сончеви денови во годината, нудат можности за искористување на обновливи извори на енергија во овој регион. Општината има потенцијал да развива и користи алтернативни извори на енергија, во најголем дел сончева енергија.

Спроведените анализи ги дадоа следните резултати:

- Енергетските контроли со пилот проектите, укажуваат дека потенцијалот за заштеда во општинските објекти е помеѓу 4% и 59%;

- Предложените инвестиции за пилот проектите се движат од 200000 денари до 11000000 денари, а пресметаното време за враќање на инвестициите е во ранг од 4 до над 50 години.

Постојат повеќе пречки за развој на енергетската ефикасност во општината, меѓу кои најзначајни се:

Институционални пречки

o Повеќе се потенцираат краткорочни активности, а не долгорочно планирање на активности за енергетска ефикасност;

o Непостоење на систем за следење на потрошувачката во реално време.

Правни/ Финансиски бариери

o Малиот буџет на општината го отежнува планирањето за обнова или за спроведување на мерки за заштеда на енергија;

o Тешко се пристапува кон надворешни фондови за потребите на енергетска ефикасност;

o На општините досега не им е дозволено да се задолжуваат кај финансиските институции, без претходна согласност на Централната власт;

o Високите каматни стапки ги отежнуваат инвестициите за обнова и за примена на мерки за енергетска ефикасност и во случајот кога општината може да се пријави за добивање на кредит;

o Нејасните имотни права (државен имот/локален имот) ги отежнуваат гаранциите за кредити.

Во рамките на активностите во општината, акцентот се става на тоа како да се надминат пречките за да се подобри енергетската ефикасност.

**Програмот за енергетска ефикасност** на општините е законска обврска која произлегува од Законот за енергетика. Советот на општината, на предлог на градоначалникот, а по претходно мислење од Агенцијата за енергетика, донесува програма за енергетска ефикасност што се однесува за период од три години.

Општина Берово посвети големо внимание на обезбедување на точни и детални податоци за нивото на потрошувачка на енергија во сите објекти кои се во сопственост на општината, како и за сите светилки кои се во нејзиниот атар. Со изработката на програмата, покрај исполнувањето на законската обврска која произлегува од Законот за енергетика, покрај другото се остварува и:

Точен увид во состојбата на објектите за кои се добиени податоци,

состојба на обвивката/фасадата на објектите,

состојба на покривната конструкција,

состојба на прозорците,

состојбата на инсталацијата за греење,

состојбата со нивото на осветлувањето

Точно дефинирање на потребните мерки за зголемување на енергетската ефикасност,

Примена на обновливи извори на енергија

Точен увид во состојбата на јавното осветлување

Точен увид во состојбата на возниот парк

Под управа на Општина Берово има 26 објекти: 3 административни објекти, 1 средно училиште, 9 основни училишта, 4 градинки, 1 дом за згрижување на стари лица, 2 културни објекти, 1 дом на пртоивпожарната бригада, 1 спортски објект и 1 јавно претпријатие со 4 објекти.

Во следната табела се дадени објектите кои се во надлежност на општината:

| **ОБЈЕКТ** | **Локација** | **Грејна површина** |
|---|---|---|
| **Административни објекти** | | **[$m^2$]** |

| | | |
|---|---|---|
| Општинска зграда | Берово | 1060 |
| Мала зграда - проектна | Берово | 189 |
| **Основни училишта** | | **[$m^2$]** |
| ОСУ „Ацо Русковски“ | Берово | 3.685 |
| ОУ „Н П - Русински“ | Русиново | 1.077 |
| ООУ „Д И Малешевски“ | Берово | 3.800 |
| ПУ „Д И Малешевски“ | с. Мачево | 185 |
| ПУ „Д И Малешевски“ | с. Митрашинци | 806 |
| ПУ „Д И Малешевски“ | с. Смојмирово | 300 |
| ПУ „Д И Малешевски“ | с. Владимирово | 370 |
| ПУ „Д И Малешевски“ | с. Будинарци | 762 |
| ПУ „Д И Малешевски“ | с. Двориште | 632 |
| ПУ „Д И Малешевски“ | с. Ратево | 371 |
| **Социјална грижа** | | **[$m^2$]** |
| ОЈУДГ „23 Август“ | Берово | 1.280 |
| ОЈУДГ „23 Август“ | с. Митрашинци | 80 |
| ОЈУДГ „23 Август“ | с. Русиново | 1.028 |
| ОЈУДГ „23 Август“ | с. Будинарци | 62 |
| ОЈУСЗСЛ Д-р Иван Влашки | Берово | 357 |
| **Култура** | | **[$m^2$]** |
| Музеј на град Берово | Берово | / |
| Дом на кул. „Д. Беровски“ | Берово | 305 |
| **Општински услуги** | | **[$m^2$]** |
| ЈПКР „Услуга“ - админ. | Берово | 150 |
| ЈПКР „Услуга“ – Ф.станица | Берово | / |
| ЈПКР „Услуга“ – П. станица | Берово | / |
| ЈПКР „Услуга“ С. двор | Берово | 120 |
| Противпожарен Дом | Берово | / |
| Пречис. станица-админ | с. Мачево | 100 |
| Пречис. станица-ОЗ | с. Мачево | (282м2) |

| | | |
|---|---|---|
| Бизнис Инкубатор | Берово | (835м2) |
| **Спортски објекти** | | **[m$^2$]** |
| Спортска сала „Македонски бранители“ | Берово | 1.610 |

**Табела 20 Објекти кои се во надлежности на Општина Берово**

Стратешките цели на општината се фокусирани на подобрување на инфраструктурата и условите во образованието и културата во општината. Притоа, општината се грижи за подобрување и унапредување на животната средина и условите на живот на нејзините граѓани, намалување на невработеноста и развој на локалната економија.

Да се подобри внатрешната комфор во работните простории од зградите;

Градење на капацитет / знаење во општината – Формиран тим за спроведување на програмата;

Поставување / воведување на програм за следење / мониторинг на користење на енергија во сите објекти;

Имплементација на демо проектите (зависи од изнаоѓање на извори на финансирање);

Подигнување на јавната свест за рационално користење на енергијата во регионот и поголема енергетска ефикасност во државните и општинските институции;

Намалување на трошоците за енергија во државните и општинските институции со цел заштеда на енергија и економски придобивки;

Формирање на фонд за поддршка на проекти од областа на обновлива енергија;

Формирање на лоби група од претставници на граѓанскиот сектор, медиуми и експерти за поддршка на иновативни проекти од страна на локалната и централната власт кои се однесуваат на енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија.

Проценка за големината на заштеда на енергија со мерки за енергетска ефикасност

Општината има значителен потенцијал за примена на мерки за зголемување на енергетската ефикасност. При очекувано зголемување на цените на енергенсите на локалниот и регионален пазар, како и очекуваниот пораст на населението, потрошувачката на енергија во наредниот период во споредба со сегашното ниво се очекува да расте со стапка од приближно 2% на годишно ниво. Овој раст на потрошувачка може да се намали со воведување на мерки за енергетска ефикасност.

**Вкупно заштедена енергија со сите предвидени мерки е**

**1281016 kWh/god = 0.1101 ktoe**

**што претставува 2,98% од вкупно предвидениот ниво на заштедена енергија во 2018 година согласно Националниот Акционен План за Енергетска Ефикасност во јавниот сектор.**

Проценката за нивото на потрошувачка на енергија (топлинска и електрична) во општината без спроведување и со спроведување на мерки за енергетска ефикасност во периодот 2019 – 2021 година, прикажана е на следниот график. Во Програмата е обработен 3 годишниот период т.е. 2019-2021 година.

Со изработката на следниот тригодишен план, овој тренд може да се намали и дури да се обезбеди и натамошно смалување на потрошувачката на енергија.




Слика 1 Проценет развој на потрошувачката на енергија во период од 2019 до 2021 година

Проценката е усогласена со предвидувањата од Стратегијата за развој на енергетиката на Македонија до 2030 година, а се базира на податоците за потрошувачката на енергија во објектите на општината во 2018 година и на очекуваниот економски развој во општината.

Вкупната потрошувачка на енергија, без примена на мерките за енергетска ефикасност, се очекува да се зголеми за 265 MWh до 2021 година (сината линија го покажува очекуваниот развој на годишната потрошувачка на енергија во Општина Берово). Со употреба на мерки е прикажано смалувањето на потрошувачката на енергија во анализираниот период (зелена линија кога не се зема во предвид зголемувањето на потрошувачката на енергија, а црвена линија ако се земе во предвид можно континуирано зголемување на потрошувачката на енергија за 2% годишно).

Според направените прогнози врз база на предвидениот раст на цената на енергенсите и како и севкупниот локалниот економски раст во општината, се заклучува дека заштедата на енергија помеѓу двете алтернативи (без и со зголемување на потрошувачката на енергија за 2% годишно) во 2021 година би изнесувала околу 476 MWh според погоре прикажаниот график.




Слика 2 Потенцијал за енергетска ефикасност во јавните објекти во Општина Берово

Нивото на смалување на потрошувачката на енергија, во однос на сегашната потрошувачка, изнесува 29,5 % преку примена на сите мерки за енергетска ефикасност предвидени во оваа програма.




Слика 3 Енергетски заштеди што ги произведува комерцијалниот и услужниот сектор според Националниот акциски план за енергетска ефикасност на Македонија

На графикот се прикажани Енергетски заштеди што ги произведува комерцијалниот и услужниот сектор според Националниот акциски план за енергетска ефикасност на Македонија, за да може

да се направи споредба на предвидените енергетски заштеди во Општина Берово за периодот од 2019 до 2021 година.[27]

**Обновливи извори на енергија**

Во Општина Берово повеќе години наназад сонцето и водата се користат како обновливи извори за добивање на енергија. Веќе неколку години е инсталирана пробна ветерница преку Агенцијата за енергетика за можостите и капацитетите за користење на ветрот за добивање на енергија во атарот на с. Мачево.

На подрачјето на Општина Берово функционираат неколку фотоволтаични централи скои се дадени подолу. Во тек се и неколку постапки за добивање на дозволи.

Исто така на водотеци на клепалска и заменичка река се инсталирани мали хидроцентрали.

Во општината има инсталирани и неколку капацитети за кои има суроивина за производство на брикети и пелети, и во најава има дека ќе се отворат дополнителни со што овој вид на енергенси ќе ги зголеми производните капацитети.

Може да се каже дека можностите за искористување на обновливите извори на енергија (вода, ветар, сонце и дрво) не се целосно искористени во општината, односно потенцијалот за можноста на нивно искористување е уште поголем.

**Примена на обновливи извори на енергија**

Со цел да се одреди можноста за примена на обновливите извори на енергија во Општина Берово потребно е да се пресмета техничкиот потенцијал за искористување на истите.

Производството на електрична енергија од сонце може да се добие преку податоците за годишното просечно сончево зрачење на територијата на општината.

| **Локација** | Јан | Фев | Март | Апр | Мај | Јуни | Јули | Авг | Сеп | Окт | Ное | Дек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Општина Берово** | 1.93 | 2.63 | 3.82 | 4.51 | 5.72 | 6.88 | 6.98 | 6.04 | 4.49 | 3.15 | 1.96 | 1.54 |

**Табела 21 Просечно глобално сончево зрачење (kWh/m2, дневно) на рамна површина**

Според условите на географскиот појас, во кој се поставени метеоролошките станици, енергијата од вкупното годишно сончево зрачење се движи околу 1250 [kWh/$m^2$].

[27] Програмаза енергетска ефикасност хттпс://берово.гов.мк/њп-контент/уплоадс/2020/12/Програма-за-енергетска-ефикасност-2019-2021.пдф

За да се пресмета добивката на електрична енергија од сонце на ниво на Општина Берово, во пресметката се земаат можностите за техничко изведување на системите за искористување на сончевата енергија. За таа цел, за техничко изводлива површина се сметаат површините на покривите на објектите во владение на општината коишто имаат јужна и југоисточна поставеност.

При одредувањето на технички изводливата површина мора да се внимава на растојанието кое е потребно да се остави помеѓу групациите со модули, поради овозможување на непречено движење и одржување на истите. Тоа растојание треба да изнесува минимум 60cm.

| **Инсталирање на сончеви фотоволтаични колектори** | | | |
|---|---|---|---|
| **ОБЈЕКТ** | **Локација** | **Грејна површина** | **Технички изводлива површина** |
| **Административни објекти** | | **[m$^2$]** | **[m$^2$]** |
| Општинска зграда | Берово | 1060 | 133 |
| Мала зграда - проектна | Берово | 189 | 24 |
| **Основни училишта** | | **[m$^2$]** | **[m$^2$]** |
| ОСУ „Ацо Русковски“ | Берово | 3685 | 461 |
| ОУ „Н П - Русински“ | Русиново | 1077 | 90 |
| ООУ „Д И Малешевски“ | Берово | 3800 | 317 |
| ПУ „Д И Малешевски“ | с. Мачево | 185 | 46 |
| ПУ „Д И Малешевски“ | с. Митрашинци | 806 | 202 |
| ПУ „Д И Малешевски“ | с. Смојмирово | 300 | 75 |
| ПУ „Д И Малешевски“ | с. Владимирово | 370 | 93 |
| ПУ „Д И Малешевски“ | с. Будинарци | 762 | 95 |
| ПУ „Д  И Малешевски“ | с. Двориште | 632 | 79 |
| ПУ „Д И Малешевски“ | с. Ратево | 371 | 46 |
| **Социјална грижа** | | **[m$^2$]** | **[m$^2$]** |
| ОЈУДГ „23 Август“ | Берово | 1280 | 320 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ОЈУДГ „23 Август“ | с. Митрашинци | 80 | 20 |
| ОЈУДГ „23 Август“ | с. Русиново | 1028 | 257 |
| ОЈУДГ „23 Август“ | с. Будинарци | 62 | 31 |
| ОЈУСЗСЛ Д-р Иван Влашки | Берово | 357 | 89 |
| **Култура** | | **[m²]** | **[m²]** |
| Музеј на град Берово | Берово | 200 | 50 |
| Дом на кул. „Д. Беровски“ | Берово | 305 | 76 |
| **Општински услуги** | | **[m²]** | **[m²]** |
| ЈПКР „Услуга“ - админ. | Берово | 150 | 38 |
| ЈПКР „Услуга“ – Ф.станица | Берово | 140 | 35 |
| ЈПКР „Услуга“ – П. станица | Берово | / | |
| ЈПКР „Услуга“ С. двор | Берово | 120 | 30 |
| Противпожарен Дом | Берово | 60 | 15 |
| Пречис. станица-админ | с. Мачево | 100 | 25 |
| Пречис. станица-ОЗ | с. Мачево | (282м2) | |
| Бизнис Инкубатор | Берово | 835 | 209 |
| **Спортски објекти** | | **[m²]** | **[m²]** |
| Спортска сала „Македонски бранители“ | Берово | 1610 | 805 |
| **ВКУПНО** | | | **3659** |

**Табела 22 Површина на покривни површини на објектите во владение на Општина Берово**

| | | | Ед.мерка |
|---|---|---|---|
| 1 | Површина на фотоволтаичен систем | 2 | [m²] |
| 2 | Просечно годишно сончево зрачење на површина | 1240 | [kWh/m² god] |
| 3 | Коефициент на искористување на фотоволтаичниот панел | 17.2% | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4 | Просечно годишно производство на електрична енергија од панелот (4=1*2*3/100 [kWh/god]) | 427 | [kWh/god] |
| 5 | Цена на електрична енергија | 3.57 | [MKD/kWh] |
| 6 | Финансиски добивки од произведена електрична енергија од панелот | 1523 | [den/god] |
| 7 | Финансиски добивки од произведена електрична енергија од панелот | 24.8 | [EUR/god] |
| 8 | Цена на систем со 2 $m^2$ (cca 255 W) | 10978 | [MKD] |
| 9 | Поврат на финансиски средства | 7.21 | [god] |

**Табела 23 Пресметка на елементарен фотоволтаичен систем без батериска поддршка**

Цената на фотоволтаичните панелни системи (без батерии) во моментов се движи на нивото од 700 EUR/kW.

Според горенаведената пресметка, периодот на поврат на вложените средства од систем за производство на електрична енергија од фотоволтаични панели е прилично атрактивен.

Наш предлог е инсталирањето на овие системи, доколку за тоа постојат финансиски можности, да се врши во оние објекти кои имаат висока потрошувачка на електрична енергија, односно кај објектите во кои се користат уреди и апарати со поголема инсталирана моќност.

**ПОСТАВЕНИ ФОТОВОЛТАИЦИ**

**НА КРОВ НА ДЕЛОВНИ и СТАНБЕНО ДЕЛОВНИ ОБЈЕКТИ**

1. Трено Комерц Берово 20 KW
2. БЦ Транском Панел с.Ратево 40 KW
3. БОХИ дооел с. Будинарци 20 KW
4. ХУТД Хотел МАНАСТИР Берово 40 KW
5. ГРАФОПРОМЕТ дооел Берово 40 KW

**НА КРОВ НА СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ**

1. ВИКТОР ЈОВАНОВ Берово 6 KW
2. ГОРАН ПАРМАЧКИ с.Будинарци 6 KW

**ПОСТАВЕНИ НА КРОВ - СО РЕШЕНИЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ**

1. АД АЛКАЛОИД Берово 516 KW
2. ПОЛОТЕК ДОО Берово 100 KW
3. ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА 30 KW
4. БЕТЕКС ТМ дооел Берово 40 KW

5. ОСНОВНО УЛИЛИШТЕ Берово 5 KW

6. БЕМАР ФРУТ с.Смојмирово 40 KW

7. СРЕДНО УЧИЛИШТЕ Берово 10 KW

8. ГРАФОПРОМЕТ дооел Берово 67 KW

**ПОСТАВЕНИ ЗА ЗЕМЈА - СО ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ**

1. ЗО ЈА СОЛАР Берово 600 KW

2. ЗО ЈА СОЛАР Берово 418 KW

3. АВ СОЛАР 2001 Берово 704 KW

4. АВ СОЛАР 2001 Берово 1.000 KW - 1.0 MW

5. ЕЛЕКТРОВОЛТ доо Струмица 1.440 KW - 1.44 MW

6. ФОТОВОЛТ МЕ Струмица 1,019 KW - 1.02 MW

7. МАЛЕШ ЕНЕРГИЈА Скопје 1.262 KW - 1.26 MW

8. ОСПОЛ ЕНЕРГИЈА Скопје 1.619 KW - 1.62 MW

9. БОТИБО дооел Скопје 260 KW

10. СОЛАР ЕНЕРЏИ доо Скопје 786 KW

**ИЗДАДЕНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДЕЊЕ НА ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ**

1. ПАНЕЛ 23 дооел Скопје 616 KW

2. ЕЛЕКТРОВОЛТ доо Струмица 1.000 KW - 1.0 MW

3. МАЛЕШ ЕНЕРГИЈА 2 Скопје 439 KW

4. ФОТОВОЛТ МЕ Струмица 2.762 KW - 2.76 MW

5. АММ ЕНЕРГИЈА Скопје 4.349 KW - 4.35 MW

6. СОЛАР ПАУЕР СОЛУТИОН Скопје 674 KW

**<u>Безбедност и сигурност во заедницата</u>**

**Процена на постенцијални ризици по заедницата**

**СЕКТОРСКИАНАЛИЗИ**

**<u>Безбедност и сигурност во заедницата</u>**

**Процена на постенцијални ризици по заедницата**

Начинот на проценување на опасностите во случај на природни непогоди, епидемии и други несреќи се заснива на реални процени на можната загрозеност на вработените, објектите и инфраструктурата при што се поаѓа од најтешките варијанти и можни предвидувања за природни непогоди епидемии и други несреќи, можностите за примена на мерките за заштита, расположивите сили за спасување на вработените и материјалните добра, како и отстранување на последиците од природните непогоди, епидемии и други несреќи.

**Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи во Општина Берово** е изготвен во 2023 година.

Документот ги дава следните проценки на загрозеност:

1.Процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи

2.План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи:

2.1.Заеднички документи

- План за евакуација

- План за заштита и спасување од пожари

- План за прва медицинска помош

2.2.Посебни документи

-Преглед на силите за заштита и спасување (припадници и МТС)

-Дневник за активностите во заштитата и спасувањето

-Работни карти за следење на состојбата

**Планови за заштита**

Загрозеност од земјотреси, урнатини

Територијата на општина Берово не спаѓа во загрозените подрачја од земјотреси и не се предвидуваат земјотреси со разорни ефекти но можни се тектонски движења со помал интензитет.

Според Сеизмолошкиот Завод Скопје и Геолошката карта, градот Берово е лоциран на (карпест предел) од (палеозојски карпи) со структури како антиклинориуми и синклинориуми кои припаѓаат на родопската зона. За ова подрачје со посебно внимание треба да се гледа кон скопското сеизмичко подрачје поради неговата близина од 150км со најголем случен земјотрес на 26 јули 1963 со магнитуда од 6,1 Mw на  длабочина од 6 км бидејки протегањето на сеизмоактивниот фактор е во правец североисток-југозапад на кој се можни афтоктони движења.

На подрачјето на општината нема сеизмички жаришта, но се пренесуваат од соседните жаришта. Според скалата на МЦС (Меркали-Цанцани-Свеберг) на подрачјето на општината се можни земјотреси од прв до четврт степен што не значи дека не се можни земјотреси од петти степен па и поголеми.

Загрозеност од снежни навеви, лавини и луњи

Снежните навеви, лавини и луњи, како природни мететролошки појави во зимскиот период предизвикуваат различни пореметувања на секојдневните активности на граѓаните и вработените во општината. Овие природни непогоди би предизвикале отежнато одвивање на локалниот сообраќај, физичко отежнување на надземните водови и преносната електрична мрежа, а со тоа и отежнато извршување на дејноста и секојдневните обврски на ЕЛС Берово.

Според статистичките податоци просечниот број на денови со снежна наметка во општина Берово изнесува 20-40 дена во зимскиот период, снежни врнежи кои би можеле да предизвикаат големи наноси од снег, а со тоа и затрупување на улиците и главните комуникации, а посебно потесниот центар на градот.

Иако основна задача за расчистување од снежни навеви Општина Берово ја доделува на ЈПКР-Услуга ,,Берово,, кое располага со потребна механизација и средства сепак обврска на општината е да го очисти приодниот пат и да се поврзе со главната сообраќајница.

5. Загрозеност од поплави и уривање на високи брани

Проценка на загрозеност од дејство на поплавите на територијата на Општина Берово е резултат на географско-топографските карактеристики на самата Општина, хидролошката состојба на Беровско езеро, реките, притоките и каналитево во градот, климатските особености и нивните нагли промени и наглото топење на снегот на планините и не представуваат поголема опасност за на општина Берово.

Највисок степен на ризик има за с. Ратево кое е прво на удар при пукање и хаварија на лачната бетонска брана на Беровско езеро.

Опасност од поплава постои при поројни врнежи, неисчистени и затнати природни водотеци и канали како и неисправност на канализациона и хидрантската мрежа, неисправност на вентилите, пукање на хидрантската инсталација, затнување на одводните шахти и канали.

**ПРОЦЕНА НА ОПАСНОСТ ОД ПОПЛАВИ**

**1.1. Истражување за случени поплави на подрачјето на општина Берово**

Анализите на податоците покажуват дека подрачјето на општина Берово во минатото не било зафатено од поплави кои предизвикале загуби на живот или предизвикале повреди на лица. Во минатото најчесто се поплавувало земјиштето покрај течението на реката Брегалница. Податоците за настанатите поплави на подрачјето на општина Берово се земени од ИНДОК базата на РЦУК Берово, дневните извештаи на РЦУК Берово и книгата за дежурство на РЦУК Берово.

**1.2. Определувањена потенцијалните извори на загрозување на безбедноста при појава на поплави**

Подрачјето на општина Берово располага со богат хидрографски потенцијал сочинет од сливот на реката Брегалница која еглавен реципиент за прифаќање на површинските води од Малешевскиот и Пијанечкиот регион, односно во неа се влеваат сите помали реки и водотеци од овој регион. Територијата на општината припаѓа на два различни слива и тоа на Брегалница и Струма.Поголеми притоки на Брегалница се: Пехчевска, Ратевска, Умленска, Каменичка и Џаволов дол, кои гравитираат на север кон малешевската котлина. Циронска река е притока на реката Струма. Мали делови од сливното подрачје припаѓаат на реката Осојница, која тече кон

Кочанско поле. Безгаштевска река тече на југ кон Струмичко поле и Плавија во југозападниот дел на подрачјето.

Главни причинители за појава на поплави се:

• Обилни врнежи од дожд

• Нагло топење на снег

• Неисчистени речни корита и канали

• Излевање на води од речни корита и канали заради неуреденост на истите

• Неапсорбирање на атмосферската вода во канализацијата во градот Според извршените анализи подрачјето на општината Берово може да биде изложено на поплави од:

• Поплави од излевање на реки

• Поплави од интензивни врнежи од дожд

**1.3. Проценување на веројатноста за појава на поплави**

Поплавите како природна непогода го погодуваат и подрачјето на општина Берово, меѓутоа заради одредени хидрографски и географски карактеристики на ова подрачје истите не можат да бидат од големи размери и како природна непогода не претставува голема опасност за загрозување на луѓето и материјалните средства.Исто така ридско планинскиот амбиент на општината овозможува формирање на поголем број планински водотеци, со мали сливни површини и кратки должини кои во текот на летниот период пресушуваат.

Реката Брегалница на подрачјето на општината Берово со своето течение го дели градот Берово на два дела. При обилни врнежи од дожд како главен реципиент реката го зголемува водостојот и постои веројатност од поплавување на земјоделско земјиште во атарите на селата Владимирово, Мачево, Смојмирово, како и Митрашинци, а може да дојде и до однесување на дел од земјоделската површина поради честото меандрирање на коритото на реката. Поголемиот дел од текот на реката низ градот е регулиран. При зголемување на водостојот на реката постои веројатност да бидат загрозени домовите на почеток на градотот од десната страна и куќи од левата страна на течението на реката кои се во нејзина непосредна близина и се наоѓаат покрај делот од коритото на реката кој не е регулиран.

МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОПЛАВИ

**Превентивни мерки**

Превентивните мерки ги вклучуваат сите мерки и дејствија превземени за да се спречи појава на поплави и ублажување на последиците од нивните дејства Заради спречување на негативните ефекти од излевање на водотеците при зголемен водостој се спроведуваат превентивни мерки, за заштита од поплави и тоа:

•Навремено чистење на речните корита;

•Регулација на речните корита и поројници и одржување на регулираните делови од речните корита и поројници

•Изградба на заштитни насипи на речните корита, особено на местата каде се евидентирани чести излевања;

•Одржување на отворените канали за одвод и атмосферските води во градот.

•Запознавање на населението за опасностите од појава на поплави нивно обучување и оспособување за превземање на мерки и постапки за заштита и евакуација во тие услови.

•Пополнување, обучување, оспособување на единици за заштита од поплави и тимовите за брз одговор;

•Контрола на системот за водоснабдување од загадување

•Градење инфраструктура отпорна на протекување

•Чистење на седиментацијата, градење на насипи.

•Развивање свесност за рамничарските делови дека се подложни на поплави.

•Градење куќи со цел да бидат отпорни на поплави (со водоотпорни материјали, силни темели).

Во заштитни работи исто спаѓаат и пошумување, чистење на вегетација, затревување, подигање на вештачки ливади, мелиорација и друго.

**Правилно и навремено отстранување на цврст отпад и отпадни води**

Согласно член 38 став 2 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води („Сл.Весник на РМ„ бр. 68/04........ 31/16), загадувачите се должни да ја испитуваат безбедноста на отпадните води. Затоа, сезонски се следи квапитетот на водата од река Брегалница 1 км пред испуштањето на пречистени отпадни води од пречистителната станица за отпадни води, и еден километар од испуштањето на отпадни води од пречистителната станица и ќе се процени еколошкиот ризик и ризикот за здравјето од користење на рибите, жабите и градинарските култури наводнувани со вода од реката. За оваа цел се предвидуваат да се испитаат вкупно 12 примероци вода.

**Превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација**

Согласно член 42 од Законот за заштита на населението од заразни болести (Сл. Весник на Р М. 66/04; 139/08 , 99/09,149/14,150/15 и 37/16) овластени да вршат дезинфекција, дезинсекција и дератизација на јавни установи и на други јавни површини се центрите за јавно здравје и други правни лица што ги исполнуваат бараните критериуми за вршење на ваква дејност.

Се планира да се спроведат најмалку 3 теристички прскања со водно растворливиот преперат аквакотрин. Теристичките прскања ќе се спроведат во месец Мај, во месец Јули и Август, со опфат од по 150 хектари по едно третирање, или вкупно 450 хектари, во населените места на општината. Доколку постои потреба, може да се реализира и едно авионското прскање во втората половина на јуни, со опфат од најмалку 500 хектари.

Во врска со член 42 од истиот закон, Општина БЕРОВО спроведува општа дератизација, со 100 кг. кумарински препарат. За извршување на дератизацијата се третираат вкупно 300 шахти (150 во Берово, 20 шахти во село Ратево, 45 шахти во село Русиново, по 20 шахти во Будинарци и Владимирово, 35 шахти во село Смојмирово и 10 шахти во населбата „Беровско езеро". Во секоја

од третираните 300 канализациони шахти ќе се постават по 300 грама отпорни на надворешни влијанија кумарински препарати, или вкупно 90 килограми. За превентивна дератизација на депонијата за комунален отпад ќе се постават 5 килограми кумарински блокови и 5 килограми ќе бидат поставени во кругот на пречистителната станица за отпадни води.

**Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението**

За заштита и унапредување на здравјето на населението секојдневно ќе се врши советување на лица заболени од заразна болест, за која е доставена Пријава за заразно заболување.

Редовно ќе се едуцира младото население за унапредување на сексуалното здравје.

Во зависност од случувањата ќе се спроведуват и тестирања на малигни заболувања во цревниот тракт и заразеност од заразна жолтица, бруцелоза, СИДА и други заразни заболувања.

**Противпожарна заштита**

Со Законот за пожарникарството се уредува формирањето, организирањето и дејствувањето на противпожарните единици, доброволните противпожарни здруженија, гаснењето на пожарите, како и условите за производство, ставање во употреба и одржување на уредите, опремата и средствата за гасење на пожари. Заради гаснење на пожари, спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот загрозени од пожари и експлозии, укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации, како и извршување на други работи при несреќи и непогоди, се формираат противпожарни единици. Согласно член 5 став 3 од Законот за пожрникарството, Општина Берово формира Територијална противпожарна единица, која ја покрива и територијата на Општина Пехчево. Единицата покрива 974 $км^2$ со опфатени околу 15 000 жители во две градски и 14 селски населби.

Единицата брои 16 пожарникари, од кои:

6 пожарникари спасители

4 пожарникари - возачи на специјално возило

2 пожарникари - водачи на група

4 пожарникари - командир на одделение

Противпожарната единица е организирана и опремена со соодветна, меѓутоа дел е дотраена техничка опрема и дотраени средства за гаснење на пожари, како и за извршување на другите задачи во рамките на надлежноста. Во иднина, Општината треба да има во предвид дека се работи за потрошен материјал и да обезбеди нова колективна опрема, како и нови технички средства за гаснење на пожари, со цел ефикасно и ефективно извршување на работните цели и задачи на единицата. Противпожарната единица е должна да презема мерки за гаснење на пожарот, односно отстранување на непосредната опасност за настанување на пожар, веднаш по дознавањето за настанатиот пожар или опасност за настанување на пожар. Покрај гаснењето на пожарите ТППЕ учествува и во вршењето на технички интервенции во рамките на своите можности за која цел се спроведува и соодветна обука на вработените. Единицата учествува во давање помош при елементарни непогоди и други ситуации. За сите поголеми и

покарактеристични интервенции се доставува посебна информација до градоначаникот на Општина Берово.

ТППЕ Берово има интензивна соработка со ЈП Македонски Шуми Берово, ЈКПР „УСЛУГА“ Берово, Водостопанство Берово, ЕВН Македонија, Дирекција за заштита и спасување Подрачно Одделение Берово, Центар за управување со кризи Берово, ОВР Берово и Граничната и Шумската полиција, со цел спречување на настанување на поголеми штетни последици по граѓаните и материјалните добра во Општината.

Со вршењето на редовни контроли командирот има постојан увид во однесувањето, изгледот и работната дисциплина на вработените при извршувањето на работните задачи. Проверката на возилата задолжително ја прави секоја смена.

Ажурирањето на планот за мобилизација и на картотеката на улици и објекти како и хидрантската мрежа се врши постојано од страна на командирот на ТППЕ.

Работното време во ТППЕ Берово е организирано во 24 часовно дежурство на смени од по 12 часа. Единицата располага со 2 авто–цистерни ФАП 14/14 и ФАП 1921 со носивост од 7.000 l вода, 1 теренско возило Бремач со носивост од 2.000 l вода, една автоцистерна ФОРД ТРАК со носивост од 6000 l вода и 1 теренско возило Опел Фронтера. Редовно се одржуваат контакти со противпожарните единици од соседните општини за поголема соработка на сите нивоа од противпожарната заштита.

Територијалната противпожарна единица во 2022 година учествуваше во 88 интервенции на територија на Општина Берово, 15 интервенции на територија на Општина Пехчево, односно вкупно 103 интервенции. Во сите интервенции, вкупно 103 пати е извршено излез и интервенција со противпожарните возила. Интервенциите кои се извршени од страна на вработените во Територијалната противпожарна единица Општина Берово се покриени со вкупно 263 пожарникари. Бројот на други учесници во интервенциите изнесува 225 лица. ТППЕ Берово расплага со опрема за спасување од сообраќајни незгоди и за истата имаат редовни вежби. Со опремата се извршени неколку интервенции за извлекување од возила на патници.